
МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН

Свети Николе




ТЕМА:

ЗАКОНСКОТО НАСЛЕДУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА - ЗАЕДНИЧКИ ОСОБИНИ И РАЗЛИКИ ВО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВЕН И ПРОЦЕСНО ПРАВЕН АСПЕКТ

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

ПРЕДМЕТ:

ГРАЃАНСКО СПОРЕДБЕНО ПРАВО

Ментор/предметен наставник,
Проф. Др Александар Илиевски

Кандидат,
Наташка Атанасовска

Свети Николе, јули 2021 година

**СОДРЖИНА**


ВОВЕД ..... 6

1. ПОИМ ЗА НАСЛЕДУВАЊЕ .....8

1.1 Основи за наследување ..... 9

1.2.Претпоставки за наследување.....9

2. ЗАКОНСКО НАСЛЕДУВАЊЕ .....12

2.1.Поим за законско наследување.....12

2..2 Определување на законските наследници - наследни редови ..... 13

2.3. Општо прифатени системи за наследување..... 13

3. СИСТЕМИТЕ НА НАСЛЕДУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА С.МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА СРБИЈА .....16

4. МАТЕРИЈАЛЕН АСПЕКТ НА ЗАКОНСКОТО НАСЛЕДУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА СРБИЈА ..... 19

4.1. Законско наследување во Република С.Македонија..... 20

4.1.1. Карактеристики на законското наследување во Република С. Македонија .....21

4.1.2. Формирање на наследните редови .....25

4.1.2.1 Првиот наследен ред во македонското позитивно право .....26

4.1.2.2.Вториот наследен ред во македонското позитивно право .....29

4.1.2.3. Третиот наследен ред во македонското позитивно право .....33

4.2.. Законско наследување во Република Србија .....37

4.2.1. Карактеристики на законскот наследување во Република Србија.....37

4.2.2. Формирање на законските наследни редови во Република Србија .....40

4.2.2.1. Прв наследен ред во српското позитивно право .....41

4.2.2.2. Втор наследен ред во српското позитивно право .....43

4.2.2.3. Трет наследен ред во српското позитивно право ..... 47

4.2.2.4. Четврт и останати наследни редови во српското позитивно право ..... 48

5. ПРОЦЕСНО ПРАВЕН АСПЕКТ НА ЗАКОНСКОТО НАСЛЕДУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА СРБИЈА ..... 51

5.1. Процесно правен аспект на законското наследување во Република С. Македонија .....51

5.2 . Процесно правен аспект на законското наследување во Република Србија .....56

5.3 Сличности и разлики во законското наследување меѓу двете законодавства

и во водењето на оставинската постапка .....60
5.3.1.Сличности во законското наследување меѓу двете законодавства .....60
5.3.2.Разлики во законското наследување меѓу двете законодавства .....62
5.3.3. Процесни сличности и разлики во законодавството на двете земји .... 65
6.Општо за оправданоста за доверувањето на спроведувањето на оставинската постапка и во двете земји ..... 67
7.Истражување во постапката за расправање на оставината - Нотарите како повереници на судот во праксата ..... 69
7.1.Метод на прибирање податоци по пат на писмено известување .....70
7.2.Резултати од прибирањето податоци по пат на писмено известување .....71
7.3.Метод на интервју .....73
7.4. Резулатати од истражувањето - интервју .....74
8.Законското наследување de lege ferenda .....86
9.Заклучок .....88
10. Литература .....95
11.Обрасци 1,2 и 3.....97

СОДРЖИНА НА ТАБЕЛИ И ГРАФИЧКИ ПРИКАЗИ - СЛИКИ:

1.Табели:

Табела бр.1 Приказ на Прв наследен ред според законодавството на Република Северна Македонија .....29
Табела бр.2 Приказ на Втор наследен ред според законодавството на Република С.Македонија кога наследуваат родителите и брачниот другар .....34
Табела бр.3. Табеларен приказ на законското наследување во Република С. Македонија во Третиот наследен ред. .....36
Табела бр.4 Сумарна табела на законското наследување во Р:С.Македонија по наследни редови .....37
Табела бр.5 Табеларен приказ на законското наследување во Првиот наследен ред во Република Србија .....43
Табела бр.6 Табеларен приказ на законот наследување во Вториот наследен ред во Република Србија .....47
Табела бр.7 Табеларен приказ на законското наследување во Третиот наследен ред во Република Србија .....48
Табела бр.8 Табеларен приказ на законското наследување во Четвртиот наследен ред во Република Србија .....49

Табела бр.9 Табеларен приказ на законското наследување во останатите наследни редови во Република Србија .....50
Табела бр.10 - Сумарен преглед на законското наследување согласно ЗН на РС .....51
Табела бр.11 Табеларен приказ на сличностите помеѓу законското наследување во Република Македонија и Република Србија .....65
Табела бр.12 Табеларен приказ на разлики во законското наследување помеѓу Р.С.Македонија и Р.Србија .....66
Табела бр.13 Табеларен приказ на резултати од спроведено истажување- интервју со Нотари од Р.С.Македонија .....80
Табела бр.14 Табеларен приказ на резултати од спроведено истажување - интервју со Нотари од Р.Србија .....85

2.Слики:

Слика бр.1.Распределба на предметите по нотари за 2019 година кај Нотар Богданка Димитровска 89 предмети а кај Нотар Боро Атанасовски 91 предмети.....73
Слика бр.2 Распределба на предметите по нотари за 2020 година кај Нотар Богданка Димитровска 79 предмети а кај Нотар Боро Атанасовски 76 предмети .....73
Слика бр.3 Решени предмети за 2019 година и кај двајцата нотари .....76
Слика бр.4 Решени предмети за 2020 година и кај двајцата нотари .....76
Слика бр.5 Процентуален и градуелен приказ на односот помеѓу законското и тестаменталното наследување кај Нотар Богданка Димитровска за 2019 година .....79
Слика бр.6 Процентуален и градуелен приказ на односот помеѓу законското и тестаменталното наследување кај Нотар Боро Атанасовски за 2019 година .....80
Слика бр.7 Грфички приказ на траење на оставинска постапка кај јавните бележници во Р.Србија за 2019 година. .....84

Обрасци:

Образец 1 - Барање информација од јавен карактер доОсновен суд Делчево.....97
Образец 2 - Барање информација од јавен карактер до Нотар Богданка Димитровска.....98
Образец 3 - Барање информација од јавен карактер до Нотар Боро Атанасовски.....99

**Апстракт:**

Во овој магистерска работа предмет на истражување ќе биде законското наследување, како еден од основите за повикување на наследство и распределба на оставината по смртта на едно лице. Во таа смисла, ке извршиме појаснување и дефинирање на одделни поими од наследното право во позитивна а и во теоретска смисла а кои се во служба на дефинирањето на нашата тема со цел за нејзино појаснување и разработка, но без навлегување во детали од тие области. Вниманието ќе посветиме на законското наследување во Република Северна Македонија и неговите основни карактеристики и на законското наследување во Република Србија и неговите основни карактеристики, начелата прифатени во двете позитивни права, како и факторите за определување на кругот на законските наследници, бројот на законски наследни редови, правилата кои се применуваат при нивното повикување на наследство и утврдување на нивните наследни делови.

Во овој труд ќе се посвети внимание на законското наследување на нашата земја и Република Србија како припадничк на истиот наследно-правен систем - континенталниот, па оттука и да добиеме податоци за тоа како е уредено законското наследување во овие две држави, за да се направи споредба и паралела во законското наследување во Република Северна Македонија и Република Србија, па според тоа да се забележат сличностите и разликите помеѓу овие два наследно-правни системи и да се дадат препораки за подобрување на откриените недостатоци.

**Клучни зборови:** Република Северна Македонија, Република Србија, Законско наследување, оставител, оставина, наследници, наследни редови

**Abstract**

In this master thesis the subject of research will be the legal inheritance, as one of the bases for calling the inheritance and distribution of the legacy after the death of one person. In that sense, we will clarify and define some of the concepts of the inherited law in a positive and theoretical sense, which are in the service of defining our theme in order to clarify and elaborate it, but without getting into details of those areas.

We will pay particular attention to the legal inheritance in the Republic of North Macedonia and its basic characteristics,and the legal inheritance in the Republic of Serbia and its basic characteristics, the principles accepted in both positive laws, as well as the factors for determining the circle of the legal heirs, the number of legally inherited orders, the rules applied in their reference to inheritance and determining of their hereditary parts.

In this work we will also pay attention to the legal inheritance fo our country and the Rpublic of Serbia as a member od the same inheritance legal system - the continental one, hence to obtain data on how how the legal inheritance is regulated in these two countries, to make a comparison and parallel with the legal inheritance in the Republic of North Macedonia and Republic of Serbia, and therefore to note the similarities and differences between these two hereditary legal systems and to be given recommendations for improving the identified shortcomings.

Keywords: Republic of North Macedonia, Republic of Serbia, Legal inheritance, testator, successors, inheritance, hereditary orders

ВОВЕД

Раѓањето и смртта се дел од битието на целата жива природа, па и на човекот како дел од неа. Животот на една личност е временскиот период врзан на таа личност, а кој период се одвива помеѓу настапувањето овие два феномена (раѓањето и смртта) во правото наречени факти. За нас овде посебен интерес ќе биде она што човекот за време на жиивотот го стекнал или создал а е од материјална и нематеријална природа и може после настапувањето на неговата смрт да се пренесе на неговите наследници.

Наследното право како позитивно право и како научна дисциплина како свој посебен интерес предмет на регулирање и проучување ги има токму односите кои настануваат по повод пренесувањето на имотот од покојниот на живите.

Секој поединец, додека е жив е носител на правен субјективитет а со тоа и носител на одредени права и обврски кои произлегуваат од тој субјективитет.

Кога доаѓа до настапување на смртта кај едно се гаси неговиот правен субјективитет а следствено на тоа и на сите негови лични субјективни права - а тоа се оние права кои се лично и субјективно поврзани со таа индивидува како носител на истите во општествениот и правниот систем и кои се неделиви од неа.

Меѓутоа по неговата смрт иако престануваат личните права, во некои случаи кога индивидуата била носител на имотни права останува имот, кој таа индивидуа - сега оставител го стекнала за време на својот живот.

Во развојот на општествените, а во склоп на тие општествени и правните односи, се наметнала потребата за создавање на правила за регулирање на односите, кои настануваат по повод пренесувањето на имотните права кои му припаѓале на поединецот кога тој починал.

Овде нема да се задржуваме посебно и во детали на историскиот дел во настанувањето на наследно - правните односи и наследно - правните системи и одделните наследни институти, па доколку се јави евентуална потреба за тоа ќе се даде краток осврт при разработката во секој одделен дел од овој труд.

Ваквото пренесување на имотот на наследниците, всушност претставува наследувањето, чија основна цел е да имотот од покојниот се пренесе на оние што се јавуваат како наследници на покојниот а кои се живи и доаѓаат на ред за негово наследување.

Во Република Северна Македонија како основи за наследување се јавуваат законот и тестаментот [1]а и во Република Србија [2]основи за наследување согласно законот се јавуваат законот и тестаментот за разлика од некои земји каде што како основ за наследување се јавува и договорот за наследување.

[1] Закон за наследувањето (Сл.весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година)член 6
[2] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.1

Предмет и цел на разработка во оваа магистерска работа ќе биде законското наследување на Република Северна Македонија и Република Србија како еден од основите со кои имотот од покојникот - умрениот се пренесува на неговите наследници.

Овде ќе дадеме анализа на метеријалното наследно право гледано од аспект на неговито субјективен носител - наследникот -материјална анализа, како и анализа на постапката за остварувањето на законското наследување во двете држави како карактеристични претставници на континенталниот систем - односно ќе дадеме процесна анализа, со тоа што ќе се задржиме на општите заеднички карактеристики на овие два правни системи и нивните специфики и разлики еден од нив, како и што е тоа што истите ги поврзува а кои различни законски решенија се прифатени во секој од нив.

Во овој магистерски труд велиме дека ќе направиме процесна анализа на законското наследување иако во суштина постапката во која се спроведува оставинската постапка не е процесна - парнична туку вонпарнична. Сепак и оставинската постапка е еден вид на процес во кој едно лице носител на субјективното право на наследување тоа право го остварува во постапка пред надлежен државен орган било да е тоа судот или нотарот (јавниот бележник).

Во текот на 2008 година во делот за оставинската постапка беа внесени измените со кои се овозможи судот да ја довери оваа постапка за спроведување на нотарите.

Овие измени се во насока и на укажувањата на Комитетот на министрите при Советот на Европа кој со Препораката за мерките за спречување и намалување на товарот на судовите (P(86)12) дава насоки за земјите членки (каде и ние а и Република Србија сме членки) со кои упатува на намалување на вонсудските - неспорните работи од надлежноста на судиите. Главна цел на овие насоки на Советот на Европа е добивање на поефикасна и поквалитетна правна услуга, каде нотарите - јавните бележници можат да одговорат како повереници на судот а од друга страна судот да се растерети од овие предмети а своето време и енергија да го насочи на останатите предмети од спорен карактер .

Ваквите промени во оставинската постапка следени од примерот на нашето законодавство и искуство, во текот на 2015 година беа направени и во Република Србија со измените во Законот за вонпарнична постапка на Србија (Сл.гласник РС 25/82 ..... 106/15) и во Законот за јавното бележништво на Р.Србија ( Сл.Гласник РС 31/11 ...106/15) со кој на Јавното бележништо - Нотаријатот му се довери водењето на оставинската постапка и во оваа држава.

## I. ПОИМ ЗА НАСЛЕДУВАЊЕ

При дефинирањето на поимот на наследување во споредбеното право постојат повеќе дефиници во поглед на тоа што се подразбира под поимот наследување, па така додека во едни во наследувањето се гледа пренос на духовни и материјални особини и вредности од предците на потомците и истоте е временска врска помеѓу генерациите низ која се огледа континуитетот на покојните во другите се гледа само неговиот имотен карактер.

Во современото право наследувањето добива исклучиво имотен карактер и со него се означува преминот на имотот на починатото лице на друго лице кое е живо, а терминот наследство и наследник се однесуваат исклучиво на сукцесијата на имотот со потекло од починатиот оставител. Има и пошироки дефинирања на овој термин каде е прифатено дека тоа е пренесување и на правата и обврските на наследниците од нивниот правен претходник, па тука покрај тоа што влегува имотот и правата (во материјална и нематеријална форма) влегуваат и долговите што останале по смртта на оставителот.

Од напред даденото дефинирање на наследувањето, како што гледаме главен акцент во неговото определување и значење му се дава пред се имотен карактер, а такво е всушност и денешното современо сфаќање на овој поим а кој како што кажавме погоре не бил така сфаќан и во минатото.

Така, во Стариот Рим, наследувањето не било врзано само со имотниот карактер на покојниот туку се сметало дека наследниците на покојниот се продолжение на неговиот правен субјективитет на кој не влијае смртта на оставителот и дека ваквото наследување е продолжение на личноста на оставителот.

Денешното право поаѓа од тоа дека под поимот на наследување се подразбира пренесување само на имотот (во метеријална и нематеријална форма), а не пренесување на имотот и продолжување на субјективитетот на покојниот. Тоа е оттаму што со смртта на индивидуата престанува и нејзиното постоење како субјективитет во правото, односно истата повеќе не е носител на права и обврски а по неа останува нејзиниот имот, кој пак преку наследувањето се пренесува на правните следбеници на таа индивидуа - оставителот. Согласно Законот за наследувањето од 1996 година, оставината преминува во рецете на наследниците во моментот кога едно лице починало.[3]

Од законската одредба дека наследниците до висината на наследениот дел одговараат и за долговите на оставителот гледаме дека кај нас дефиницијата на поимот наследување опфаќа наследување и на имотот но и на долговите на оставителот [4], а оној наследник кој не прифатил наследен дел не одговара за долговите на оставителот.[5]

[3] Закон за наследувањето (Сл.весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година)член 127
[4] Закон за наследувањето (Сл.весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година)член 137 ст.1
[5] Закон за наследувањето (Сл.весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година)член 137 ст.2

## 1.1. Основи за наследување

Основите за наследување согласно теоријата претставуваат правно релеватна врска (факти) кои законот односно позитивното право во еден правен систем, ги утврдил како такви и преку кои лицето кое е потенцијален наследник го остварува своето право да ја наследи целата или дел од оставината на оставителот.

Секој правен систем преку своето позитивно право ги уредува условите, начинот и постапката за наследувањето.

Во правната теорија на споредбеното право, посебно во континенталниот систем општо се прифатени трите основи за наследувањето: наследување врз основа на закон, наследување врз основа на тестамент и наследување врз основа на договор.

Во теоријата и позитивното право, врз основа на тоа како законски е уреден односот помеѓу одделните основи за наследување така при спроведувањето на постапката и им доаѓа редот за примена. Во денешните законодавства на законското наследување како основ за наследување му е определена примена на крајот. До законско наследување доаѓа кога оставителот не оставил тестамент или договор за наследување.

Меѓутоа иако во редоследот на основите за наследување законското наследување е даден условно кажано како „супсидијарен“ начин за наследување, сепак во праксата според неговата примена токму овој основ претставува најчестиот основ за наследување поради фактот дека согласно законот како наследници на оставителот се јавуваат членовите на неговото семејство има крвно сродство или одржувал блиски контакти. Овој факт ќе го потврдиме и со спроведувањето на емпириско истажување кое ќе биде дел од овој труд.

Во овој магистерски труд ќе го разработиме токму на овој основ за наследување - законското наследување како од материјален така и од процесно правен аспект и тоа во Република Сверена Македонија и Република Србија, имајќи ја во предвид ваквата негова присутност во наследно правната практика и правораздавање.

## 1.2. Претпоставки за наследување

Настанувањето на еден наследно - правен основ зависи од исполнување на одредени претпоставки. Тие претпоставки во праксата и теоријата главно се сумираат на тоа дека е потребно да настапила смрт на субјектот (кој е физичко лице) и се јавува како оставител, истиот тој субјект има имот кој согласно законот претставува негова оставина (било да е во материјална или нематеријална форма), тој субјект позади себе да оставил наследници и на крај да постои основ врз кој се заснова наследувањето, кој е предвиден согласно законот.

Секој од овие услови е важен за настанувањето на наследно-правниот однос, меѓутоа правната теорија се согласува за едно а тоа е дека од сите напред наведени услови за да настане и да

се спроведе целосно наследно правниот однос мора да постои оставина, бидејки доколку не постои оставина односно имот кој може да се пренесе на наследниците не може да се заснова наследно правниот однос.

Настапувањето на смртта на физичкото лице е првата неопходна претпоставка. Уште од времето на Старот Рим, кога се поставени основните принципи на граѓанското право позната е изреката дека живите не се наследуваат, па смртта е неопходна претпоставка за постоење на наследување, и чија последица е престанокот на правниот субјективитет на едно физичко лице а со што настанува гаснење на личните субјективни права на тоа лице, и накрај и во законот е уредено дека во моментот на смртта се отвора наследството на оставителот односно настанува наследничката делатација.

Смртта како претпоставка и нејзиното точно утврдување има битно влијание затоа што со нејзиното настапување настапуваат и правни последици кои можат да бидат од материјален карактер и процесен катактер.

Така од материјален карактер последиците се однесуваат на тоа дека во моментот на смртта на оставителот се отвара неговото наследството и тогаш оставината преминува кај лицата кои претендираат за наследници, понатаму во моментот на смртта на оставителот се утврдува кои лица се негови наследници, бидејки само живите можат да го наследат оставителот (од кое правило исклучок законот му дава на нероденчето кое има својство на наследник доколку се роди живо)[6].

Од процесен карактер се оние кои се однесуваат на тоа чие право ќе се применува при одредените наследни односи како и кој закон ќе се применува при водењето на постапката за огласување наследници.

Тука треба да нагласиме дека смртта како препоставка за постоење на наследно правен однос се однесува само за физичките лица а додека начинот на пренесувањето на имотот на правните лица влегува во друг вид на правни односи. Ваквите односи се од трговско (стопанска) правна природа и не се наследно правни односи.

Друг неопходен услов за настанување на наследно правниот однос е постоењето на имот кој би се наследил кој во теоријата и позитивното право уште се сретнува оставина, оставинска маса или популарно уште наречено наследство (лат.hereditas).

Во правната теорија има повеќе дефиниции за тоа што претставува, едните имаат поширок пристап а други потесен, меѓутоа кај сите нив главно е прифатено становиштето дека оставината ја пратставуваат сите имотни права и обврски кои ги поседувал оставителот во моментот на неговата смрт.

Оставината односно поимот на оставината гледано од аспект на оставителот го опишува предметот на наследување и тоа е имотот кој го оставил оставителот по неговата смртта, а додека од гледна точка на наследниците поимот на наследство го означува имотот што наследниците го наследиле.

[6] Закон за наследувањето (Сл.весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година) член 122, став 2

Во нашето позитивно право согласно член 2 е утврдено дека оние предмети и права што им припаѓаат на поединци можат да се наследуваат[7] и тие предмети и права што се во сопственост на поединците ја сочинуваат оставината, оставинската маса односно наследството. Само таквите предмети и права кои оставителот можел да ги пренесе на трети лица за време на животот можат да бидат предмет на наследување. Не може да се наследуваат права кои биле врзани за личноста на оставителот - лични права. Ваквите права постојат додека постои нивниот носител, па со смртта на тоа лице престануваат да постојат и тие права.

Постоењето на наследник/ци истотака е неопходна претпоставка за да настане наследување. За разлика од тоа кога оставител може да биде само физичко лице во теоријата а и во позитивното право е застапено становиштето дека како наследници под услови предвидени во позитивните прописи на секоја одделна држава, може да се јават покрај физичките и правните лица . Кај нас во Законот за наследувањето, е утврдено дека доколку со други прописи не е предвидено нешто друго, правното лице може да биде наследник само врз основа на тестамент [8].

За да може едно лице да се јави како наследник истото треба да ги исполнува условите предвидени во законот односно да било живо - да го надживеало оставителот на оставителот а по исклучок наследник, под услов истото да се роди живо, е и дете кое веќе е зачнато во моментот на отворањето на наследството (nasciturus)[9], истото треба да биде достојно да го наследи оставителот односно да не е лишено или исклучено од наследување. Лицата кои ги исполнуваат овие услови се наследници на оставителот по сила на законот и тоа во моментот на смртта на оставителот.

Посебни се ситуациите кога оставителот по себе не оставил наследници, па во тој случај најчесто оставината веднаш и припаѓа на државата или пак на оставината и се поставува посебен старател за определен рок во кој рок се повикуваат наследниците да се јават, по чиј протек доколку повторно не се јави наследник, кој би можел да го докаже своето право на наследство, имотот кој претставува оставина и припаѓа на државата.

Кај нас во законот е предвидено дека оставината ќе и припадне на Република Северна Македонија [10] , ако на истата нема наследник како и доколку во постапката за огласување наследници, кога на судот не му е познато дали има наследници, па во тој случај не се јавил ниту еден наследник по истекот на рокот од една година даден во огласот на судот со кој наследниците биле повикани да се јават пред него. [11] Во таков случај судот донесува решение. Со него се определува дека оставината и припаѓа и ке и биде предадена на државата односно на Република Северна Македонија.[12]

Погоре извршивме дефинирање на тоа што се подразбира под поимот правен основ врз кој наследниците го полагаат своето право на наследување.

[7] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.2
[8] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.122 ст.3 од ЗН
[9] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.122 ст.2 од ЗН
[10] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.11
[11] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.11од ЗН
[12] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.125 ст.2 од ЗН

Во споредбеното право на континенталниот систем на наследното право постојат три основи за наследување и тоа договорот за наследување, тестаментот и законот. Во некои од правните системи се прифатени сите три основи за наследување а во некои од нив се прифатени законот како правен основ и тестаментот.

Во нашето законодавство согласно член 6 од Законот за наследувањето како основи за наследување се предвидени законот и тестаментот, а во член 7 од истиот пропис е придвидено дека ако некој ја остава својата оставина или нејзин дел со договор на својот содоговарач или пак на некое на трето лице тогаш тој договор е ништовен. [13]Исклучок од ова правило е предвидено само кога се работи во случај располагањето е извршено со составување на договор за доживотна издршка. Оттука во нашето позитивно право како основи за повикување на наследство се јавуваат тестаментот и законот.

Во однос на договорот за доживотна издршка постојат две толкувања за неговата природа а тоа е едното дека истиот е наследен договор и другото дека е облигационо - правен договор. Со донесувањето на Законот за облигационите односи од 2001 година овој договор како беше предвиден со Законот за наследување беше пренесен во Законот за облигационите односи па престанаа да важат и да се применуваат одредбите од Законот за наследување во однос на него. Ние овде нема да навлегуваме во неговата природа, за нас од значење е член 33 од Законот за наследувањето кој се однесува на утврдување на вредноста на оставината на оставителот па оној имот со кој располагал оставителот со ваков договор не влегуваат во неговата оставина.[14]

И со Законот за наследувањето на Република Србија како основи за наследување се предвидуваат законот и тестаментот.[15] Во чл.179 од истиот изрично е предвидено дека е ништовен договорот со кој некој својот имот или дел од него го остава на својот содоговарач или на некој трет, а во член 180 пак предвидува дека ништовен е договорот со кој некој оттуѓува наследство кое го очекува како и секој договор за наследство на некој трет кој сеуште е жив.

## *2.* Законско наследување

### 2.1. Поим за законско наследување

Законското наследување кажавме погоре претставува еден од основите за настанување на наследно правниот однос.

Под овој поим се подразбира определување со закон на лицата кои се претендираат да ја наследат оставината на оставителот.

[13] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.6 и 7
[14] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.33
[15] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.2

Во материјална смисла под законското наследување се подразбира збир од норми уредени со закон со кој се уредуваат кругот на наследниците, условите под кои одредени лица се јавуваат како наследници и големината на делот на секој од законските наследници.

Во процесна смисла под поимот на законско наследување се подразбра пак збир од норми со кои е уредена постапката во која законските наследници го остваруваат своето законско право на наследување на оставината на оставителот.

## 2.2 Определување на законските наследници - наследни редови

Со настапување на смртта на едно лице, најчесто повеќе лица претендираат за наследување на оставината на оставителот. Оттука се поставува прашањето кои лица ќе ја наследат оставината на оставителот, како се утврдуваат потенцијалните наследници - согласно кои услови тоа се врши и на крајот кога веќе е утврден кругот на наследниците кој е наследниот дел кој секој од нив ќе го добие. Оттука едно од најважните прашања за законското наследување е определувањето на врската која тие лица ја имаат со оставителот, значењето и примената на таа врска при утврдување на кругот на наследниците.

Затоа во секој правен систем со закон е утврден систем од правни норми кој ги утврдува правилата според кои ќе се врши начинот и и условите за определување на кругот на наследниците и наследниот дел што им следува на сите овие лица.

Кога се определува кои се наследниците на оставителот битно е во каков однос бил оставителот со нив, па на тој начин и со примена останатите факти (врска) кои законот ги утврдил, а тие факти (врска) ги поврзуваат наследницте со оставителот и се јавуваат како потенцијални наследници согласно законот во еден наследноправен систем. Така се формираат групи на лица кои ги претставуваат наследните редови. Постоењето на наследните редови се оправдува со тоа што наследните редови кои имаат приоритет во наследувањето ги сочинуваат наследници чии факти, а кои ги врзуваат тие наследници од тој наследен ред со оставителот, имаат посилен интензитет од оние предвидени за останатите наследни редови, па оттука и превенство во наследувањето со што се создава редоследност во повикувањето на наследство.

Историскиот развој на наследното право покажува дека кога станува збор за утврдувањето на тоа кои се клучните факти - врската за определување на кругот на лица за законски наследници имало разни становишта, па како факти за определување на кругот и наследните редови кај законските наследници во одредени периоди било припадноста на одреден сталеж или верската определба, полот на наследниците, редот по кој биле родени наследниците и др. Меѓутоа еволуцијата во целокупниот систем на граѓанското право и неговата либерализација и демократизација денес во голема мера се напуштени овие становишта. Денешната наследно правна наука и законодавство кога станува збор за определување на законските наследници на оставителот

се единствени во ставот дека превенствено членовите на семејството на оставителот треба да го наследат оставителот.

Денешните факти за утврдување на кругот и редот на законските наследници, кои се општо прифатени во споредбеното право се сродството, бракот, постоењето на вонбрачна врска, заедницата на живот со оставителот, а законодавството на некои европски држави има тенденција како факт да ја прифаќа и заедницата на живот меѓу две лица кои припаѓаат на ист пол.

Во теоријата и позитивното право неретко се внесуваат покрај претходно наведените како главни факти и други факти со кои се дополнуваат условите, па тоа се најчесто одредени околности кои најчесто се однесуваат на големината на делот кој ќе му припадне на одреден наследник а понекогаш и на правото да се наследи. Такви факти најчесто се способноста на наследникот да остварува приходи, имотната состојба, дали наследникот има нужни сретства за живот и слично кои дополнителни факти претставуваат амортизација при наследувањето ако наследникот има некој од напред наведените дополнителни корективи, што е израз на начелото на солидарност.

Секоја држава во однос на уредувањето на наследноправниот систем зазема различни ставови и има поставено свој стратешка цел кон која ја води таа наследноправна политика.

Иако не постои посебна одредба во која се утврдуваат факторите врз основа на кои се формираат круговите на наследници, сепак од анализа на член 12 од Законот за наследувањето се издвојуваат општо прифатените основни фактори за определување на кругот на законските наследници а тоа се сродството-крвното и со посвојување, бракот и живеењето во трајната заедница, па врз основа на тие фактори наследниците во нашето наследно право се групирани во три наследни реда. Гледаме како што кажавме погоре дека факторите претставуваат врските со кои е означено и се пронаоѓа едно лице со оставителот и е негов потенцијален наследник. Оттука произлегува дека тие врски - фактори се некое својство на односот помеѓу наследникот и оставителот, како такви треба да бидат подобни за воспоставување на таа врска.кои се од пресудно значење при определувањето на лицата кои ќе бидат повикани на наследство и на истите законот им дал таков третман.

## 2 . 3. Општо прифатени системи за наследување

Според тоа како крвното сродство ги поврзува наследниците со оставителот, во различните земји се формирале различни начини на групирање на наследниците во наследни редови. Со крвното сродство се изедначува и сродството кое настанало со потполно посвојување.

Во постоечките законодавства а со тоа и правната теорија која го проучува позитивното право, распоредувањето на наследниците во наследните редови се врши со комбинација на сите елементи - врски кои ги набројавме претходно, а кои се од значење и кои доаѓаат во предвид, зависно од секој поединечен случај. Тука како врски кои доаѓаат во предвид за формирање на системите во споредбеното законодавство доаѓаат во предвид степенот на сродство, количината на

заедничка крв, дали наследникот припаѓа на женската или машката лоза, кои можат да се јават поединечно и независно секој од нив или некои од нив или сите во комбинација.

Во споредбеното наследно право низ истиорискиот развој на наследувањето и наследното право како позитивно право и наука се издиференцирале неколку системи кои денес останале како општо прифатени - систем кој се формира врз основа на близината на сродство, систем врз основа на количината на заедничка крв и систем формиран преку парентели, кој понатаму се јавува во уште две варијации градуелен и линеарен систем.

Системот во кој при распоредувњето на сродниците на оставителот (неговите потомци и претходници) во наследни редови според количеството на заедничка крв кое тие го имаат споредено со количеството на заедничка крв со оставителот е познат како систем на заедница на крв.

Системот пак според кој сродниците на оставителот (неговите потомци и претходници) се распоредуваат во наследни редови според степенот на сродството кој секој од нив го имаат со оставителот се нарекува систем на близина на сродството. Според овој систем на пример во практиката да може родителите на оставителот да дојдат на ред за наследување пред внуците на оставителот, односно чичкото или тетката на оставителот да биде во ист наследен ред со внуците на оставителот.

Системот пак според кој сродниците на оставителот (неговите потомци и претходници) се распоредуваат во наследни редови поаѓајќи од нивниот заеднички предок односно најблиски заеднички предци се нарекува систем на парентели. Овде во овој систем сите најблиски роднини на оставителот кои имаат заеднички предок образуваат посебни групи, со тоа што во секој група е утврден определен редот како истите се повикани за наследство врз основа на прописите на законското наследување. Овие групи на роднини формирани по врската со непосредниот заеднички предок во теоријата и праксата се познати како парентели а некаде уште се нарекуваат и колена, редови. Од ваквото означување на овие редови на овој систем му е даден и називот парентеларен бидејќи на латински parens, parentis значи предци, родители, роднини. На овој систем ќе му посбетиме малку поголемо внимание при неговот објаснување бидејќи и во нашиот наследно - правен систем и во наследно - правниот систем на Република Србија е прифатен и се применува перентеларниот систем за наследување и тоа во неговата линијарна варијанта.

За да може да се воспостави ред во наследувањето во овој систем се применува начелото на хиерархија и исклучување, па подалечното колено наследници не доаѓа на ред за наследување се дури од поблиското колено постои макар и еден претставинк.

Перентеларниот систем разликува уште два потсистеми парентеларно - градуелен систем (се применува за шеријатското право) и парентеларно - линеарен систем.

## 3 . СИСТЕМИТЕ НА НАСЛЕДУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА С.МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Во овој дел на овој труд ќе им посветиме внимание на системите за наследување во Република С. Македонија и Република Србија, со тоа што ќе обрнеме внимание на позитивните прописи односно на законот како основ за наследување во овие две држави, факторите - врските кои се земаат при одредувањето на наследните редови како и колкави наследни делови наследуваат секој од наслдниците  Исто така ќе извршиме појаснување и на можносите од зголемување и намалување на наследните делови на одредени наследници, кога тоа го предвидел законот.

Пред да преминеме кон подетално појаснување на парентелите во двата система на Република С. Македонија и Република Србија непоходно е да ги објасниме двата модуси - начини кои се применуваат за формирање на наследните групи - парентелите, наследните редови во законското наследување. Тие карактеристични и се општо прифатени не само во нашите две законодавства туку во скоро сите наследни системи. Нивното јасно дефинирање е од пресудно значење за правилното формирање и разбирањето на парентелите. Тоа се правото на претставување и правото на прираснување.

За правото на претставување и неговата примена постои посебна законска одредба и во двете наследни законодавства, а додека правото на прираснување е вклопено во рамките на законските членови каде се уредени одделните наследни редови и во нашето и во српското наследно законодавство.

Во случаите кога носителот на парентелата починал и во моментот на смртта на оставителот не е жив, или пак тој не може да се јави како наследник од другите причини предвидени со законот - нодостојност за наследување, ако е исклучен од наследство или по своја волја не сака да стане наследник, како и кога ќе се откаже од наследството во свое име, тогаш согласно законските одредби доаѓа до примена на правото на претставување ( во римското право познато како ius representationis).

Тоа значи дека правото наследување по право на претставување преминува на наследниците - потомците на оставителот. Велиме потомци а не наследници бидејќи од законот утврдуваме дека ова право следува по врската која е еден од факторите за формирање на парентелите а тоа е крвното сродство (и потполното посвојување). Тоа оттука што понекогаш кога носителот на линијата, која се оформила во таа парентела, починал па доаѓа до примена на ова право - право на претставување,па како наследник може да се јави и брачниот другар, но тој не влегува во потомците на оној кој бил носител на таа линија па правото на претставување не се однесува на него.

Така кај нас во нашиот Закон за наследувањето е утврдено дека на еднакви делови наследуваат децата, кои се внуци на оставителот оној дел од оставината што на порано починатото дете пред оставителот би му припаднал, а на ред за наследување доаѓаат децата на внукот на

оставителот, односно правнуците на оставителот кои наследуваат на еднакви делови кога починал некој од внуците пред оставителот. Ова право се пренесува понатаму се додека има потомци на оставителот кои доаѓаат на ред за наследување.[16]

Гледаме дека согласно член 14 од Законот за наследување на Р.С.М. на крај е дадена една општа одредба дека на ред за наследување доаѓаат потомците на оставителот кога се исцршуваат претходните наследни редови со што во нашето наследно - правно законодавство правото на претставување се применува неограничено.

Од самата законска одредба гледаме дека на местото на носителот на линијата која се оформила во таа перентела доаѓаат неговите потомци, па наследниот дел кој му следувал на носителот на таа линија, го добиваат неговите помоци а тоа се децата, внуците, правнуци, чукунвнуци и се така редум додека во рамките на таа линија оформена во таа парентела се јавуваат наследници по правото на претставување и истата не биде исцрпена. Кога во линијата оформена во таа парентела, а што е често и редовно, се јават повеќе кандидати за наследување на делот од нивниот предок, тогаш како што спомнавме и погоре согласно чл.14 од Законот на наследување на РСМ, наследниот дел од нивниот предок кој е носител на линијата се дели на еднакви делови колкав што е бројот на неговите потомци.

Правото на претставување се јавува како можност и за наследниците во рамки на таа линија кои се поодалечени по степен на сродство со оставителот да се јават како наследници оставителот. Тие во редот на наследување стапуваат на местото на нивниот родител - предок и сите тие иако на ред за наследство дошле по правото на претставување имаат еднаква наследно - правна положба.

Во Законот за наследување на Република Србија правото на преставување е регулирано на идентичен начин како и во нашиот Закон, па истото е предвидено да се применува без било како какви ограничувања. Тоа е неограничено се додека има потомци од оставителот, но само до третиот наследен ред.[17]

Веќе во четвртиот наследен ред кој ред за наследување го нема кај нас, а каде согласно српското наследно право на ред доаѓаат прабабите и прадедовците на оставителот, правото на преставување не е предвидено да се применува. Овде потомците на прабабите и прадедовците не влегуваат во кругот на законските наследници по правото на претставување.[18] Истото се однесува и за останатите наследни редови.

Сите тие кога се повикани на ред за наследување мораат секој сам за себе да ги исполнат сите услови предвидени со законот да се стекнат со статусот наследник, па така наследниот треба да го надживеал оставителот кога се отвара наследството на оставителот[19] односно тоа лице да е живо

[16] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.14 од ЗН
[17] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.10
[18] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.10
[19] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.122

во моментот на смртта на оставителот, [20] истото треба да биде достојно за наследување, [21] да не е исклучено од наследство и да се нема откажано од наследството. Според тоа може да се заклучи дека овие лица наследуваат врз основа на сопственото право. Тоа значи дека самите тие лица треба да ги исполнуваат наведените услови и околности спрема оставителот и законот, а во случај кога доаѓаат на ред за наследување условите не зависат од тоа дали нивниот предок преку кој се стекнуваат со правото на наследување, ги исполнувал тие услови и околности или не.

Во Законот за наследување на РСМ е утврдено дека доколку наследникот со смисленост се обидел да го лиши од живот или го лишил од живот оставителот, го навел оставителот да состави тестамент или истиот да го отповика во целост или дел од него со примена на присилба, закана или измама, како и кога спречил тоа да го стори, како и кога наследникот со намера да спречи да се оствари последната волја на оставителот го уништил или сокрил тестаментот, го фалсификувал и во случаите кога иако наследникот имал обврска да го издржува оставителот тој таа обврска тешко ја повредил или пак кога на оставителот му била потреба од нужна помош не му ја укажал, тогаш во сите напред наведени случаи наследникот е недостоен да го наследи оставителот било тоа да е случај кога се работи за законско наследување или тестаментално наследување. Недостојноста согласно нашиот Закон за наследување се однесува само во однос на оној кој е недостоен, тоа не е пречка неговите потомци да го наследат делот кој нему би му припаднал од оставителот, туку неговот дете - потомок наследува како тој да починал пред оставителот. [22] Доколку оставителот му прости на наследникот тогаш престанува недостојноста. [23] Одредбите за недостојноста на еден наследник не се применуваат автоматски при водењето на оставината. Таа мора како да биде решена како претходно прашање, наследниците кои се повикуваат дека одреден наследник е недостоен ќе бидат упатени на спор, па судот односно нотарот на крај да донесе решение откако се разрешени сите неспорни работи.

Иста последица има и исклучувањето на наследникот од наследство со тоа што исклучувањето се применува кога оставителот составил тестамент. Исклучувањето од наследство на точно одреден наследник го прави завештателот при составувањето на тестаментот, кој на несомнен начин мора да ја изрази својата волја наследникот да биде исклучен од наследувањето а причината мора да постои во моментот кога оставителот го составил тестаментот. [24] Исклучувањето се однесува на нужниот наследен дел. Така наследникот кој е исклучен од наследство се смета дека починал пред оставителот. И овде, оние кои се повикуваат на исклучувањето, во случај на настанување на спор, ќе бидат упатени на парница.

[20] Како исклучок од ова правило во став 2 од чл.121 од Законот за наследување е статиусот на детето кое во моментот на отварањето на наследството е веќе зачнато и кое доколку се роди живо се смета како родено. Во праксата често се јавуваат такви случаи.

[21] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.123

[22] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.124 ст.1

[23] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.124 ст.2

[24] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.14 и 15

Што се однесува пак до правото на прираснување (ius accrescendi), ова право се применува дури откако повеќе нема место за примена на правото на претставување.

Ова право претставува еден вид правен механизам да во случај кога лицето носител на линијата формирана во таа парентела нема потомци кои би дошле на ред за наследување да може неговиот дел кој би го следувал да го добијат сонаследниците од друга линија во истата парентела, или кога дошло до формирање на лози да може наследниците од една лоза да го наследат наследниот дел кој по законот и припаѓа на другата лоза наследници, односно делот на линија или лозата од која нема наследници да прирасне кон делот на другата линија односно лоза. На тој начин се спречува кога во евентуален случај би немало наследници по правото на претставување имотот де не остане без наследници, па со тоа и да премина во рацете на државата.

Јасно е дека правото на прираснување се применува така што, кога повеќе нема можности за примена на правото на претставување. Резултатот од тоа е прираснување на делот од наследството што требало да му припадне на наследникот кој не сака или не може да наследи, прираснал кон наследните делови на другите наследници од ист степен сродство.

За разлика од правото на претставување ова право може да се применува и на преживеаниот брачен другар на оставителот. Крајната цел на примената на правото на прираснување е овозможување на наследници од ист степен на сродство да се стекнат со еднакви делови од наследството, во случај кога некој од наследниците не може или не сака да го добие својот наследен дел. Тоа може најдобро да се разбере преку еден пример. Така во случај кога како наследници на оставителот ќе се јават две ќерки и еден внук од порано починатиот син, па оставината ќе се подели на три еднакви делови. Двете ќерки ќе добијат по една половина од наследството, бидејќи наследниот дел (третата третина) што требало да му припадне на внукот од починатиот син, ќе се подели помеѓу ќерките на оставителот бидејќи внукот не прифатил наследен дел, па неговиот наслден дел (една третина) прираснал кон делот на ќерките на оставината и тие наследиле по една половина.

## 4.МАТЕРИЈАЛЕН АСПЕКТ НА ЗАКОНСКОТО НАСЛЕДУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Во овој дел од овој труд ќе се задржиме на материјалниот аспект на законското наследување на Република Северна Македонија и Република Србија.

Материјалниот аспект на законското наследување општо гледано го сочинуваат збирот од норми со кои се уредуваат односите и правата што настануваат при пренесувањето на оставината од покојниот - оставителот на неговите наследниците.

Така со овие прописи се уредува правото на наследување, статусот наследник и наследните редови, кој имот ја сочинува оставината, законското наследување, тестаменталното наследување и

сл. Значи тоа се позитивните норми кои ја уредуваат суштината - материјалното битие на наследувањето и односите кои настанале по повод него.

Во првиот дел од оваа глава ќе се задржиме на материјалниот аспект на законското наследување во Република Северна Македонија согласно позитивните прописи, односно de lege lata.

## 4.1. ЗАКОНСКО НАСЛЕДУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА С.МАКЕДОНИЈА

Како што напоменавме и во воведниот дел од овој магистерски труд главна тема на обработка на која ќе се задржиме е законското наследување во Република Северна Македонија, во овој дел од материјален аспект, а подолу ќе дадеме осврт и на процесниот аспект.

Еден од основите за повикување на наследство како што напоменавме погоре е законското наследување. Природно а и правично е дека кога доаѓа до смрт на член од семејството тој настан најмногу ги засегнува членовите на семејството. Оттука е и основот на законското наследување, а тоа е дека семејните врски се од голема важност на наследувањето. Затоа и законот на овие фактички односи во семејство му дал примат и истиот го регулира со позитивното право со што се уредува правната рамка на пренување на имотот на едно лице во случај смрт на неговите наследници.

Правото на наследување во Република Северна Македонија претставува уставна категорија, па така во член 30 од Уставот на РСМ (17.11.1991 година) правото на сопственост и правото на наследување се гарантираат.

По осамостојувањето на Република Македонија до 1996 година согласно Уставниот закон за спроведување на УРМ (сл.весник 52/91) важеше и се применуваше Законот за наследувањето (Сл.Весник на СРМ бр.35/73 и бр.27/78) донесен во рамките на поранешна СФРЈ.

Законот за наследувањето бр.47/96 од 12.09.1996 година, кој и денес е во важност и се применува, започна да се применува а Законот за наследувањето (Сл.Весник на СРМ бр.35/73 и бр.27/78) престана да важи, освен за наследствата што биле отворени до влегување во сила на овој закон, и не биле решени, за кои беше регулирано дека остануваат во примена прописите што важеле до влегувањето во сила на новиот закон.

Со Законот за наследувањето донесен на 12.09.1996 година се уредуваат наследно правните односи во Република Макоеднија по осамостојувањето. Со овој закон е продолжено регулирањето и примената на основните принципи кои биле прифатени и регулирани и со претходниот Закон за наследувањето (Сл.Весник на СРМ бр.35/73 и бр.27/78) и сојузниот Закон за наследување од 1955 година (Сл.лист на ФНРЈ бр.20/55 и бр.12/65), па новиот закон не значел поставување на нови основи во наследувањето. Со него биле прифатени истите начела врз кои и пред тоа било засновано

наследувањето, па донесувањето на новиот Закон за наследување од 1992 година значело континуитет на она што претходно било втемелено во оваа област од граѓанското право.

Со новиот Закон за наследување биле отстранети извесни недоследности кои во пракса се покажале како такви поради постоење на опасност од злоупотреба а и самите промени во новото општествено уредување по осамостојувањето, давањето на приматот на приватната сопственост, воведувањето на правилата на претприемништво, пазарната конкуренција, институтот на нужното наследување било ограничено, а тестаментот составен пред сведоци не бил внесен со новиот закон.

Погоре кажавме дека на законот како основ за наследување самиот закон и теоријата му го даваат местото како на споредeн, супсијадиарен основ, чија примена доаѓа доколку не биде применет еден од другите основи предвидени во позитивното право за една држава односно правен систем. Ова правило важи и кај нас. Согласно нашето позитивно право, во член 7 од Законот за наследување основи за наследување се тестаментот и законот, а ништовен е договорот кога со истиот некој ја остава својата оставина или нејзин дел на својот содоговарач или на трето лице. Исклучок од ова е договорот за доживотна издршка.[25]

Во пракса при водењето на оставинската постапка, во денешните современи општества, каде е дозволено тоа, па и во нашето може да се случи истовремено да дојде до примена и на двата законски предвидени основи за наследување, што не било историски така (Во Стариот Рим не било дозволено имотот на едно лице да биде наследен делумно врз основа на закон). Тоа е случајот кога оставителот располагал во тестаментот само со дел од имотот кој претставува оставина за време на својот живот, во тој случај за останатиот имот кој претставува оставина на оставителот се применуваат одредбите од законот за законското наследување. Гледаме дека повторно и во овој случај законското наследување како основ се применува дури откако било применето тестаменталното наследување.

### 4.1.1. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЗАКОНСКОТО НАСЛЕДУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА

Наследното право во секој правен систем има свои карактеристики - црти кои како начела се вткаени во истото.

И во нашето позитивно наследно право се имплементирани овие карактеристики кои теоријата ги смета како принципи - начела на кое се темели и наследното право како научна дисцплина. Тие се од големо значење за наследниот систем на една држава бидејќи доколку истите правилно и доследно се разберат и така и се применуваат тогаш е исполнета целта на законодавецот.

Така со Законот за наследувањето е предвидено дека наследството на едно лице се отвара со настапувањето на смртта на тоа лице. Прогласувањето на едно лице за умрено го има истото

[25] Закон за наследувањето Сл.весник на РМ бр.47 /96, чл.7

дејство. [26]Тука треба да се наведе дека освен стварите и правата наследниците ги наследуваат и обврските односно долговите на оставителот, а веќе погоре објаснивме кои предмети и права можат да бидат предмет на наследување.

Ваквата карактеристика внесена и во нашето законодавство во теоријата е позната како универзална сукцесија.

Друга карактеристика на нашиот наследно правен систем е тоа што е предвидено еднаквост и рамноправност при наследувањето. Оваа карактеристика е придобивка на развиените и современи општества.

Кажавме погоре дека со Уставот на Република Македонија [27] правото на сопственост и правото на наследување на сите граѓани на Република Македонија се гарантирани. Во Законот за наследување постои изрична одредба во која е определено дека во наследувањето сите граѓани се рамноправни под исти услови. [28]Рамноправноста во наследувањето се однесува и на вонбрачното сродство и сродството со посвојување. Во нашиот Законот за наследување со брачното е изедначено вонбрачното сродство, а со крвното сродство е изедначено сродството создадено со потполно посвојување [29].

Законот содржи одредба и во однос на лицата кои би се јавиле како евентуални наследници иако не се македонски државјани. Така и на нив им е даден рамноправен третман во однос на наследувањето со државјаните на Република С. Македонија, но само доколку и на македонските државјани им е признаен истиот статус со прописите за наследување на државјанинот (начело на реципроцитет). [30] Начелото на реципроцитет денес претставува општо прифатен приниципи и е карактеристика на современите општества.

Во нашиот Законот за наследување од 1996 година, изречно се предвидени основите за наследување на оставината на оставителот, па е утврдено дека оставината се наследува со закон и тестамент, [31] а е ништовен договорот на наследување, договорот со кој се предвидува наследување на легат и идно наследство. Во оние случаи кога оставителот располагал со имотот кој би можел да влезе во оставината со договор за доживотна издршка тогаш тој договор не е ништовен[32]. Во однос на располагањето на оставителот со својот има за врме на живото со договор за доживотна издршка во законот е утврдено дека тој имот не влегува во оставината на оставителот. [33]

За разлика од наследните системи на одредени држави (пред се земјите припаднички на англосаксонскиот систем за наследување) согласно нашето позитивно право е предвидено дека по

[26] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.120
[27] Устав на Република Македонија, 17.11.1991 година, чл.30
[28] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.3
[29] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.4
[30] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.5
[31] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.6 ст.1
[32] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.7
[33] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.33

сила на законот оставината поминува во рацете на наследниците во моментот на смртта на оставителот. Теоријата оваа карактеристика ја третира како ipso iure начело.

Суштината на ова начело е дека наследници на оставителот врз кои преминала оставината се оние лица од кругот на законските наследници, кои во моментот на смртта на оставителот го надживеле, како и посебно предвидениот случај со нероденчето.[34] Законот јасно утврдил дека сите тие лица се наследници на оставителот. Водењето на постапката и давањето на наследничка изјава за прифаќање на наследство пред судот немаат конститутивен карактер, бидејќи на наследникот својството на наследник му е дадено по сила на законот. Во оние случаи пак кога некои од наследниците при водењето на оставинската постапка сепак одлучиле да не се прифатат за наследници истите тоа можат во постапката пред судот/нотарот да го направат со давање негативна наследничка изјава, сето тоа е оставено на нивната волја. Доколку наследникот даде негативна изјава во постапката се смета дека истиот никогаш не се ни стекнувал со наследство.

Во теоријата периодот од моментот на смртта на оставителот па се до моментот е познат како период во кој оставината мирува или уште е наречена „оставина во лежење“. Името го добила по фактот дека за овој период наследниците не можат да располагаат со неа.

Друга карактеристика за нашето позитивно право е тоа дека кога како основ за наследување се применува наследувањето врз основа на тестамент правото на располагање на тестаторот со неговата оставина има одредени ограничувања, па во одредени случаи кога не се запазени одредбите од законот каде е предвидено ова ограничување, волјата на тестаторот не се остварува на начин како што тој со тестаментот определил. Ваквото ограничување во вид на определување со законот нужен дел на наследници од одредени наследни редови е карактеристика за континенталниот систем на наследување, а додека во англосаксонскиот систем на наследување апсолутноста на волјата на тестаторот за располагање со својата оставина е подведена на ограничувања преку обврската на тестаторот за издршка спрема наследниците во случаи утврдени со правилата за наследување.

Согласно нашиот Законот за наследувањето од 1996 година, како и во останатите земји од континенталниот систем постои институтот на нужни наследници, како правен механизам преку кој се ограничува волјата на тестаторот. Основна цел на постоењето на кругот на нужните наследници е да се заштити овој круг на наследници, во кој влегуваат лицата кои се приоритетно повикани на наследување преку ограничување на располагањето на тестаторот.

Теоријата во институтот нужен дел гледа еден вид редуктор негација на тестаментот и на слободата на влојата за составување на тестамент. Помеѓу тестаментот и нужниот дел стои законскиот наследен ред како „златна средина“ мировник, чии диспозитивни норми овозможуваат постоење на слободата за составување тестамент но и поставуваат потреба за воведување на нужен дел.

[34] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.122

Во нашиот Закон за наследувањето таксативно се наброени нужните наследници, а тоа се брачниот другар на оставителот, децата на оставителот и неговите. Овие наследници се нужни по сила на законот, без постоење на никакви дополнителни услови.[35]

Покрај нив во законот се наведени и други лица како што се потомците на децата на оставителот односно внуците на оставителот кои можат да се јават како нужни наследници, но во однос на нив законот предвидел и дополнителни услови, па како такви услови се живеењето во заедница со оставителот во моментот не неговата смрт, немањето нужни сретства за живот, трајната неспособност за работа, како и оставителот овие лица да ги издржувал.[36]

Ако родителите на оставителот и неговите браќа и сестри се трајно неспособни за работа и немаат нужни средства за живот во тој случај тие се нужни наследници, но секако сите нужни наследници го наследуваат наужниот дел само кога се повикани на наследство според законскиот ред за наследување. [37]

Големината на нужниот дел е утврдена така што нужните наследници од првиот наследен ред имаат право на нужен дел во големина од 1/2 од делот што би му припаднал, а додека за останатите наследници предвидени со законот како нужни наследници големината на наследниот дел изнесува 1/3 од делот што би му припаднал.[38]

Гледаме дека колку е подалечен редот за наследување остварувањето на правото на нужен дел се врзува со дополнителни условиа со тоа се намалува и голеината на нушниот дел.

За разлика од кај нас кругот на лицата кои влегуваат во нужните наследници согласно Законот за наследување на РС е нешто поширок и со законските одредби се предвидуваат потомците, посвоениците и нивните потомци, брачниот другар, родителите, усвоителот, браќата и сестрите, дедовците и бабите и останатите предци.[39]

За дел од овие да лица влезат во кругот на нужните наследници законот не предвидел дополнителни услови, туку битно е истите да ги исполнуваат условите да бидат наследник секој од нив.

Единствени дополнителни услови се превидени кога се работи во случај на непотполното посвојување, браќата и сестрите на оставителот, неговите дедовци и баби и останатите предци па овие лица можат да бидат нужни наследници само ако се трајно неспособни за работа и немаат нужни сретства за живот.[40]

Големината на нужниот наслден дел како и кај нас за наследниците од првиот наследен ред имаат право на нужен дел во големина од 1/2 од делот што би му припаднал, а додека за

[35] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.30 ст.1
[36] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.30 ст.2
[37] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.30 ст.3
[38] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.31
[39] Закон о наслеђивању "Службен гласник РС"бр.46/95 од 04.11.1995 година, члан 39 ст.1
[40] Закон о наслеђивању "Службен гласник РС"бр.46/95 од 04.11.1995 година, члан 39 ст.2

останатите наследници предвидени со законот како нужни наследници големината на наследниот дел изнесува 1/3 од делот што би му припаднал.[41]

Ограничувањето на одговорноста на наследниците за долговите на оставителот е истотака битна карактеристика на нашето наследно право.

Погоре наведовме дека кога се наследува оставината на оставителот наследниците покрај тоа што го наследуваат имотот на оставителот, ги наследуваат и сите права и обврски на оставителот.

Во Законот за наследувањето во посебна глава е уредена одговорноста на наследниците за долговите на оставителот.

Така со законот е утврдено дека до висината на наследниот дел е одговорноста на наследникот за долговите на оставителот. [42]Одговараат само наследниците кои се прифатиле за наследници а додека наследниците кои не прифатиле наследен дел немаат никаква одговорност за долговите на оставителот. Во случајот кога како наследници се јавиле повеќе лица секој од нив одговара солидарно до висината на она што го наследил. Во случаите кога пак наследувањето било со тестамент а наследниците не наследиле во еднаква вредност тогаш во тој случај секој од нив одговара срразмерно на делот или вредноста кои ги наследил.

Постапката за расправање на оставината на оставителот согласно нашето позитивно право ја спроведува судот во вонпарнична постапка.

Со новиот Закон за вонпарничната постапка (Сл.Весник на РМ бр.9/2008 година), каде што во посебна глава е регулирана оставинската постапка се внесоа новини со кои се предвидува Претседателот на судот на нотарите од подрачјето на тој суд да им ги довери оставинските предмети заради расправање на оставина.

Судот оваа постапка ја покренува по службена должност веднаш штом ке узнае дека определно лице починало односно кога матичарот на судот ќе му достави Смртовница за определено лице.

Согласно нашето позитивно право основните фактори за определување на кругот на законските наследници се сродството, бракот и живеењето во трајната заедница, па врз основа на тие фактори наследниците се групирани во три наследни реда. Тоа се фактите преку кои се воспоставува врска на некое лице со оставителот и кои се земаат во предвид при определувањето на лицата кои треба да се повикаат за да бидат наследници.

### 4.1.2. ФОРМИРАЊЕ НА НАСЛЕДНИТЕ РЕДОВИ

Во нашето наследно право согласно Законот за наследување од 1992 година наследниците во наследните редови се групираат со примена на парентеларно – линеарниот систем.

[41] Закон о наслеђивању "Службен гласник РС"бр.46/95 од 04.11.1995 година, член 40
[42] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.137

Тоа значи дека редот на наследувањето меѓу претходниците кои се јавуваат како родоначалници и страничните роднини во една парентела се определуваат според поделбата на претходниците (претците) на секоја парентела на гранки.

Нашиот Закон за наследувањето, таксативно ги набројува и распределува лицата кои се јавуваат како наследници во законски наследни редови.

Така во Законот за наследување е определено дека врз како законски наследници на покојниот - оставителот го наследуваат неговите деца (во законот се употребува терминот потомци), посвоениците на оставителот и нивните деца (потомци) Понатаму во истиот став покрај децата и нивните правни наследници го набројува брачниот другар на оставителот, посвоителите на оставителот и родителите на оставителот како и браќата и сестрите на оставителот и нивните деца (потомци). На крај наведува дека оставителот го наследуваат и дедовците и бабите и нивните деца (потомци). .[43]

Гледаме дека напред наведените лица законот како точка на врзување помеѓу нив и оставителот односно фактор врз основа на кој овие лица се јавуваат како наследници го третира сродството и тоа крвното и врз основа на посвојување кои се помеѓу себе изедначени, и брачната врска.

Сите напред наведени лица со законот се поделени во наследни редови па така и наследуваат а подалечниот наследен ред е секогаш исклучен од поблискиот наследен ред.[44]

Во законот покрај лицата кои доаѓаат на ред на наследување во наследните редови и се поврзани меѓу себе врз основа на сродството и брачна заедница, наброени се и лица како што се чуваникот и хранителот, посинокот, очувот, маќеата, снаа, свекор и свекрва, зет, тест и тешта и други лица, и истите се наследуваат помеѓу себе а за кои како точка на врзување се јавува заедницата на живеење. Меѓутоа за овие лица се предвидени и условите и друг начин согласно Законот за наследувањето. [45]

Сите напред наведени лица се распоредуваат во неслдни редови и така и наследуваат.[46]

4.1.2.1 Првиот наследен ред во македонското позитивно право

Формирањето на првиот наследен ред започнува со оставителот кој се јавува како родоначалник на таа парентела. Кај нас и во останатите земји од континенталниот систем каде е прифатен парентеларниот систем формирањето на наредните линии започнува со децата како правни следбеници на оставителот. Од тоа колку деца - синови и ќерки има оставителот зависи бројот на линиите на парентелата, па така колку деца имал оставителот толку линии ќе бидат оформени - сите деца се еднакви и рамноправни во наследувањето. Следствено на напред

[43] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.12 ст.1
[44] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.12 ст.3
[45] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.12 ст.4
[46] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.12 ст.2

наведеното произлегува дека од бројот на децата - потомците на оставителот ќе зависи и бројот на наследните делови на кои ќе се дели оставината, овде кон нив се додава и делот на брачниот другар доколку го има.[47]

Согласно Законот за наследувањето децата и брачниот другар на оставителот на еднакви делови ја наследуваат оставината на оставителот пред сите останати. Оваа законска одредба јасно кажува дека првиот наследен ред го сочинуваат брачниот другар на оставителот и неговите деца.

Понекогаш во пракса се јавуваат случаи кога некои од децата - потомците не се живи во моментот на отварањето на оставината, или пак истите не сакаат да наследат или од определени причини во законот не се подобни за наследници. Правото на претставување кое подетално го опишавме погоре се применува кога во пракса се јавува ваков случај и ваквата негова примена значи дека потомците на тие наследници доаѓаат на ред за наследување и ним ќе им припадне па наследниот дел од нивните родители. Правото на претставување може да се применува без ограничување, се додека не се исцрпи таа линија во таа парентела, се додека има лица кои може да се јават како наследници.

Доколку евентуално некое од децата починало пред оставителот неговиот дел од оставината го наследуваат неговите деца, внуци на оставителот, и тоа во големина како што би му припаднал на порано умреното дете. Внуците на оставителот делот од нивниот порано починат родител ќе го наследат на еднакви делови. Овде во првиот наследен ред Законот за наследување предвидува примена на правото на претставување без ограничување и се применува се додека од починатите потомци на оставителот постојат наследници кои ќе дојдат на ред за наследување. [48]

Правото на прираснување се применува и во овој наследен ред иако овде не доаѓа толку до израз ефектот што тоа го има, како во вториот и третиот наследен ред бидејки овде роднинските врски и близината на сродството меѓу наследниците се поблиски. Законот не ги дава овие ситуации кои сепак може да се јават во пракса. Така кога во првиот наследен ред оставителот не оставил брачен другар по себе, а имал деца од кои едното го надживеало а другото не го надживеало а по себе не оставил свои наследници-потомци во таков случај делот кој би му припаднал на порано починатото дете ќе му припадне - ќе прирасне кон делот на другото дете кое го надживеало оставителот. Ако има повеќе деца кои се јавуваат како наследници тогаш делот од порано починатиот потомок ќе се подели меѓу сите деца и ќе прирасне кон нивните наследни делови.

Нашиот Закон за наследувањето не разликува брачни и вонбрачни деца - тие се изедначени, а изедначено е и крвното сродство со сродството со посвојување, што не било случај во минатото кога правото на вонбрачните деца на оставителот да добијат наследен дел од оставината на оставителот при законското наследување не било признаено и законски уредено.

Во Законот за наследувањето со член 15 е предвидено дека кога оставителот има деца кои не се заеднички со неговиот брачен другар кој се јавува како наследник, а надживеаниот брачен

[47] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.13 ст.1
[48] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.14

другар има имот кој е поголем од она што би му припаднало како наследен дел од оставината на оставителот ако истата се подели на еднакви делови, во тој случај на потомците на оставителот му следува двапати поголем дел отколку на брачниот другар на оставителот.[49]

Со тоа се дава можност на децата да им биде зголемен наследниот дел. За да се примени одредбата од член 15, судот не внимава по службена должност туку наследниците треба да истакнат барање по тој основ во текот на расправањето на оставината на оставителот, па судот/нотарот понатаму одлучува дали оваа одредба непосредно ќе се примени или пак може да одлучи доколку постои спор наследниците да ги упати на парница. Ваквата одредба претставува отстапување од предвиденото законско решение каде брачниот другар е изедначен во наследниот дел со наследните делови на секое од децата.

Доколку дојде до примена на оваа одредба во тој случај органот кој ја води постапката ќе треба да ги зголеми наследните делови на овие деца. Законодавецот во тој случај како што видовме погоре предвидел фиксна големина па наследниот дел на секое од децата ќе биде двапати поголем дел од делот кој би му припаднал на надживеаниот брачен другар на оставителот.

Овде во овој дел треба да наведеме и дека се јавуваат ситуации во праксата кога оставителот не оставител потомци - било да се заеднички или не со надживеаниот брачен другар (а тоа подразбира и во онаа ситуација кога оставителот оставил, но тој потомок е недостоен или е исклучен од нужниот дел за наследување) тогаш брачниот другар се јавува како наследник на вториот наследен ред. Доколку пак и овј ред е исцрпен односно нема наследниците и од вториот наследен ред тогаш брачниот другар на оставителот е наследник на целокупната оставина на оставителот.[50]

Во првиот наследен ред чести се ситуации во праксата кога брачниот другар ќе се јави како единствен законски наследник на оставината на оставителот. Тоа е во случај кога оставителот иако оставил потомци или посвоеници а тие се откажале односно не се прифатиле за наследници.

Со Законот за наследување при давањето на наследничка изјава секој од наследниците, зависно од неговата волја, може до завршување на постапката за расправање на оставината, пред органот кој ја води постапката, да даде изјава со која се откажува од наследство. [51] Во таква ситуација надживеаниот брачен другар се јавува како единствен наследник од првиот наследен ред и ја наследува целата оставина.

Табела бр.1 Приказ на Прв наследен ред според законодавството на Република Северна Македонија

| Наследници | Наследен дел | Право на претставување | Право на прираснување | Зголемување на наследен дел | Големина на зголемување |
|---|---|---|---|---|---|

[49] Закон за наследувањето, Сл.весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 чл.15
[50] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.19
[51] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47 од 12.09.1996 година, чл.128 ст.1

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Потомци на оставителот | Еднаков | Се применува | Се применува | Да, кога децата не потекнуваат од брачниот другар на оставителот | Двапати поголем дел одколку делот на брачниот другар |
| Брачен другар на оставителот | Еднаков | Се применува | Се применува | Не се применува | Не се применува |

4.1.2.2. Вториот наследен ред во македонското позитивно право

Вториот наследен ред доаѓа на ред за наследување откако органот кој ја води постапката утрдил дека нема наследници од првиот наследен ред согласно законските одредби, а и од податоците кои се содржани во смртовницата како и од изјавите на лицата повикани на наследство судот тоа го потврдил.

Во вториот наследен ред согласно законот родителите и брачниот другар на оставителот ја наследуваат неговата оставина.[52]

Кај вториот наследен ред големината на наследните делови е нешто поинаква од онаа во првиот наследен ред. Овде родителите на оставителот од една страна а брачниот другар од друга страна наследуваат по една половина од оставината на оставителот односно наследуваат еднакви делови.[53]

Родителите на умрениот ќе ја наследат еднакви делови од целата оставина, доколку се јави ситуација каде по оставителот не останал брачен другар.[54]

Во вториот наследен ред гледано во однос на наследниот дел на брачниот другар кој го надживеал оставителот од првиот наследен ред, можеме слободно да заклучиме дека овде тој има поповолна положба бидејќи неговиот наследен дел законски е утврдено дека изнесува една половина и таа половина е фиксно утврдена не може да се намали, освен под определни услови, а додека другата половина ја наследуваат родителите на оставителот која ја делат помеѓу себе на еднакви делови, за разлика од првиот наследен ред каде наследниот дел на брачниот другар беше еднаков со наследните делови на секој од потомците на оставителот и зависеше од бројот на потомците на оставителот. Овде во вториот наследен ред брачниот другар на оставителот наследува двапати поголем дел од секој од родителите на оставителот. При утврдувањето на кругот на наследниците во вториот наследен ред како фактори се земени брачната врска и сродството. Во теоријата е застапено становиштето дека одредбата со која се предвидува брачниот другар да

[52] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година, чл.16 ст.1
[53] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр..47/96 од 12.09.1996 година, чл.16 ст.2
[54] Закон за наследувањето Сл.весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година чл.16 ст.3

наследи поголем наследен дел од другите наследници во овој наследен ред се должи уште и на примената на факторот - заедницата на живеење со оставителот, во која заедница истите покрај брачните односи воспоставиле и имотни односи и стопанисувале со заедничкиот имот стекнат во бракот, па еднаквиот третман на брачниот другар на оставителот со останатите наследници од овој ред не би бил правичен.

И во овој ред доаѓа до примена на начелото на претставување и тоа неограничено.

Доколку е случај да починал едниот од родителите на оставителот кој починал пред оставителот, тогаш неговиот дел им шрипаѓа на неговите деца - кои се браќа и сестри на оставителот, а понатаму доколку се покојни сите или некои од браќата и сестрите на оставителот на ред за наследување ќе дојдат нивните деца, кои се внуци и правнуци на оставителот и се понатаму додека се црпе правото на претставување.[55] Во овие линии наследниците ги наследуваат нивните наследни делови според правилата за наследување од првиот наследен ред и правото на претставување предвидено во првиот наследен ред.

Ако пред оставителот починале и двајцата негови родители, деловите од оставината што им припаѓа на секој од нив, според правото на претставување ќе го наследат нивните деца кои се всушност браќата и сестрите на оставителот. Ова е предвидено согласно член 17 од Законот за наследување. Доколку браќата и сестрите на оставителот не се сите полнородни не потекнуваат од исти заеднички родители - мајка и татко тогаш се формираат две линии каде нивните покојни родители се родоначалници во тие линии, па во тој случај наследниците потомци ќе наследат така што наследниците (браќа и сестри и нивни потомци) по мајка ќе го наследат мајчиниот дел а наследниците потомци (браќа и сестри и нивни потомци) по татко ќе го наследат татковиот дел. Оние кои што се заеднички и по мајка и по татко ќе наследат два дела.[56]

Од напред наведеното утврдуваме дека родителите на оставителот се родоначалници на вториот наследен ред. Во зависност од тоа дали ако има и брачен другар на оставителот во овој наследен ред тогаш се родоначалници во делот на едната половина која им припаѓа ним а доколку оставителот не оставил брачен другар тогаш се родоначалници на целокупната оставина.

Овде во овој наследен ред во случаите кога наследуваат браќата и сестрите може да се јават неколку ситуации во правната практика а водени од животните ситуации а кои правно се решаваат согласно став 3 од член 17 од Законот за наследувањето.

Иако ретки сепак во пракса се случува на наследство да се повикани полуродни браќа и сестри на оставителот. Па така кога станува збор за браќа и сестри на оставителот само по татко, тие наследува еден наследен дел од оставината поделена на еднакви делови колку што е бројот на наследници по линијата од каде дошле на ред за наследување односно таткото. Исто е и кај полуродните наследниц по мајка и тие наследуваат наследен дел од делот од мајката поделен на еднакви делови  и со тоа се наследници на делот од оставината по мајката. А кога се работи за

[55] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр..47/96 од 12.09.1996 година, чл.17 ст. 1

[56] Закон за наследувањето Сл.Весник на РМ бр. бр.47/96 од 12.09.1996 година, чл.17 ст.2

полнородни браќа и сестри или како што законот ги именува како родени браќа и сестри, тие со браќата и сестрите по мајка на еднакви делови го наследуваат мајчиниот дел од оставината, а со браќата и сестрите по татко на еднакви делови го наследуваат татковиот дел.

Покрај правото на преставување и правото на прираснување согласно нашето законодавство е предвидено во вториот наследен ред.

Така согласно Законот за наследувањето делот од оставината што би му припаднал да го надживеал оставителот го наследува другиот родител, ако едниот од родителите на оставителот починал пред оставителот и не оставил по себе свои деца, а доколку пак починале и двајцата пред оставителот, нивните деца го наследуваат она што според законот ги следува и едниот и другиот родител и тоа на начин како што е предвидено за браќата и сестрите на оставителот согласно чл.17 од законот за наследувањето. [57]

Во членовите 18 и 19 од Законот за наследувањето најјасно се огледа правото на прираснување.

Така кога починал едниот родител а не оставил деца по себе тогаш неговиот дел се прираснува кон наследниот дел на другиот родител, па тука не само што се применува правото на претставување туку истовремено доаѓа до примена и на правото на прираснување. Така е и кога и двајцата родители на оставителот починале, делот од оној што не оставил свои потомци се прираснува кон делот на оној што оставил свои потомци и тие по правото на претставување го наследуваат наследниот дел на својот предок, што значи дека полубраќата на оставителот го наследуваат и наследниот дел на брачниот другар на нивниот родител кој не оставил свои други потомци (освен оставителот), а кој е еден од родителите на нивниот полубрат - оставителот. Ова се пренесува и на наредните претставници по таа линија се додека по правото на претставување на претходно прираснатиот дел не дојде на ред понекогаш и неколку колена оддалечен роднина.

Правото на прираснување се применува и во однос на брачниот другар па тој ќе ја наследи целата оставина кога починале и двата родители на оставителот а не оставиле ниту еден наследник по себе[58]. Тука под фактот дека не оставиле ниту еден потомок повторно треба да се подразбира и во случајот кога наследниците од првиот ред се исклучени од наследување и на нужниот дел, се недостојни за наследување но не и кога се откажале од наследство бидејќи по правото на претставување преминува на нивните наследници.

Кога зборуваме за правото на наследување на брачниот другар како наследник во вториот наследен ред мораме да ги наведеме и случаите на зголемување на наследниот дел на брачниот другар. Па така кога пред судот овој наследник ќе постави вакво барање а истиот нема нужни сретства за живот, органот кој ја води постапката може да реши еден дел од оној дел од оставината што би им припаднал на другите наследници да го наследи брачниот другар на оставителот. Органот кој ја води постапка може да реши брачниот другар биде единствен наследник и на целата

[57] Закон за наследувањето, Сл.весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година чл.18
[58] Закон за наследувањето, Сл.весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година чл.19

оставина, доколку таа има многу мала вредност, па доколку биде поделена, би дошло до скудност на брачниот другар. [59] Судот при донесувањето на одлуката во овој случај треба да ги разгледа способноста за стопанисување на брачниот другар, неговите имотните прилики, имотните прилики на останатите наследници, колку тие се способни да стопанисуваат а пред се најголемо значење има вредноста на оставината. [60]

Вакво исто решение законот предвидел и кога со брачниот другар во вториот наследен ред доаѓа на ред за наследување родителите на оставителот, па во тој случај може да дојде до зголемување на наследниот дел родителите на оставителот. Органот кој ја води постапката може да реши да се зголеми нивниот наследен дел кога ова барање ќе биде поставено пред него и кога ќе утврди дека родителите на оставителот немаат нужни сретства за живот. [61]Така може да реши да им припадне еден дел од наследниот дел на брачниот другар, а може да реши ако е од толку мала вредност да ја наследат целата оставина, затоа што долколку се дели родителите на оставителот би можеле да паднат во скудност. И овде судот/органот кој ја води постапката при одлучувањето ќе ги има во предвид истите факти како и кога се зголемува наследниот дел на брачниот другар.[62]

Ова право на брачниот другар и родителите на оставителот да бараат да им се зголеми наследниот дел или да ја наследат во целост оставината на оставителот е нивно лично право. Истото не преминува на нивните наследници и тоа тука гасне.

Како наследници од вториот наследен ред во нашиот закон за наследувањето се јавуаат и лица кои живееле во трајна заедница со оставителот. Овие лица се таксативно наброени во Законот за наследувањето и тоа се: кога чуваникот взаемно се наследува со хранителот, кога посинокот взаемно се наследува со паштерката, очувот и маќеата, кога зетот взаемно се наследува со тестот и тештата, како и кога взаемно се наследуваат лица кои се крвни роднини. [63] Покрај постоењето на животната заедница која најмалку треба да трае 5 години законот предвидува и услов оставителот да не оставил брачен другар како и останати наследници од првиот наследен ред и од вториот наследен ред родители, браќа и сестри.[64]

Лицата кои наследуваат согласно овој член во вториот наледен ред наследуваат еднакви делови. [65]

Гледаме дека законот поставил неколку услови за да настане наледно правен однос за овие лица во вториот наследен ред и тоа: постоење на трајна заедница меѓу овие лица и оставителот, за која законот утврдил истата да траела најмалку 5 години без прекин од засновањето се до смртта на покојниот и како втор услов е предивдено непостоењето наследници од првиот наследен ред како и родители и браќа и сестри на оставителот од вторилот наследен ред. Законот овде врши попрецизно

[59] Закон за наследувањето, Сл.Весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година, чл.27 ст.1
[60] Закон за наследувањето, Сл.Весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година, чл.27 ст.2
[61] Закон за наследувањето, Сл.Весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година, чл.28 ст.1
[62] Закон за наследувањето, Сл.весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година, чл.28 ст.1
[63] Закон за наследувањето, Сл.Весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година, чл.29 ст.1
[64] Закон за наследувањето, Сл.Весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година, чл.29 ст.3
[65] Закон за наследувањето, Сл.весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година, чл.29 ст.2

дефинирање на поимот чуваник а тоа е дете кое хранителот (оставителот) не го посвоил а го довел кај себе да го чува како свое дете.[66]

Табела бр.2 Приказ на Втор наследен ред според законодавството на Република С.Македонија кога наследуваат родителите и брачниот другар

| Наследници | Наследен дел | Право на претставување | Право на прираснување | Зголемување на наследен дел | Големина на зголемување |
|---|---|---|---|---|---|
| Брачен другар на оставителот | Еднаков (Брачниот другар сам добива 1/2 идеален дел | Се применува | Се применува | Да, ако нема нужни сретства за живот | Еден дел по проценка на судот на терет на наследниците од II наследен ред |
| Родители на оставителот | Еднаков (родителите и двајцата добиваат 1/2 половина) | Се применува | Се применува | Да, ако немаат нужни сретства за живот (може и спрема б.д. на оставителот и спрема неговиот б.д. и неговите наследници ) | Еден дел по проценка на судот |

4.1.2.3. Третиот наследен ред во македонското позитивно право

Третиот наследен ред согласно нашето законодавство го сочинуваат дедовците и бабите на оставителот, под услов оставителот да не оставил наследници од претходните наследни редови, па се додека постојат условите за примена на наследувањето од првиот и вториот наследен ред, па дури и кога наследници би се јавиле лицата кои живееле во трајна заедница, наследниците од третиот наследен ред не можат да дојдат на ред за наследување.[67]

Кога доаѓа до наследување во третиот наследен ред во пракса се формираат две лози. Едната лоза ја сочинуваат дедовците и бабите од таткото на оставителот а другата лоза ја

[66] Закон за наследувањето, Сл.Весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година, чл.29 ст.4
[67] Закон за наследувањето, Сл.Весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година, чл.20

сочинуваат дедовците и бабите по мајката на оставителот. Така овие наследници се јавуваат како родоначалници - секои на својата лоза едната од таткото а другата од мајката.

По основа на формирањето на кругот на наследниците по лози се определуваат и наследните делови наследниците и нивната големина. Оставината најпрвин се дели на два еднакви дела по еден за секоја од лозите, едната половина на дедото и бабата по таткова лоза и другата половина на дедото и бабата по мајчината лоза. [68]Бидејќи имаме четворица родоначалници толкав наследен дел ќе добие секој од нив - по една четвртина. [69]

И овде во третиот наследен ред, како и во останатите наследни редови доаѓа до неограничена примена на правото на претставувањеи правото на прираснување[70], па на ред за наследување доаѓаат и странични роднини, кои имаат најблиски заеднички претци било тоа да е бабата и дедото од мајчината лоза или бабата и дедото од татковата лоза, па како наследници може да се јават чичковците, вујковци, тетки на оставителот и нивните потомци по правото на преставување се додека има наследници. Гледаме дека колку повеќе доаѓа до примена правото на претставување толку поголем е кругот на наследниците.

Бидејќи секоја од бабите и секој од дедовците по мајчина или таткова страна формираат посебни четири лини каде кажавме тие се родоначалници - носители на секоја од тие линии, во случај на смрт на било кој од нив се применува правото на преставување и ги наследуваат нивните деца, внуци, правнуци и така се додека ова право може да се применува. Во пракса гледано секоја од овие четири линии е носител и потенцијален наследник на 1/4 идеален наследен дел. Доколку се живи двете баби и двата дедовци на оставителот тогаш сите наследуваат по 1/4 идеален наследен дел. Доколку пак било кој или сите баби и дедовци на оставителот починале тогаш деловите се утврдуваат внатре во секоја линија а врз основа на примена на правото на претставување и правото на присраснување. Така ако било која од линиите се исцрпе или пак во таа линија нема наследници односно потомци на носителот на линијата тогаш доаѓа примената на правото на прираснување. Во тој случај се прираснува делот на носителот на линијата кој не оставил потомци со делот на другиот носител на линијата а тоа е неговиот брачен другар доколку тој е жив, а ако не е по правото на претставување неговите деца, внуци и нивните потомци.

Иста е ситуацијата и кога ке се исцрпе едната лоза односно кога дедото и бабата од едната лоза починале без потомство тогаш доаѓа до примена на правото на прираснување на делот од едната лоза кон наследниците односно дедото и бабата од другата лоза или во случај кога тие починале по правото на претставување нивните потомци. [71]

Друга важна карактеристика за наследниците од третиот наследен ред е тоа што тие во никој случај не можат да се јават како нужни наследници.

[68] Закон за наследувањето, Сл.Весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година, чл.20 ст.2
[69] Закон за наследувањето, Сл.Весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година, чл.21 ст.1
[70] Закон за наследувањето, Сл.Весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година, чл.21 ст.2
[71] Закон за наследувањето, Сл.Весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 година, чл.22

Со оглед на тоа што во нашиот наследно-правен систем бројот на законски наследни редови е ограничен на три, доколку нема ниту еден наследник од третиот наследен ред оставината се смета за оставина без наследник и според Законот за наследување таа и припаѓа на Република Македонија.[72] Државата не може да се откаже од приемот на оставината. Со тоа што државата ја добива оставината, заедно со неа таа ги презема и обврските и долговите на оставителот, но само до висината на вредноста на оставината што ја добила.

Табела бр.3. Табеларен приказ на законското наследување во Република С. Македонија во Третиот наследен ред.

| Наследници | Наследен дел | Право на претставување | Право на прираснување | Зголемување на наследен дел | Големина на зголемување |
|---|---|---|---|---|---|
| Дедовци и баби на оставителот по татко | 1/2 идеален дел | Се применува | Се применува | Не се применува | Не се применува |
| Дедовци и баби на оставителот по мајка | 1/2 идеален дел | Се применува | Се применува | Не се применува | Не се применува |

[72] Закон за наследувањето, Сл.весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 чл.11

Табела бр.4 Сумарна табела на законското наследување во Р:С.Македонија по наследни редови

| Наследници | Наследен дел | Право на претставување | Право на прираснување | Зголемување на наследен дел | Големина на зголемување |
|---|---|---|---|---|---|
| Потомци на оставителот | Еднаков | Се применува | Се применува | Да, кога децата не потекнуваат од брачниот другар на оставителот | Двапати поголем дел одколку делот на брачниот другар |
| Брачен другар на оставителот | Еднаков | Се применува | Се применува | Не се применува | Не се применува |
| Брачен другар на оставителот | Еднаков (Брачниот другар сам добива 1/2 идеален дел | Се применува | Се применува | Да, ако нема нужни сретства за живот | Еден дел по проценка на судот на терет на наследниците од II наследен ред |
| Родители на оставителот | Еднаков (родителите и двајцата добиваат 1/2 половина) | Се применува | Се применува | Да, ако немаат нужни сретства за живот (може и спрема б.д. на оставителот и спрема неговиот б.д. и неговите наследници ) | Еден дел по проценка на судот |
| Дедовци и баби на оставителот по татко | 1/2 идеален дел | Се применува | Се применува | Не се применува | Не се применува |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Дедовци и баби на оставителот по мајка | 1/2 идеален дел | Се применува | Се применува | Не се применува | Не се применува |

## 4.2.. ЗАКОНСКОТО НАСЛЕДУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА

### 4.2.1. Карактеристики на законското наследување во Република Србија

По осамостојувањето од СФРЈ и во Република Србија како и во останатите поранешни членки на СФРЈ, во 1995 година, во месец ноември е донесен посебен Закон за наследувањето (Закон о наслеђивању "Службен гласник РС"бр.46/95 од 04.11.1995 година). Дотогаш во важност бил и се применувал Законот за наследувањето на СРС од 1974 година.

Како и кај нас и во Р.Србија основи врз кои може да се наследи се законот и тестаментот.

Така во член 2 од Законот за наследувањето на Република Србија е наведено дека се наследува врз основа на закон и тестаментот. Во законот изрично е предвидено дека е ништовен договорот со кој некој својот имот или дел од него го остава на својот содоговарач или на некој трет, [73]како и дека ништовен е договорот со кој некој оттуѓува наследство кое го очекува како и секој договор за наследство на некој трет кој сеуште е жив[74].

При утврдувањето на тоа што претставува оставина законодавецот дава доста опфатна дефиниција па наведува дека тоа се сите подобни права кои му припаѓале на оставителот во моментот на смртта, но тоа не се предметите од домаќинството од мала вредност кои служат на секојдневните потреби на потомците на оставителот, неговиот брачен другар и родителите, ако со оставителот живееле во исто домаќинство и дека овие предмети претставуваат заедничка сопственост на овие лица.

Понатаму законот јасно наведува дека во оставината на оставителот влегуваат сите подобни права за наследување што во моментот на смртта на оставителот биле негови,[75] а не влегуваат предметите од домаќинството од помала вредност (покуќнина, мебел, постелнина и слично) кои им служат на секодневните потреби на потомците на оставителот, неговиот брачен другар и родителите, ако живееле заедно со оставителот во истото домаќинств, па овеие предмети по смртта

[73] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.179

[74] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.180

[75] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.1 ст.2

на оставителот стануваат нивна сопственост. [76]Тука не влегуваат и добрата со кои неговите потомци го зголемиле имотот на оставителот, а кои со него живееле во заедница и кои со својот труд заработка или на друг начин му помагале во стопанисувањето, па тие добра му припаѓаат на потомокот сразмерно за делот за кој го зголемил имотот на оставителот.[77]

Кај нас ваква одредба која посебно би се однесувала само на потомците на оставителот не постои во Законот за наследувањето. Кај нас согласно нашето позитивно право потомците на оставителотова право можат да го остваруваат согласно Законот за сопственост и други стварни права, каде е предвидена генерална одредба за лицата кои живееле во заедница со оставителот.

Со овој закон како и со претходните Сојузниот од 1955 година кој важел за целата СФРЈ и подоцна Републичкиот од 1974 година, во Република Србија, повторно бил прифатен концептот на неограничен број на наследни редови. Правото на претставување и правото на прираснување се применуваат без ограничување во сите наследни редови на ист начин како и во нашето законодавство.

Како што кажавме погоре наследното право секој правен систем има свои карактеристики кои произлегуваат од начелата прифатени во него.

Фактот дека правните системи и на двете земји припаѓаат на истиот континентален систем, дека се работи за соседни држави кои негуваат во голема мера исти вредности и традиција во семејните односи, заедничката историја што пред 30 години и Република Северна Македонија и Република Србија припаѓаа на истиот политички, правен и економски систем како рамноправни членки, сите напред наведени факти го оставиле својот белег и во областа на наследното право. Токму во наследното право како и во семејното право еволуцијата и промените се одвиваат со побавно темпо, па оттука може да се очекува голема сличност а во некои случаи и идентичност во законските решенија за одделните институти во наследното право.

И со Законот за наследувањето на РС е утврдено дека наследството на едно лице се отвара со настапувањето на смртта на тоа лице а и прогласувањето на едно лице за умрено го има истото дејство.[78]

Ваквата карактеристика во теоријата позната како начело, како што кажавме и погоре а е внесена и во нашето законодавство, и е позната како универзална сукцесија.

Со Законот за наследувањето на РС, како и кај нас е продолжен континуитетот во рамноправноста во наследувањето и таа се однесува и на вонбрачното сродство и сродството со посвојување, па така со брачното е изедначено вонбрачното сродство, а со крвното сродство е изедначено сродството создадено со потполно посвојување. Еднаквиот статус на сите овие сродства

[76] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.1 ст.3

[77] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.1 ст.4

[78] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.206

едно со друго, за првпат беше внесен во Република Србија со Законот за наследување од 1955 година.

И со Законот за наследување на РС се предвидува дека под услови на реципроцитет и странските државјани во Република Србија имаат исти права како домашните државјани .[79]

Како и кај нас и во Република Србија согласно Законот за наследување на РС е утврдено дека по сила на законот оставината поминува во рацете на наследниците во моментот на смртта на оставителот,[80] а како што кажавме и погоре во теоријата оваа карактеристика е позната како ipso iure начело.

Како што кажавме погоре дека во нашето наследно право кога како основ за наследување се применува наследувањето врз основа на тестамент правото на располагање на тестаторот со неговата оставина има одредени ограничувања, и во наследното право на Република Србија е предвидено ова ограничување кога не се запазени одредбите на законот за одредени наследници чиј наследен дел е предвиден како нужен дел.

Во Законот за наследувањето на РС, во член 39 таксативно се наброени нужните наследници, па така овде покрај оние што се наброени како нужни наследни со нашиот Закон за наследување на РМ - потомците (децата и посвоениците) и брачниот другар, овде влегуваат и родителите, посвоителот, браќата и сестрите, дедовците и бабите и другите предци. Кај нас покрај тоа што кругот на нужните наследници е потесен, за одделните наследници со законот се предвидени и услови за да истите имаат право на нужен наследен дел.

За дел од овие да лица влезат во кругот на нужните наследници законот не предвидел дополнителни услови, туку битно е истите да ги исполнуваат условите да бидат наследник секој од нив.

Единствени дополнителни услови се превидени кога се работи во случај на непотполното посвојување, браќата и сестрите на оставителот, неговите дедовци и баби и останатите предци па овие лица можат да бидат нужни наследници само ако се трајно неспособни за работа и немаат нужни сретства за живот.

Со Законот за наследувањето на Република Србија на нужниот наследник му припаѓа нужен дел во паричен износ, а само по негово изречно барање овој дел може да биде некое стварно право. Кај нас во законот е определено дека наследниот дел на нужниот наследник претставува определен дел од секој предмет и од правата кои влегуваат во оставината на оставителот. Постои и можност со тестаментот тестаторот да определи наследникот својот нужен дел да го оствари и во определени пари, предмети и права.[81]

[79] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.7

[80] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.212

[81] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.43

Како и кај нас и во Законот за наследување на РС е предвидено дека одговорноста на наследниците да изнесува колку што е наследениот дел.[82]

Оваа одговорност на наследниците е регулирана во посебен дел од законот со членовите од 222 до 227 .

Ако направиме анализа на овие членови ќе дојдеме до заклучок дека и овде е прифатен идентичен механизам како оној со нашиот Закон за наследувањето. И со Законот за наследувањето на РС е превидено ограничувањето на одговорноста на наследниците за долговите на оставителот.

Така во член 222 до висината на наследниот дел е е ограничена одговорноста на наследникот за долговите на оставителот. Оттука логички проилегува дека одговараат само оние наследници кои прифатиле наследен дел а оние наследници што не прифатиле наследен дел немаат никаква одговорност за долговите на оставителот.

И овде законот согласно член 224 кога повеќе наследници прифатиле наследен дел определува дека секој од нив одговара солидарно до висината на она што го наследил.

Официјалноста на постапката за расправање на оставината на оставителот и во Република Србија е прифатена како начело, па согласно позитивното право ја спроведува судот во вонпарнична постапка, но во член 30-а од Законот за вонпарнична постапка на Република Србија (Сл.Гласник СРС бр.25/82 ....106/2015) е предвидено дека судот може на нотарот да му отстапи спроведување на постапки и поединечни работи кои спаѓаат во неговата надлежност, освен оние кои се однесуваат на статусните и семејните работи. Овде како и кај нас се прави со одлука на Претседателот на судот па на нотарите од подрачјето на тој суд им се доверуваат оставинските предмети заради расправање на оставината.

4.2.2. Формирање на законските наследни редови во Република Србија

Согласно Законот за наследувањето на Р.Србија, врз основа на закон оставителот го наследуваат неговите потомци, неговите посвоеници и нивните потомци, неговиот брачен другар како претставници на првиот наследен ред. Понатаму законот набројува дека тука влегуваат неговите родители, неговите посвоители, неговите браќа и сестри и нивните потомци. И овде како и кај нас се внесени бабите и дедовците на оставителот и нивните потомци. За разлика од фактот дека кај нас кругот на законските наследници застанува со утврдување на третиот наследен ред како последен ред за наследување во Законот за наследување на РС се продолжува и е внесен четврт наследен ред со што е проширено наследувањето и неговите прадедовци и прабаби. [83] Во член 20 како последен член се утврдува дека после правдедовците и прабабите на оставителот, на ред за

[82] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18), чл.222

[83] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18), чл.8

наследување на оставината доаѓаат неговите останати подалечни предци по ред како што наследуваат прадедвците и прабабите. И овде наследниците наследуваат по наследни редови и оние од поблиските наследни редови ги исклучуваат наследниците од подалечните наследни редови.[84]

Од напред наведеното гледаме дека законодавецот при набројувањето на лицата кои влегуваат во кругот на законските наследници прифатил една општа одредба со која наследувањето во поглед на наследните редови го прави да биде неограничено, па при непостоењето на наследници од претходниот наследен ред на ред за наследување доаѓаат наследниците од следниот наследен ред.[85] Кај нас како последни наследници од редот на претците на оставителот видовме дека се јавуваат бабите и дедовците на оставителот опфатени во третиот наследен ред и тука завршување наследувањето на сродниците на оставителот. За разлика од кај нас законодавецот во Р. Србија прифатил правото на наследување да го прошири за наследување се додека има предци на оставителот. Иако некој можеби ќе рече дека оваа законска определба значи нешто во смисол на право на претставување но во обратна смисла, но сепак не се работи за тоа бидејќи секој степен на сродство на предците претставува одделен ред за наследување кој доаѓа на ред откако претходниот ред на наследниците ќе биде исцрпен. Ваквата привидна состојба доаѓа оттаму што овде линијата на наследување кога ќе биде исцрпена во насока на потомците на оставителот таа продолжува до бесконечност кон предците на оставителот се додека ги има, за разлика од кај нас каде е прифатено дека линијата за наследување кон претците на оставителот како наследници завршува со бабите и дедовците на оставителот, но сепак законските одредби јасно е дека се работи за посебни наследни редови а не за примена на право на претставување гледано во насока кон предците на оставителот.

Доколку евентуално бидат исцрпени сите законски наследни редови што е речиси неможно, тогаш државата т.е. Република Србија е последен законски наследник, што е случај и кај нас, со таа разлика што овде во Законот за наследувањето во Р.Србија е прифатено становиште дека државата е наследник[86], а кај нас е утврдено дека на Република Македонија и припаѓа оставината бидејќи оставината е без наследници, со што се доаѓа до заклуок дека државата всушност врз основа на законот не наследува, туку се стекнува со право на сопственост врз имотот кој претставува оставина на оставителот.

.4.2.2.1. Прв наследен ред во српското позитивно право

Во Првиот наследен ред согласно Законот за наследувањето на РС (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18 ) влегуваат децата на

[84] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18), чл.8 ст.3

[85]Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.8 ст.1

[86] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18), чл.21

оставителот и неговиот брачен другар. Наследните делови помеѓу овие наследници се распределуваат на еднакви делови.[87]

Како и во нашето право и овде во српското законодавство при утврдувањето на големината на наследните делови, како можност за отстапување од редовното распределување на оставината на еднакви делови, е дадено само зголемувањето на наследниот дел на детето на кое брачниот другар на оставителот не му е родител. Како услови кои се предвидени за остварување на ова прево е неопходно имотот на брачниот другар да биде поголем од оној имот што како наследство од оставината би му припаднал при делбата на истата на еднакви делови Во тој случај на судот му е дадена улогата откако ги разгледа сите околности и ќе оцени дека зголемувањето на делот на детето е оправдано, секое оставителово дете да може да наследи до двапати повеќе отколку брачниот другар.[88], ако судот смета дека е оправдано, за разлика од кај нас каде законот утврдил фиксна големина па наместо до двапати е утврдено двапати. Овде од ова можеме да заклучиме дека на судот му е оставена покреативна улога да може самиот тој според фактите да цени дали и колку ке го зголеми делот на детето кое тоа го барало пред органот пред кој се води постапката.

И со Законот за наследување на Р. Србија како и кај не е дадена можност да на брачниот другар во првиот наследен ред на сметка на наследните делови потомците на оставителот, му се зголеми неговиот наследен дел., со што гледаме дека при донесувањето на законот законодавецот и овде при определувањето на кругот на законските наследници и нивните наследни делови на прво место го става крвното сродство после брачното.

Правото на претставување е предвидено со член 10 од Законот за наследување на РС и во првиот наследен ред. Како и кај нас и овде е дадено неограничено пренесување се додека постојат потомци на оставителот, па е утврдено дека ако детето на оставителот не може или не сака да наследи, неговиот дел на еднакви делови го наследуваат неговите деца кои се внуци на оставителот, а кога некои од внуците на оставителот не можат или не сакаат да наследат, неговиот дел на еднакви делови го наследуваат неговите деца - правнуците на оставителот и така по ред се додека оставителот има потомци кои можат да дојдат на ред за наследување.

Табела бр.5 Табеларен приказ на законското наследување во Првиот наследен ред во Република Србија

| Наследници | Наследен дел | Право на претставување | Право на прираснување | Зголемување на наследен дел | Големина на зголемување |
|---|---|---|---|---|---|

[87]Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.9

[88] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18), чл.9

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | е | | |
| Потомци на оставителот | Еднаков | Се применува | Се применува | Да, кога децата не потекнуваат од брачниот другар (б.д.) на оставителот | До двапати поголем дел од колку делот на б.д. (судот цени) |
| Брачен другар на оставителот | Еднаков | Се применува | Се применува | Не се применува | Не се применува |

4.2.2.2. Втор наследен ред во српското позитивно право

Во вториот наследен ред според Законот за наследувањето на РС влегуваат пред се брачниот другар на оставителот, како и неговите родители на оставителот и нивните потомци.[89] И овде како и кај нас на ист начин се распределува оставината па брачниот другар и родителите на оставителот добиваат по една половина, а една половина добиваат и по правото на претставување потомците на родителите на оставителот односно браќата и сестрите на оставителот.

Кога брачниот другар на оставителот не може да наследи (било да е тоа поради тоа што починал пред оставителот или пак од други законски причини не може да наследи) или пак не сака да наследи, тогаш целата оставина преминува во рацете на родителите на оставителот, и тие ја делат на еднакви делови [90].

Во случај кога едниот од родителите на оставителот има потомство, но не може или не сака да наследи неговиот дел го наследуваат неговите деца, понатаму по правото на претставување внуците и се натака додека има наследници [91] а ако немал свои потомци тогаш неговиот дел се прираснува кон наследниот дел на другиот родител на оставителот.[92]

Брачниот другар како наследник во вториот наследен ред ја наследува целата оставина само во случај кога родителите на оставителот не оставиле свое потомство, а не можат или не сакаат да наследат[93] .

За разлика од нашето законодавство каде нашиот законодавец предвидел можност за зголемувањето на наследниот дел на брачниот другар на оставителот и тоа на терет за еден дел од

[89] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.12
[90] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.12 ст.1 и 2
[91] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.13
[92] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.14
[93] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.15

оставината што би им припаднал на останатите наследници од тој наследен ред, со Законот за наследување на РС во вториот наследен ред, на брачниот другар во случајот кога е повикан на наследство со наследниците од вториот наследен ред, може во рок од една година од настапувањето на смртта на оставителот, доколку нема нужни сретства за живот, пред судот да постави барање за доживотно плодоуживање кое може да се однесува на целата или на дел од оставината наследена од останатите наследници, а може и да бара да му се предаде во сопственост целкупната оставина на оставителот доколку со нејзината поделба тој би западнал во тешка материјална положба што би го довела во немаштија.[94]

Во однос на доживотното уживање (плодоуживање) Законот за наследување на РС предвидел можност брачниот другар на оставителот и наследниците да можат во секое време со спогодба доживотното плодоуживање врз оставината кое му било определено на негово барање од судот, истото да го преиначат во доживотна рента.[95] Оваа рента доколку приликите поради кои на брачниот другар му припаднало правото на ова плодоуживање односно рента, да може да се укине. На повторното барање за промена судот пред кој е поставено ова барање има повторно обврска да ги цени сите околности битни за утврдување на фактите а пред се личната, брачната и имотната состојба не само на брачниот другар туку и на останатите наследници.[96]

Ова право на брачниот другар не може да се пренесува на неговите правни следбеници, бидејки како што кажавме погоре во делот за законското наследување во Република Северна Македонија е лично право, што значи со евентуалната негова смрт во меѓувреме, ова право се гасне. Овде со законот е уредено дека доколку брачниот другар на оставителот почине пред оставарувањето на ова право што значи и во случај да повел постапка ова право не преминува на наследниците. [97]

Покрај можноста од добивање доживотно плодоуживање или доживотна рента, или предавањето во сопственост на целата оставина во вториот наследен ред, законодавецот предвидел можност и за намалување на наследниот дел на брачниот другар. Ваквото намалување на наследниот дел на брачниот другар во овој законски ред Законот за наследувањето на РС го предвидел во два случаи и тоа кога брачниот другар доаѓа на ред за наследува со родителите на оставителот каде е предвидено како зголемување на наследниот дел на родителите на оставителот и кога на ред за наследување доаѓа со останатите наследници од вториот наследен ред каде е предвидено како намалување на делот на брачниот другар.

[94] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.23
[95] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.25 ст.1
[96] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.25 ст.2 и 3
[97] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.24

Намалувањето во корист на останатите наследници од вториот наследен ред е случај кога она што тој го наследил од оставителот изнесува повеќе од половината на неговиот посебен имот. Тогаш во овој случај наследниците од вториот наследен ред може во рок од една година од смртта на оставителот да бараат да се намали наследниот дел што му следува по законот, па во тој случај намалувањето на наследниот дел на брачниот другар може да биде намален до четвртина од оставината ако помеѓу оставителот и брачниот другар заедницата на живот не траела долго.[98]

Намалувањето на делот не се однесува спрема сите наследници, па тој дел му се доделува само на оној наследник кој пред органот кој ја води постапката поставил такво барање за намалување на наследниот дел на брачниот другар. Судот при одлучувањето за тоа за колку ќе биде намален делот на брачниот другар како околности ги цени од висината на она што брачниот другар го наследил и должината на траењето на заедницата на живот на оставителот и брачниот другар. [99]

Зголемувањето на наследниот дел на родителите на оставителот на терет на брачниот другар во вториот наследен ред може да досуди судот кога родителите на оставителот во рок од една година од смртта на оставителот поставиле такво барање. Тоа право им следува кога истите немаат нужни сретства за живот и со барањето може да бараат доживотно плодоуживање на дел или целата оставина што ја наследува брачниот другар на оставителот. Ако животната заедница на родителите на оставителот трајно престанала, родителот кој нема нужни средства за живеење, а животната заедница не престанала по негова вина, може да бара доживотно уживање во целина или дел од наследството кое го наследиле потомците на другиот родител. Родителот кој нема нужни средства за живот може да бара доживотно уживање на целата или на дел од оставината кој го наследиле потомците на другиот родител, ако другиот родител на оставителот не може или не сака да наследи. Родителите на оставителот може да бараат целокупната оставина да им припадне во сопственост ако вредноста на оставината е толку мала па нејзината делба би значела нивно запаѓање во немаштија . [100]

И ова право да бараат зголемување на наследниот дел им припаѓа само на родителите на оставителот. Нивните потомци кои би дошле на ред за наследување по правото на претставување не го наследуваат правото да бараат зголемување и на нивниот наследен дел, туку ова право е лично и им припаѓа само на родителите на брачниот другар на оставителот. [101]

[98] Закон о наслеѓивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.26 ст.1 и 2

[99] Закон о наслеѓивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.26 ст.3

[100] Закон о наслеѓивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.31

[101] Закон о наслеѓивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.33

Табела бр.6 Табеларен приказ на законот наследување во Вториот наследен ред во Република Србија

| Наследници | Наследен дел | Право на претставување | Право на прираснување | Зголемување на наследен дел | Намалување на наследен дел |
|---|---|---|---|---|---|
| Брачен другар на оставителот | Еднаков (Брачниот другар сам добива 1/2 идеален дел | Се применува | Се применува | Се применува во форма на: 1.Намалување на наследниот дел на др.наследници 2.Предавање во сопственост на целата оставина 3.Доживотно плодоуживање 4.Доживотна рента | Се применува (може да се бара во рок од 1 г. по смртта) |
| Родители на оставителот (и потомците) | Еднаков (родителите и двајцата добиваат 1/2 половина) | Се применува | Се применува | Да, ако немаат нужни сретства за живот (може и спрема б.д. на оставителот и спрема неговиот б.д. и неговите наследници ) | До 1/4 од она што би му припаднало на б.д. (се однесува само спрема наслдникот кој барал намалување) |
| Потомци на родителите на оставителот (наследуваат само ако нема родители) | Еднаков со б.д. | Се применува | Се применува | Се применува како намалување на наследен дел | До 1/4 од она што би му припаднало на б.д. (само спрема наследникот кој барал намалување) |

4.2.2.3. Трет наследен ред во српското позитивно право

Во Третиот наследен ред согласно член 16 од Законот за наследувањето е уредено дека го сочинуваат дедовците и бабите на оставителот и нивните деца. И овде како и во нашето законодавство се формираат две лози едната по линија на мајката на оставителот (мајчина лоза) а другата линија на таткото на оставителот (таткова лоза). Оставината во овој ред се дели на два еднакви дела по една половина за секоја од лозите наследува на еднакви делови.[102]

И во овој наследен ред како и претходните доколку некој од овие предци не може или не сака да наследи неговиот дел го наследуваат неговите деца, внуци и неговите подалечни потомци односно се применува правото на престставување неограничено.[103]

И во овој наследен ред како и во претходните наследни редови се применува правото на прираснување и тоа како внатре во самата лоза татки надовр од таа лоза, па така ако бабата и дедото од иста лоза немаат потомство а не можат или не сакаат да наследат, нивниот наследен дел го наследуваат дедото и бабата од другата лоза нивните деца и нивните подалечни потомци а според правилата за наследување на оставителот од неговите потомци. [104]

Табела бр.7 Табеларен приказ на законското наследување во Третиот наследен ред во Република Србија

| Наследници | Наследен дел | Право на претставување | Право на прираснување | Зголемување на наследен дел | Големина на зголемување |
|---|---|---|---|---|---|
| Дедовци и баби на оставителот по татко | 1/2 идеален дел (за секоја од лозите) | Се применува | Се применува | Не се применува | Не се применува |
| Дедовци и баби на оставителот по мајка | 1/2 идеален дел (за секоја од лозите) | Се применува | Се применува | Не се применува | Не се применува |

[102] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.16 и чл.17 ст.1

[103] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.17 ст.2

[104] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.18

4.2.2.4. Четврт и останати наследни редови во српското позитивно право

Прадедовците и прабабите на оставителотвлегуваат во четвртиот наследен ред.[105]

И овде како и во третиот наследен ред едната половина ја наследуваат прабабите и прадедовците по таткова линија а другата половина ја наследуваат прабабите и прадедовците по мајчина линија. Брачниот другар на предокот ќе го наследи делот на другиот брачен другар доколку некој од предците не може да наследи или не сака, а ако парот предци од иста лоза не можат или не сакаат да наследат, нивниот дел според правото на прираснување го наследува другиот пар предци од истата лоза. Ако и двата пара прадедовци и прабаби на една лоза не можат или не сакаат да наследат нивниот дел тогаш го наследуваат другите два пара прадедовци и прабаби од другата лоза. Оттука гледаме дека се применува правото на прираснување.[106]

Така како и погоре во случај на смрт на едниот прадедо или прабаба го наследуваат неговите потомци се додека не се исцрпе овој наследен ред во кој случај се применува правото на прираснување па наследниот дел од прадедото или прабабата го наследуваат наследниците-потомците на неговиот брачен другар, а во случај кога во едната од лозите од предците на оставителот нема наследници тогаш овој дел прираснува и го наследуваат другиот пар предци од другата лоза односно прадедовците и прабабите по другата линија.[107]

Од овој член гледаме дека овде не е предвидено освен предедовците и прабабите на двете лози по правото на претставување да можат како наследници во овој наследен ред да се јават нивните потомци, што значи дека законодавецот ја исклучил примената на правото на претставување почнувајки од четвртиот наследен ред, па со тоа што ако не наследат прадедовците и прабабите на оставителот овој ред - четвртиот е исцрпен, на ред за наследување доаѓа наредниот наследен ред.

Табела бр.8 Табеларен приказ на законското наследување во Четвртиот наследен ред во Република Србија

| Наследници | Наследен дел | Право на претставување | Право на прираснување | Зголемување на наследен дел | Големина на зголемување |
|---|---|---|---|---|---|
| Прадедовци и прабаби на оставителот | По 1/2 од за секоја лоза | Не се применува | Се применува | Не се применува | Не се применува |

[105] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.19 ст.1
[106] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.19 ст.2
[107] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.19 ст.3 ст.4 и ст.5

Останати наследни редови. Законот за наследување на Република Србија како што кажавме предвидува неограничени наследни редови па така после наследниот ред на оставителовите прадедовци и прабаби оставината ја наследуваат неговите натамошни предци кои дошле на ред за наследување. Во законот е утврдено дека во овој наследен ред се применуваат според правилата занаследување прадедовците и прабабите на оставителот, што значи дека и кога доаѓаат на ред за наследување овие редови се применува правото на прираснување но не и правото на претставување.[108]

Табела бр.9 Табеларен приказ на законското наследување во останатите наследни редови во Република Србија

| Наследници | Наследен дел | Право на претставување | Право на прираснување | Зголемување на наследен дел | Големина на зголемување |
|---|---|---|---|---|---|
| Останати Прапрадедовци и прапрабаби на оставителот | По 1/2 од оставината за секоја лоза | Не се применува | Се применува | Не се применува | Не се применува |

Последен и краен наследник согласно српското наследно законодавство е Република Србија која ја наследува оставината ако оставителот нема други законски наследници. Република Србија не може да се откаже од наследството, а оставината која ја наследува станува државна сопственост.[109]

[108] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.20

[109] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.21

Табела бр.10 - Сумарен преглед на законското наследување согласно ЗН на РС

| Наследен ред | Наследници | Наследен дел | Право на претставување | Право на прираснување | Зголемување на наследен дел | Големина на зголемување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I | Потомци на оставителот | Еднаков | Се применува | Се применува | Да, кога децата не потекнуваат од брачниот другар (б.д.) на оставителот | До двапати поголем дел од колку делот на б.д. (судот цени) |
| I | Брачен другар на оставителот | Еднаков | Се применува | Се применува | Не се применува | Не се применува |
| II | Брачен другар на оставителот | Еднаков (Брачниот другар сам добива 1/2 идеален дел | Се применува | Се применува | Се применува во форма на: 1.Намалување на наследниот дел 2.Предавање во сопственост на целата оставина 3.Доживотно плодоуживање 4.Доживотна рента | Се применува (може да се бара во рок од 1 г. по смртта) |
| II | Родители на оставителот (и потомците) | Еднаков (родителите и двајцата добиваат 1/2 половина) | Се применува | Се применува | Да, ако немаат нужни сретства за живот (може и спрема б.д. на оставителот и спрема неговиот б.д. и неговите наследници ) | До 1/4 од она што би му припаднало на б.д. (се однесува само спрема наслдникот кој барал намалување) |
| II | Потомци на родителите на оставителот (наследуваат само ако нема родители) | Еднаков со б.д. | Се применува | Се применува | Се применува како намалување на наследен дел | До 1/4 дел на б.д. (само спрема наследникот кој барал намалување) |
| III | Дедовци и баби на оставителот по татко | 1/2 за секоја лоза | Се применува | Се применува | Не се применува | Не се применува |
| III | Дедовци и баби на оставителот по мајка | 1/2 за секоја лоза | Се применува | Се применува | Не се применува | Не се применува |
| IV | Прадедовци и прабаби на оставителот | По 1/2 за секоја лоза | Не се применува | Се применува | Не се применува | Не се применува |
| V ..... | Останати Прапрадедовци и прапрабаби | По 1/2 за секоја лоза | Не се применува | Се применува | Не се применува | Не се применува |

## 5. ПРОЦЕСНО ПРАВЕН АСПЕКТ НА ЗАКОНСКОТО НАСЛЕДУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Погоре кажавме дека материјалниот аспект на законското наследување претставува збирот од норми со кои се уредуваат односите и правата што настануваат по повод пренесувањето на оставината од покојниот - оставителот на неговите наследниците и него го сочинуват позитивните прописи кои го уредуваат правото на наследување, статусот наследник и наследните редови, кој имот ја сочинува оставината, законското наследување, тестаменталното наследување и сл. Значи тоа се позитивните норми кои ја уредуваат суштината - материјалното битие на наследувањето и односите кои настанале по повод него.

Кај нас материјалниот аспект на наследното право е уреден во најголем дел во Законот за наследувањето од 1996 година а одредени одредби се применуваат и од Законот за сопственост и другите стварни права (Сл.Весник на РМ бр.18/2001 ... 35/2010) , а со донесувањето на Законот за облигациони односи (Сл.Весник на РМ бр.18/2001 ... 161/2009) наследните договори беа преземени од Законот за наследување.

Под процесно правен аспект на наследното право подразбираме како законодавецот во една држава го уредил начинот на кој граѓаните на таа држава и сите други лица кои остваруваат некои права од наследно - правниот однос ги остваруваат овие права, во постапка пред надлежен државен орган која е уредена со закон. Оттука процесно правниот аспект претставува постапка - процедура популарно наречена оставинска постапка во која се утврдуваат правото на наследување, статусот наследник, наследните редови, имотот што ја сочинува оставината, како и дали имало законското или тестаменталното наследување или пак наследување било остварено и по двата основи.

### 5.1.Процесно правен аспект на законското наследување во Република Северна Македонија

Основен закон со кој е регулирана оставинската постапка во Република Северна Македонија е Законот за вонпарничната постапка (Сл.Весник на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година). за одделни процесни дејствија за кои овој закон не содржи посебни одредби се применува и Законот за парничната постапка (Сл.весник на РМ бр.79/2005 ..... 124/15) а во делот за доверување и надзор врз работата на нотарите се применува и Законот за нотаријатот (Сл.весник на РМ бр.72/2016 од 12.4.2016 година).

Со овој закон кој започна да се применува осмиот ден од објавувањето во Службен весник на РМ а во делот за глава VIII насловен како „Нотарите како повереници на судот“ примената отпочна од 01.03.2008 година се внесе новина во постапката за расправање на оставината во смисол на тоа што овој закон даде можност судот на нотарите кои се од неговото службено подрачје да им ги довери предметите за водење и решавање на оставинската постапка што се заведени кај него.

Со доверувањето на оставинската постапка на нотарите, им се дава во нивна надлежност работи кои не спаѓаат во нивната изворна надлежност. Нотарите со законот имаат овластување а со одлуката на претседателот на судот оваа надлежност им се доверува.

Специфичноста на постапката за расправање на оставина, факотот дека не се изведуваат докази, изјавите кои се даваат во оваа постапка странките може да ги дадат и пред друг суд, па начелото на непосредност не е задолжително за оваа постапка бидејќи судот (сега нотарот) може да одлучува и врз основа на податоците со кои располага доколку истите не се јават пред него[110] резултираа со можноста за воведувањето на ваквото законско решение оваа постапка да им се довери на нотарите, а и од друга страна оваа постапка како неспорна која нотарите можат да ја решаваат ќе го растерети судот за да истиот има можност да постапува во спорните предмети.

Со Законот за вонпарничната постапка на Република Сверена Македонија за државјаните на Република Македонија исклучително е надлежен суд на Република Македонија, односно нотар како повереник на судот за имотот кој се наоѓа во Република С. Македонија, за расправање на нивната оставина. Примените предмети во судот за расправање на оставина, судот во рок од осум дена од денот од заведувањето на предметот ќе им ги достави заедно со сите списи на нотарот.

Нотарот како повереник на судот има овластување да ги презема сите дејствија и да донесува одлуки, освен оние за кои законот предвидел дека е надлежен судот.[111]

Во однос на движните предмети кои ги имаат државјаните на Република Сверена Македонија законот предвидува исклучива надлежност на судот на РСМ, а за недвижниот имот надлежен е органот каде тој имот се наоѓа, а нашиот суд е надлежен само ако странскиот суд (орган) не е надлежен.[112]

Месната надлежност за водењето на оставинската постапка се определува според последното место на живеење или престојување на оставителот, а ако немал постојано место на престојување или живеалиште тогаш месната надлежност се определува според местото каде умрениот имал имот, а наследниците таму го поднеле барањето. [113]

Оставинската постапка се поведува ex officio. Тоа значи дека судот кога узнал за смртта на едно лице сам ја поведува оставинската постапка.[114]

Најпрвин надлежниот матичар кога едно лице починало или со одлука е прогласено за умрено врши упис на тој факт во матичната книга на умрените. По прибирањето на податоците тој е должен во рок од 30 дена од смртта на покојниот смртовницата да ја достави до судот кој е месно надлежен[115]. Во случај кога матичарот не ги прибрал потребните податоци кои смртовницата ги

[110] ЗВППСл.Весник на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година, член 167
[111] ЗВПП Сл.Весник на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година, чл.126 ст. 1 и 2
[112] ЗВПП Сл.Весник на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година, чл.126 ст.3
[113] ЗВПП Сл.Весни на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година, чл.129
[114] ЗВПП Сл.Весни на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година, чл.121
[115] ЗВППСл.Весни на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година, член 142 ст.1

содржи должен е да го извести судот за тоа и да достави смртовница само со податоците кои успеал да ги прибере.[116]

Судот по приемот на смртовницата, по заведувањето на предметот откако ја испитал својата надлежност, предметот со одлука на Претседателот на судот го доставува до нотарот кому му го доверува предметот [117], а кој предмет кај нотарот е распореден по азбучен ред според службеното подрачје на нотарот[118].

Нотарите на кои судот им го доверил водењето на оставинската постапка, со законот имаат овластување да ги преземаат сите дејствија што се потребни заради нејзино водење и донесување на решенија.[119] При водењето на постапката нотарот соодветно ги применува одредбите и на Законот за вонпарнична постапка, како и одредбите на Законот за парничната постапка кога овие процесни дејствија се регулирани со неа и е предвидена нејзината примена[120].

Согласно законот нотарот закажува рочишта за расправање на оставината на оставителот на кои ги кани лицата повикани наследство, за спроведените дејствија составува записници во кои ги внесува наследничките изјави и на крај донесува решение со кое го утврдува предметот на оставината на оставителот односно ја утврдува оставинската маса, ги огласува наследниците на оставителот и ја утврдува големината на нивните наследни делови.

Како што ни оставинскиот суд нема овластување во случај кога ќе дојде до спор да решава спорни прашања и нотарот така ќе постапи кога пред него ќе настане спор за претходно прашање, па тој ќе донесе решение со кое ќе ја прекине постапката и ќе го упати наследникот чие право е помалку веројатно своето право до го докажува во постапка пред судот, затоа што во оставинската постапка како и во останатите вонпарнични постапки судот решава само за неспорни работи.

Покрај овие дејствија нотарот прави попис и процена на оставината во случаите утврдени со законот [121] како и презема мерки за обезбедување на оставината, но на овие дејствија нема да се задржуваме во нивно подетално објаснување и обработка. Со Закон за нотаријатот (Сл.весник на РМ) бр.72/2016 од 12.4.2016 година се внесоа новини се со цел за поголема правна заштита на странките и нивните права и интереси, па така во постапката за расправање на оставината кој се води пред него во својство на полномошник за секој од учесниците присуството на адвокат е задолжително.[122]

Решенијата на нотарите кои ги донесуваат врз основа на доверената работа од судот имаат исто правно дејство како и одлуките на судот. Во конкретниот случај нотарите се јавуваат како продолжена рака на судот. Тие решенија имаат својство на извршни исправи. [123]

[116] ЗВППСл.Весни на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година, член 142 ст.2
[117] ЗВППСл.Весни на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година, член 131
[118] ЗВППСл.Весни на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година, член 135
[119] ЗВППСл.Весни на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година, член 132
[120] ЗВППСл.Весни на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година, член 133
[121] ЗВПП Сл.Весник на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година, член 146
[122] Закон за нотаријатот Сл.весник на РМ бр.72/2016 од 12.4.2016 година, член 147 став 2
[123] Закон за нотаријатот Сл.весник на РМ бр.72/2016 од 12.4.2016 година, член 4

Судот согласно законот има право и должност врз работата на нотарот да врши надзор и контрола.

Надзорот врз работата на нотарот е регулиран со Законот за вонпарничната постапка а одредби со кои подетално се уредува овој надзор содржи и Законот за нотаријатот.

Надзорот и контролата врз нотарот кога нему му е доверена работа ја врши судот или Комората на нотарите на РСМ.[124]

Ваквиот надзор и контролата на судот се јавува како контрола врз преземањето на дејствијата од страна на нотарот и контрола врз донесените одлуки и решенија преку изјавен приговор од странките до судот.

Во таа насока а заради непречено одвивање на постапката се со цел за навремено и ефикасно остварување на правата на учесниците во оставинската постапка судот може да преземе одредени дејства.[125]

Така поради болест, некои други причини судот може од нотарот да го одземе предметот.

Исто така судот доколку нотарот ја занемарува својата обрска за преземање на службени дејствија при постапувањето судот може да го одземе предметот.

Судот може да го одземе предметот или да нареди да му ги предаде актите и во секој друг случај кога наоѓа дека има важни причини тоа да го стори.

Во напред наведените случаи, судот со одлука ќе го одземе предметот и може да одлучи оставинската постапката за спроведување да ја довери на друг нотар или пак самиот тој да ја спроведе.

Против ваквата одлука на судот согласно законот не е дозволена жалба.

Нотарот може само во исклучително оправдани случаи доверената работа од страна на судот да ја одбие, за чија оправданост повторно одлучува судот. Во случаите кога судот му ја одзел доверената работа или нотарот ја одбил истата судот му ги одзема списите, а може да го казни и со глоба заради одбивањето на извршување на доверената работа или одбивањето на предвањето на списите. Оваа глоба се наплатува согласно одредбите од Законот за извршување. Против одлуката на судот да го казни, нотарот има право на жалба до Апелациониот суд во рок од 8 дена, а не се дозволени вонредни правни лекови.[126]

Гледаме дека на судот му се дадени широки овластувањата во вршењето на оваа контрола имајки пред се во предвид дека оваа работа на нотарот му е доверена.

Со Законот за нотаријат се предвидува дека доколку како повереник стори штета во тој случај нотарот одговара за таа штета што е сторена спрема странките.[127]

Во однос на другиот дел од надзорот кој се однесува на суштинската работа која му е доверена на нотарот со одлука на судот, судот врши надзор врз работата која му ја доверил на

[124] Закон за нотаријатот Сл.весник на РМ бр.72/2016 од 12.4.2016 година, член 150
[125] ЗВПП Сл.Весник на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година, член 132
[126] Законот за вонпарничната постапка (Сл.Весни на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година), член 138
[127] Закон за нотаријатот Сл.весник на РМ бр.72/2016 од 12.4.2016 година, член 148 став 2

нотарот и преку надлежноста на судот да одлучува по приговорите на странките против неговите решенија.

Согласно член 127 од ЗВПП странките во постапката имаат право на приговор во рок од 8 дена од приемот против решението кое го донел нотарот. Нотарот приговорот и списите на предметот веднаш ги одоставува до судот и по истиот одлучува судија поединец.[128]

Судот решавајки по приговорот може истото да го укине, да го потврди во целост или делумно, при што ако го укинал делумно тогаш судот ќе одлучи со решение за укинатиот дел.

Ако судот, решението на нотарот го укинал било да е тоа делумно или во целост тогаш против ова решение на судот, учесниците имаат право на жалба во рок од 8 дена од приемот, до повисокиот суд. [129]

Овде кога го излагаме процесно правниот аспект мораме да ја споменеме и улогата која наследниците ја имаат во оставинската постапка како носители на субјективното наследно право.

Од гледна точка на учесниците тие своите права од оставинската постапка ги остваруваат пред судот односно нотарот кому му е доверен предметот на постапување.

Секој наследник е носител на свое субјективно право кое произлегува од законот и му припаѓа нему. Тоа право на неговиот носител му дава овластување да ја стекне оставината на оставителот, чиј наследник е тој.

Иако оставинската постапка како што кажавме погоре се сведува на земање наследнички изјави кога се работи за неспорна оставина, сепак главниот тек на постапката е во рацете и зависи од наследниците на оставителот, зависно од околностите во секој одделен случај.

Постапката за давање на изјавата е официјална и наследниците изјавите ги даваат на рочиште пред судот односно нотарот. Исклуок од тоа може да биде кога изјавата се дава во странство таа се дава пред овластен орган во странската држава преку правна помош или пак во дипломатско-конзуларните претставништва на нашата земја во странство и тоа пред лице со ранг најмалку конзул, но сепак и овие органи се носители на овластувањето за земање наследнички изјави.

Изјавата на наследниците може да биде позитивна и негативна односно да се прифати или не се прифати наследен дел. Кога наследникот дава негативна изјава, пред судот наследникот изјавува дека се откажува во свое име и во име на своите потомци.

Изјавата која се дава пред судот во негативна форма наследникот не може да ја условува ниту пак да биде делумна, а доколку одреден наследник се откажал во корист на одреден наследник тоа има значење на отстапување на наследниот дел и истото има правно дејство само доколку оној во чија корист е отстапен делот го прифати вака отстапениот дел.[130]

Изјавата која се дава пред судот или нотар во оставинската постапка било да е негативна или позитивна не може да се отповикаи истата може да се поништи само поради мани во волјата, а

[128] Законот за вонпарничната постапка (Сл.Весни на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година) член 127
[129] Законот за вонпарничната постапка (Сл.Весни на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година) член 128
[130] Закон за наследувањето (Сл.Весник на РМ бр,47/1996 од 12.09.1996 година) член 131

субјективниот рок изнесува една година а објектнивиот е врзан за правосилноста на решението и тоа во рок од три годинни.[131]

Кога помеѓу наследниците при расправањето на оставината настане спор за некои факти од кои зависи некое нивно право, во тој случај судот ќе донесе решение со кое го прекинува расправањето на оставината. Со решението судот ќе ги упати наследниците чие право го смета како помалку веројатно и ќе им даде рок да поведат процесна постапка.

Доколку наследниците поведат постапка тие се должни да го известат судот дека таа постапка ја повеле а доколку не ја поведат судот по истекот на рокот кој им го дал со решението ќе продолжи со расправатањетп на оставината и ќе одлучи согласно податоците со кои располага.[132]

5.2 . Процесно правен аспект на законското наследување во Република Србија

И во Република Србија како и кај нас оставинската постапка е вид на вонпранична постапка која се поведува по службена должност,[133] и во неа се преземаат низа процесни дејствија чија цел е да се распредели оставината на оставителот после неговата смрт.

И во Република Србија оригинерната надлежност за расправање и водење на оставинската постапката традиционално е во надлежност на основните судови. И овде оваа постапка се завршува со донесување одлука од декларативен карактер во форма на решение а со кое се утврдува составот на оставината, лицата на кои им припаѓа правото на наследување, кои делови од оставината ќе им припаднат, како и останати предвидени работи со законот кои се поврезни со смртта на едно лице.[134]

И во Република Србија како што кажавме погоре со воведувањето на нотарите (јавни бележници) имајки го карактерот на постапката, се појавила можност да судот нејзиното спреведувањето го довери на нотарот (јавниот бележник) .

Како и кај нас со Законот за вонапрнична постапка на Република Србија надлежноста на судот се определува посред последното место на живеење односно престојување на оставителот, а ако немал престојувалиште или живеалиште во тој случај надлежен е судот каде се наоѓа поголемиот дел од имотот кој претставува негова оставина.[135]

Веднаш кога судот ќе осознае дека одредно лице починало или е проглесено за починато судот ја покренува постапката по службена должност. [136]

И овде судот за доверувањето на оставинската постапка на нотарот донесува одлука.

Од анализа на законските одредби се гледа дека и во Република Србија прифатено е истото законско решение како и кај нас. Па така во законот стои дека судот може да го довери предметот

[131] Закон за наследувањето (Сл.Весник на РМ бр,47/1996 од 12.09.1996 година) член 133
[132] ЗВПП (Сл.Весник на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година) член 176
[133] Закон о ванпарничном поступку Члан 89 став 1
[134] Закон о ванпарничном поступку Члан 122
[135] Закон о ванпарничном поступку Члан 88
[136] Закон о ванпарничном поступку Члан 89

на јавниот бележник (нотарот) но не мора тоа да го стори. Судот тоа ќе го стори доколку нотарот кому му се доверува предметот е надлежен и доколку судот наоѓа дека тоа е целисходно. [137] Овде законот определил судот може на јавниот бележник да му довери спроведување на постапки за кои според законот тој е надлежен или само за преземање на одделни вонпарнични работи под услови утврдени со законот. [138] Законот предвидува дека на јавните бележници не може да им довери спроведување на постапки за статусни и семејни работи, спроведување на постапки за одредување надомест за експроприрана недвижност, водење јавни книги и регистри за кои со закон е утврдено дека ги води судот, составување на исправи за кои со ЗВПП или друг закон е предвидена исклучива надлежност на суд и спроведување на постапка за расправање на оставина кога за наследување е меродавно правото на друга држава.[139]

Судот доверувањето ќе го стори доколку не постојат пречки[140] а за донесувањето на ваквата одлука од влијание се факторите дали постои оптеретеност на судот кој ја води оваа постапка со голем број на предмети, можноста од поефикасно водење на постапката пред нотарот, дали сите учесници во постапката имаат живеалиште во службеното седиште на судот или нотарот. Во насока на надополнување на законските одредби кое создавало различно постапување во праксата во судовите а кое се јавило поради недостиг на одредби во законот, во 2016 година било донесено Упатство за спроведување на одредбите од член 30а и чл.110а од Законот за вонпарничната постапка и член 98 од Законот за јавно бележништво (нотаријат), со кое упатство помеѓу останатото е прецизиран начинот на доверување на спроведувањето на оставинската постапка како и преземање на одделни процесни работи на судот во однос на нотарот.

И во Република Србија како и кај нас за доверувањето на предметите одлучува судот кој надлежен да ја води оставинската постапка, но овде доверувањето за ралика од кај нас има одделни специфики и за одделни дејствија кои и претходат на поведувањето на оставинската постапка законодавецот прифатил малку поинакви законски решенија.

Кога матичарот ќе ја запише смртта на некое лице во матичната книга на умрените ( понатаму МКУ) тој е должен да во рок од 30 дена од уписот да на оставинскиот суд му достави извод од матичната книга на умрените. Судот по приемот на изводот од МКУ донесува решение со кое на јавниот бележник (нотарот) на чие службено прадачје се наоѓало последното место на живеење или престојување на оставителот или пак на чие подрачје се наоѓа претежниот дел од оставината на оставителот, му го доверува составувањето на смртовницата.[141]

Јавниот бележник (Нотарот) е должен во рок од 30 дена да ја состави смртовницата на оставителот и потполна да му ја врати на судот кој со решението му го доделил нејзинотто

[137] Закон о ванпарничном поступку Члан 30а. ст.3.
[138] Закон о ванпарничном поступку Члан 30а. ст. 1
[139] Закон о ванпарничном поступку Члан 30а. ст.2
[140] Закон о ванпарничном поступку Члан 110 а став 2
[141] Закон о ванпарничном поступку Члан 92 а став 1, 2 и 3

составување, [142] а доколку не е во можност да ги собере податоците кои се внесуваат во смртовницата, истата ќе му ја достави на судот со оние податоци кои успеал да ги прибере и притоа мора да даде образложение на судот за причините поради кои не можел да ја состави смртовницата, како и да ги наведе податоците на судот кои можат да му бидат од корист за пронаоѓање на наследниците и оставината на оставителот. [143] Во таков случај кога на судот му е вратена смртовница со непотполни податоци тој самиот ќе ја состави истата.[144]

Кога по приемот на смртовницата од јавниот бележник (нотарот) судот ќе утврди дека меродавно право за наследување е правото на Република Србија судот оставинскиот предмет со решение му го доверува на јавниот бележник (нотарот)[145], при што доколку не постојат пречки тој предметот му го доделува на јавниот бележник кој ја составил смртовницата. [146]

Така во српското право за да му се довери предметот на јавниот бележник (нотарот) се донесуваат две одлуки - решенија.

Најпрвин решение донесува судијата на основниот суд каде предметот се паднал во редовна распределба и со ова решение на јавниот бележник како што кажавме и погоре, му се доверува составувањето на смртовницата, а потоа по составувањето на смртовницата која јавниот бележник (нотарот) ја вратил до судот Претседателот на судот донесува ново решение со кое предметот оформен за расправање на оставината на оставителот, за кој била составена претходно смртовницата од овој јавен бележник (нотар) му се доверува во работа повторно на истиот бележник. По правило предметот му се дава на истиот јавен бележник пред се од причини што истиот веќе се има запознаено со фактитеи околностите на конкретниот случај па ваквото доверување секако би значело одредено забрзување на постапката.

И овде законот предвидува дека кога на подрачјето на седиштето на судот има повеќе јавни бележници тогаш предметите им се распределуваат на сите нив по азбучен ред рамномерно.

Со решението со кое претседателот на судот предметот му го доверува на јавниот бележник (нотарот) му се дава рок во кој мора да ја спроведе поастапката. Ова на јавниот бележник му дава за обврска истиот постапката да ја спроведе во тој рок а доколку не е во можност да постапи во рокот даден со решението должен е да го извести судот и учесниците во постапката, веднаш. Со известувањето со кое јавниот бележник го известува судот дека не е во можност да постапи по решението за доверување на предметот јавниот бележник е должен до судот да достави образложение за причините поради кои не го прифатил довереният предмет.[147]

Судот откако прими известување дека јавниот бележник (нотарот) не може во определениот рок да ја заврши доверената работа, може на јавниот бележник да му даде дополнителен рок за завршување на доверената работа, може да донесе ново решение со кое

[142] Закон о ванпарничном поступку Члан 92 а став 4
[143] Закон о ванпарничном поступку Члан 92 а став 5
[144] Закон о ванпарничном поступку Члан 94
[145] Закон о ванпарничном поступку Члан 110а ст.1
[146] Закон о ванпарничном поступку Члан 110а ст.2
[147] Закон о ванпарничном поступку, Члан 30ђ ст.1,2 и 4

предметот му се доверува на друг јавен бележник спрема кој се определува нов рок или пак судот може да одлучи самиот тој да ја спроведе оставинската постапка. [148]

Јавниот бележник е должен да ја прифати работата која му била доделена. [149]

Тој може да ја одбие доверената работа кога постои причина за ногово исклучување или изземање од водењето на постапката или постои некоја друга околност која објективно го спречува да ја прифати доверената работа. За оправданоста на причината за одбивање на доверената работа одлучува судот кој донел решение за доверување на работата. Ако судот оцени дека постои оправдана причина за одбивање на доверената работа, ќе му нареди на јавниот бележник да ги врати списите од предметот кој му е доверен, во рок од 7 дена. [150]

Должност на јавниот бележник е да ја спроведува постапката која му е доверена согласно правилата на постапката која му е доверена[151].

Тој има овластување да ги презема сите дејствија при спроведување на постапката кои на судот му се оригинерно со законот дадени. Јавниот бележник при тоа може да ги повикува странките, да зема наследнички изјави на записник, може да определува со законот кога се исполнети условите привремени мерки за обезбедување на оставината, кога имало тестамент да го прогласи истиот (што не е случај кај нас), донесува решенија за огласаување на наследниците, како и преземеање на сите останати процесни дејствија и донесување на други неспомнати одлуки, при спроведување на постапката.

Во случај кога во текот на постапката ќе дојде до спор помеѓу странките односно ќе се јави претходно прашање во тој случај јавниот бележник ќе донесе решение со кое ќе го прекине расправањто на оставината и ќе го упати наследникот чие право е помалку веројатно своето право до го докажува во постапка пред судот, затоа што во оставинската постапка како и во останатите вонпарничнни постапки судот решава само за неспорни работи.

Решението кое јавниот бележник (нотар) го донесува при постапувањето во довереният од судот предмет може да се напаѓа со правни лекови под исти услови и според истите правила како да го донел судот.[152]

Оттука овој член упатува на примена на членот 19 од Законот за вонпарнична постапка на РС со кој е утврдено дека жалба против решението кое е донесено во прв степен може да се изјави во рок од 15 дена од доставувањето на преписот на решението, доколку нешто друго не е предвидено со овој закон.

Жалбата се изјавува до бележникот, кој списите заедно со жалбата ги доставува до судот кој му го доверил постапувањето по предметот, кој понатаму предметот го доставува до вишиот суд за одлучување по жалбата.

[148] Закон о ванпарничном поступку, Члан 30ђ ст.3
[149] Закон о ванпарничном поступку, Члан 30г ст.1
[150] Закон о ванпарничном поступку, Члан 30г ст.2,3,4
[151] Закон о ванпарничном поступку, Члан 30д
[152] Закон о ванпарничном поступку, Члан 30-з

Гледаме дека овде поинаку е ргулирана постапката по правен лек против решението на јавниот бележник како повереник на судот. Додека кај нас надлежен орган за одлучување по правен лек (кај нас е приговор) е судот кој му го доверил предметот, овде се изјавува жалба по која одлучува второстепениот суд а не судот кој му го доверил постапувањето на бележникот.

Теоријата смета дека со тоа што по правниот лек против решението на јавниот бележник одлучува второстепениот суд се обезбедува еднаквост во постапувањето и третманот на странките пред судот , исто како кога оставинската постапка би ја водел судот.

Со законот за вонапрнична постапка на РС се уредува и надзорот кој се врши врз работата на јавниот бележник, па и овде како кај нас овој надзор го врши судот кој му ја доверил работата. [153]

На барање на судот кој му ја доверил работата кјавниот бележник е должен да му ги предаде сите списи од предметите и да поднесе писмен извештај за својата работа.[154]

## 5.3 Сличности и разлики во законското наследување меѓу двете законодавства и во водењето на оставинската постапка

Како што кажавме погоре наследното право секој правен систем има свои карактеристики кои произлегуваат од начелата прифатени во него.

Фактот дека правните системи и на двете земји припаѓаат на истиот континентален систем, дека се работи за соседни држави кои негуваат во голема мера исти вредности и традиција во семејните односи, заедничката историја што пред 30 години и Република Северна Македонија и Република Србија припаѓаа на истиот политички, правен и економски систем како рамноправни членки, сите напред наведени факти го оставиле својот белег и во областа на наследното право. Токму во наследното право како и во семејното право еволуцијата и промените се одвиваат со побавно темпо, па оттука може да се очекува голема сличност а во некои случаи и идентичност во законските решенија за одделните институти во наследното право.

### 5.3.1.Сличности во законското наследување меѓу двете законодавства

Досега ги изложивме главните карактеристики на законското наследување во Република С.Македонија и Република Србија. Од вака направената детална анализа на позитивните прописи на двете држави сличностите помеѓу истите можеме да ги резимираме во делот што следи.

Како сличности помеѓу двете права на овие две држави кои се јавуваат во материјалното право можеме да ги издвоиме:

[153] Закон о ванпарничном поступку, Члан 30е ст.1
[154] Закон о ванпарничном поступку, Члан 30е ст.2

- Наследувањето и во двете земји како основи [155] на кои може да се повика на наследство ги познава законот и тестаментот. [156]

- Според врската - факторите за определување на кругот на законските наследници и во нашата земја и во Република Србија зе земени сродството, бракот и заедничкото живеење.

- Наследниците се поделени во законските наследни редови со примена начелото на исклучување [157] па претставниците на наредниот наследен ред доаѓаат на ред за наследување само доколку преходниот законски наследен ред е исцрпен, односно нема наследници или истите не сакале да се прифатат како наследници.[158]

- И овде како и кај нас се применуваат правото на претставување и правото на прираснување [159].

- И во двете права наследството на умрениот се отвара во моментот на неговата смрт.[160] [161]

- И во Република Србија [162] како и кај нас [163]оставината преминува врз наследниците на оставителот, по сила на законот, со моментот на неговата смрт.

- Способноста да се биде наследник [164]и во двете законодавства е регулирана на идентичен начин, па и во двете држави[165] е прифатено становиштето и така е внесено и во законот дека наследник е само она лице кое е живо во моментот на смртта на оставителот, и во двете законодавства е признаено правото на нероденчето да истот биде наследник доколку е живородено.

- Составот на поединечните наследни редови е идентичен со тоа што во српското наследно право после третиот наследен ред се придевивдени и четврот наследен ред и останати наследни редови.

- Големината на наследните делови на наследниците во сите наследни редови и во двете држави е идентична.

Од напред направената споредба на законското наследување во Република Србија со нашето законодавство се добива еден општ впечаток дека во нашите две соседни законодавства и нема суштински разлики, а кое нешто се должи пред се на дологогодишната заедничка генеза и припаѓањето како што кажавме погоре заеднички политички и правен систем а кои нови системи и

[155] Закон за наследувањето на РМ (Сл.Весник на РМ бр.47од 12.09.1996 година), член 6

[156] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.2

[157] Закон за наследувањето на РМ (Сл.Весник на РМ бр.47од 12.09.1996 година), член 12 ст.3

[158] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.8 ст.3

[159] Кај нас и во Р:Србија правото на претставување се применува до третиот наследен ред. Во Република Србија во наредните законски редови се применува само правото на прираснување.

[160] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.206 ст.1

[161] Закон за наследувањето на РМ (Сл.Весник на РМ бр.47од 12.09.1996 година), член 120

[162] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.212

[163] Закон за наследувањето на РМ (Сл.Весник на РМ бр.47од 12.09.1996 година), член 127

[164] Закон за наследувањето на РМ (Сл.Весник на РМ бр.47од 12.09.1996 година), член 122

[165] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.3

на двете држави по нивното продолжување како посебни ентитети ги задржале претходно прифатените основи во законодавството од оваа област.

5.3.2.Разлики во законското наследување меѓу двете законодавства

Од анализата утврдуваме дека се присутни некои разлики во смисол на тоа дека во Република Србија во законот се внесени одредби со кои гледано во однос на факторите - врската за наследување се дава предност и поголемо значење на брачното и крвното сродство, а кога се работи пак за односот помеѓу брачното и крвното сродство приматот му е даден на крвното сродство, за разлика од кај нас каде брачното и крвното сродство согласно законот исто се третираат. Тоа е лесно воочливо од законските одредбите со кои се регулираат првиот и вториот наследен ред а пред се во одредбите од законот кои се применуваат кога доаѓа ред за намалување односно зголемување на наследните делови на наследниците кои влегуваат во овие наследни редови.

Согласно нашиот Закон за наследување при дефинирањето на тоа тоа што е оставината поаѓа од една доста општа ордедба па е утврдено дека оние предмети и права кои им припаѓаат на поединците можат да бидат предмет на наследување.[166]

Законот содржи одредба со која се уредува дека од оставината се издвојуваат оние предмети на домаќинството кои служат за задоволување на секојдневните потреби на брачниот другар, предците, потомците, посвоителот, посвоеникот, нивните потомци како и наследниците на оставителот кои се наброени во членот 29 од законот за наследувањето, ако живееле со оставителот во исто домаќинство и тие предмети не се засметуваат ниту во наследниот ниту во нужниот дел на овие наследници.

Во член 1 Законот за наследувањето на РС при утврдувањето на тоа што претставува оставина законодавецот дава доста опфатна дефиниција па наведува дека тоа се сите подобни права кои му припаѓале на оставителот во моментот на смртта, но тоа не се предметите од домаќинството од мала вредност кои служат на секојдневните потреби на потомците на оставителот, неговиот брачен другар и родителите, ако со оставителот живееле во исто домаќинство и дека овие предмети претставуваат заедничка сопственост на овие лица, за да во став 2 јасно наведува дека во оставината на оставителот не влегуваат добрата со кои неговите потомци го зголемиле имотот на оставителот, а кои со него живееле во заедница и кои со својот труд заработка или на друг начин му помагале во стопанисувањето, па тие добра му припаѓаат на потомокот сразмерно за делот за кој го зголемил имотот на оставителот.[167]

Гледаме дека во Република Србија законодавецот го издвојува придонесот на децата на оставителот и истиот не влегува во оставината на оставителот.

[166] Закон за наследувањето на РМ (Сл.Весник на РМ бр.47од 12.09.1996 година), член 2

[167] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.1

Кај нас ваква одредба која посебно би се однесувала само на потомците на оставителот не постои во Законот за наследувањето. Согласно нашето позитивно право потомците на оставителот овие права можат да ги остваруваат согласно Законот за сопственост и други стварни права, каде е предвидена генерална одредба за лицата кои живееле во заедница со оставителот.

Тоа може да се согледа во неколку законски решенија прифатени во законот. Така на потомците кои живееле со оставителот во заедница и со својот труд заработка и на друг начин му помагале во стопанисувањето им припаѓаат оние добра со кои со својот труд го зголемиле имотот на оставителот и тоа сразмерно на делот за кој е зголемен имотот на оставителот. [168] Ова право потомците на оставителот можат да го остварат ако живееле во заедница со оставителот а според Законот за сопственост и други стварни права.[169]

Нашиот законотдавец ваква одредба предвидел во член 67 од Законот за сопственост и други стварни права само во поглед на има заедничкиот имот на оставителот со неговиот брачен другар кој тие двајца го стекнале во бракот. Така имотот на брачниот другар стекнат како заеднички имот во бракот со оставителот добива посебен третман со тоа што истиот се издвојува и не влегува во оставината на оставителот, па како оставина вообичаено се јавува 1/2 идеален наследен дел од определен имот кој е запишан на име на оставителот, делот на оставителот стекнат како имот во брак. Во овој случај надживеаниот брачен другар по сила на законот ја оставарува својата половина без поднесување утврдителна тужба, бидејќи Законот за сопственост и други стварни права јасно утврдува дека тој имот кој е стекнат како заеднички за времетраењето на брачната заедница на оставителот со брачниот другар е нивен заедниќки имот без оглед на тоа дали овој имот е запишан само на име на едниот од нив. НО ова не значи апсолутна прима и на оваа одредба, па така доколку дојде до евентуален спор при давањето на изјавите во текот на оставината постапка пред нотарот во поглед на тоа што претставува оставина тогаш судот / нотарот ќе ги упати учесниците своите права да ги утврдуваат во парница, а ќе го упати оној наследник чие право е помалку веројатно.[170]

- Со законот за наследувањето на Република Србија постои неограничен број на наследни редови. Додека кај нас кругот на законските наследници завршува со третот наследен ред овде како наследници после деовците и бабите на оставителот се јавуваат и прадедовците и прабабите на оставителот како и неговите останати потомци се додека ги има ако се исцрпени наследните редови што доаѓаат на ред за наследување пред нив. Мораме овде да споменеме дека во наследните редови кои следуваат после третиот налседен ред, односно во четвртиот наследен ред и останатите наследни редови дека е исклучена примената на правото на претставување а е предвидена прима само на правото на прираснување.

[168] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.1
[169] Закон за сопственост и други стварни права, Сл. Весник на РМ, бр. 35 од 12.03.2010 г., чл.91
[170] Закон за вонпарничната постапка (Сл.Весник на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година) чл.175,176

- Во случај кога  нема наследници согласно Законот за наследување на РС, државата се јавува како последен наследник, по што оставината на оставителот станува државна сопственост.[171]

Според нашето законодавство во таков случај кога нема наследници државата не ја наследува оставината на оставителот туку таа по сила на законот се стекнува со право на сопственост, па оттука гледаме дека двете позитивни права како основ за стекнување со сопственост врз имотот кој претставувал оставина прифатиле два различни основи, во Р.Србија со наследување а кај нас врз основа на законот.

Табела бр.11 Табеларен приказ на сличностите помеѓу законското наследување во Република Македонија и Република Србија

| Основи за утврдување на сличностите | Законско наследување на Република С.Македонија | Законско наследување на Р.Србија |
|---|---|---|
| Основи за наследување | Закон и Тестамент | Закон и Тестамент |
| Фактори за определување на кругот на законските наследници | Крвно сродство<br>Брачна заедница<br>Заедничко живеење | Крвно сродство<br>Брачна заедница<br>Заедничко живеење |
| Начело на исклучување на подалечниот наследен ред | Се применува | Се применува |
| Право на претставување | Се применува | Се применува |
| Право на прираснување | Се применува | Се применува |
| Отварање на наследство | Во моментот на смртта на оставителот | Во моментот на смртта на оставителот |
| Услови да се биде наследник | Да е жив во моентот на смртта на оставителот<br>Да е достоен<br>Да не е исклучен | Да е жив во моентот на смртта на оставителот<br>Да е достоен<br>Да не е исклучен |
| Прв наследен ред | Брачен другар и деца на оставителот | Брачен другар и деца на оставителот |
| Втор наследен ред | Родители на оставителот и нивни потомци и неговиот брачен другар | Родители на оставителот и нивни потомци и неговиот брачен другар |
| Трет наследен ред | Дедовци и баби и нивни потомци | Дедовци и баби и нивни потомци |

[171] Закон о наслеђивању (Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) чл.21

| | | |
|---|---|---|
| Големината на наследните делови | 1. Во прв наследен ред еднакви<br>2. Втор наследен ред по една половина брачниот друга и родителите заедно<br>3. Трет наследен ред еднакви наследни делови за сите родоначалници на линијата | 1.Во прв наследен ред еднакви<br>2. Втор наследен ред по една половина брачниот друга и родителите заедно<br>3.Трет наследен ред еднакви наследни делови за сите родоначалници на линијата |

Табела бр.12 Табеларен приказ на разлики во законското наследување помеѓу Р.С.Македонија и Р.Србија

| Основи за утврдување на разликите | Законско наследување на Република С.Македонија | Законско наследување на Р.Србија |
|---|---|---|
| Број на наследни редови | Три наследни реда | Неограничен број на наследни редови |
| Зголемување на наследниот дел на брачниот другар во вториот наследен ред | 1.Може да добие дел од наследството што другите наследници треба да го добијат<br>2.Да ја наследи целата оставина | Се применува во форма на:<br>1.Намалување на наследниот дел на др.наследници<br>2.Предавање во сопственост на целата оставина<br>3.Доживотно плодоуживање<br>4.Доживотна рента |
| Право на претставување | Се применува | Во 4 и останатите наследни редови не се применува |

5.3.3. Процесни сличности и разлики во законодавството на двете земји

Од напред изнесеното знаеме дека:

- И во двете држави постапката како што предвидуваат позитивните прописи се поведува по службена должност односно ex officio.

- Во делот на постапката кој се однесува за спроведување на претходните дејствија кои ре претходат на поведувањето на оставинската постапка во двете законодавства се прифатени различни законски решенија.

Така во Република С. Македонија надлежен орган за составување на смртовницата е Матичарот, кој тоа го прави веднаш по дознавањето за смртта на одредено лице.

Во Република Србија составувањето на смртовницата е предвидено да се спроведување како претходно дејствие кое му претходи на спорвеувањето на оставинската постапка.

Законот предвидува доста интересно решение, така што ова дејствие во надлежност е предвидено да биде кај јавниот бележник, на кого судот му го доверува исполнувањето на ова дејствие. Судот го донверува составувањето на смртовницата кај јавниот бележник откако од надлежниот матичар ќе прими извод од матичната книга на умрените по извршениот упис на овој факт во книгите, најдоцна во рок од 30 дена од смртта на лицето.

Во однос на останатите процесни дејствија кои ги преземаат нотарот во Република С. Македонија и јавниот бележник во Република Србија при спроведувањето на оставинската постапка се до донесувањето на оставинско решение не постои разлика па и во двете држави се задржани традиционалните постапки и нивните специфики како и во претходниот правен систем во рамките на федерацијата Југославија.

Разлика постои во постапката по правен лек по донесувањето на оставинското решение.

Така согласно Законот за вонпарнична постапка на Република Србија е утврдено дека жалба против решението кое е донесено во прв степен може да се изјави во рок од 15 дена од доставувањето на преписот на решението, до бележникот, кој списите заедно со жалбата ги доставува до судот кој му го доверил постапувањето по предметот, кој понатаму предметот го доставува до вишиот суд за одлучување по жалбата.

Кај нас надлежен орган за одлучување по правен лек по поднесениот приговор е судот кој му го доверил предметот, за разлика од Република Србија каде се изјавува жалба и по која одлучува второстепениот суд.

Теоријата смета дека со тоа што по правниот лек против решението на јавниот бележник одлучува второстепениот суд се обезбедува еднаквост во постапувањето и третманот на странките било да е постапката водена пред јавниот бележник било да ја завршил судот, а тоа и од причиниа што како што смтаа одредени теоретичари не може оној што му ја доверил работтата на јавниот бележник која можел и тој самиот да ја заврши да биде надлежен за постапување и одлучување и по правниот лек.

- Во однос на надзорот кој се врши врз работата на јавниот бележник и на нотарот и во двете држави овој надзор го врши судот кој му ја доверил работата. [172]

[172] Закон о ванпарничном поступку, Члан 30е ст.1

6.Општо за оправданоста за доверувањето на спроведувањето на оставинската постапка и во двете земји

Прашањето за оправданоста за доделувањето на спроведувањето на оставинската постапка на нотарите кај нас а во Република Србија Јавните бележници е многу важно прашање, бидејќи истото има практично значење со оглед на тоа дека оставинската постапка сега веќе им се доверува на спроведување на нотарите и јавните бележници.

Уште при воведувањето на нотаријатот како јавна служба [173] каде нотарите како носители на истата се самостојни и независни, предмет на разгледување било давањето и на оставинската постапка во нивна надлежност.

Ова прашање во теоријата било предмет на расправа во бројни научни трудови, каде е вршена анализа на негативните и позитвините страни од доверувањето на спроведувањето на оставинската постапка. Сите рагледувања биле поделени во две крајни стојалишта каде едното сметало дека со тоа се прави дејудицијализација на самата постапка и одземање од надлежност постапка која му припаѓа на судот, и другото становиште кое пак поаѓало од практична гледна точка дека главната цел на доверувањето на водењето и решавањето на оставинската постапка е растертувањето на судовите од неспорните постапки кои може да ги решава и нотарот а судот е само обременет со нивното решавање. Ова стојалиште сметало дека напротив со доверувањето на оставината на јавните бележници односно нотарите не е дејудицијализација туку напротив тука се огледа моќта и улогата на судот да може да одредени работи за кои со закон е предвидено тој да ги довери на друг јавен орган или служба кој има право и можности да ја спроведе оваа постапка со што на еден начин се воведува приватизирање на државните функции и укажување на доверба на тие институции.  Ова стојалиште смета дека нотаријатот односно јавното бележништво на еден начин ќе биде модел преку кој ќе се тестира можноста за давање одредени работи од надлежност на судот на други носители на јавна служба.

Обележувањето на оставинските предмети како неспорни произлегува од таму што истите во суштина треба да бидат и всушност и сè помалку комплексни од процесните - парничните предмети. Тоа од таму што во постапувањето во сите вонапрнични предмети па и во оставинската постапка, како дел од нив, улогата на судијата се сведува на правилна примена на материјалните одредби од законот на основа на јасни и неспорни факти и на веќе утврдена фактичка положба, и на основа на тоа донесување на одлука од декларативен карактер, без постоење и решавање на никаков спор. Доколку се јави спор за одредено преходно прашање кое е од значење за решавањето на вонпарничната постапка, тогаш тој спор се решава во посебна процесна или управна постапка но никогаш во оваа постапка. Оттука и се чини дека е оправдано становиштето да се довери спорведувањето на оваа постапка од страна на нотарите - јавните бележници, бидејќи со тоа

[173] Закон за нотаријатот Сл.весник на РМ бр.72/2016 од 12.4.2016 година, член 2

значајно се растеретува судот, а во суштина нотарите односно јавните бележници се квалификувана и стручно оспособена категорија на лица, правници, чија независност и самостојност е утврдена со закон.

Ваквите измени во законодавството следува откако Комитетот на министри при Советот на Европа со Препораката за мерките за спречување и намалување на товарот на судовите (P(86)12) даде насоки за земјите членки каде и ние а и Република Србија сме членки, со кои упатува на намалување на вонсудските - неспорните работи од надлежноста на судовите. Главна цел на овие насоки на Советот на Европа е добивање на поефикасна и поквалитетна правна услуга, каде нотарите - јавните бележници можат да одговорат како повереници на судот а од друга страна судијата да се растерети од овие предмети а своето време и енергија да го насочи на останатите предмети од спорен карактер .

Од пренесувањето - можноста за доверување на овие предмети кај нас од 01.03.2008 година кога започна примената на Законот за вонпарнична постапка поминаа повеќе од 13 години а во Република Србија нешто повеќе од 7 години. Кај нас искуството од ваквите измени се покажува како оправдано. Општа оцена е дека нотарите во вршењето на оваа делегирана надлежност дејствуваат брзо и ефикасно, гарантираат правна сигурност и придонесуваат за забрзување на правниот промет. Од друга страна судот е растеретен од дел од неспорните предмети. Но тоа не смее да се дозволи да биде на терет на правната сигурност. Државата мора да обезбеди надзор и контрола од една страна а и давање на неопходната стручна помош од друга страна се со цел за обезбедување на правилна и целосна заштита на правата на сите учесници во постапката. Со Законот за вонапрнична постапка и на Репбулика С. Македонија и на Република Србија како и Законот за нотаријат и Законот за јавно бележништво се предвидени одредби за спроведувањето на надзорот на судот над работата на нотарите а на учесниците покрај редовните правни лекови им се дадени можности да поднесуваат и други поднесоци како и претставки за работата на нотарите.

Во постапувањето на нотарите се огледа висок професионализам, стручност за што во голем дел придонес, има одржувањето на редовни советувања и обуки во рамки на Коморите на нотарите - јавните бележници, каде има можност да се разгледуваат нејасните прашања, споделување на искуства а каде заедно учествуваат и судии и нотари се со цел обезбедување навремена, ефиксна и правно осигурана услуга спрема учесниците на постапката.

Кај нас согласно позитивните прописи на нотарот му е дадена можаност од вонпарничните постапки да му се довери само оставинската постапка. Во Република Србија законодавецот отишол понатаму со тоа што не само што со законот му ја доверува оставинската постапка туку дава можност на јавните бележници да му се доверат и преземањето на подделни процесни дејствија што му претходат на поведувањето на оставинската постапка како што е составувањето на смртовницата. Кај нас со Законот за вонпарнична постапка од 2008 година, остана како законско решение традиционалното прифаќање дека составувањето на смртовницата како оригинерна

надлежност е во рацете на матичарот[174], а судот во случаи точно утврдени во законот да може тој да состави смртовница но не и нотарот.

Како заклучок по ова прашање можеме да кажеме дека и кај нас со нашиот Закон за вонпарничната постапка (Сл.Весни на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година), и во Република Србија со нивниот Закон за вонапарнична постапка, сепак оставинската постапка останува во оригинерна надлежност на судот а додека надлежноста на нотарот односно јавниот бележник се изведува од одлуката на Претседателот на судот и истата е доверена. Оттука и можноста во случај на недоследности предвидени во законот а кои ги објасниме погоре, судот по извршената контрола било да е тоа при вршење на своите овластувања или пак по известување или барање од некои од учесниците во постапка, предметот да може да го одземе од нотарот - јавниот бележник, кој притоа е должен да состави и извештај.

## 7.Истражување во постапката за расправање на оставината - Нотарите како повереници на судот во праксата

Во врска со земената тема за изработка на овој труд, спроведено е емпириско истражување, чиј предмет е собирање податоци од праксата а во врска со работите и дејствија кои се од делокругот на нотарите при спроведување на оставинската постапка во доверените предмети.

Истотака се приберени податоци за тоа дали се доверуваат сите заведени предмети кај судовите на нотарите од подрајчето на еден суд и како оди распределбата дали е рамномерна според бројот на предметите.

Други податоци кои се собрани во ова истражување се податоци за тоа како нотарите одговориле на приливот на доверените предмети.

Истражувањето кое е спроведено се однесува за извештајните 2019 и 2020 година.

Основна задача на ова истражување е да се формира став за предностите и недостатоците со пренесувањето на оваа постапка од надлежност на судовите во надлежност на нотарите односно јавните бележници, дали доследно се применуваат одредбите до ЗВПП при распределбата на предметите од страна на судовите, со кои проблеми се соочуваат нотарите со спроведувањето на оваа постапка и дали кај нотарите одсносно јавните бележници постои волја за доверување и на други постапки од надлежност на судот.

Цел и задача на ова истражување е и да се утврди колкаво учество во правните системи на двете земји има законското а колкаво тестаменталното наследување, како основи според кои може да се наследи.

За ова споредувањето на ова истражување применети се метод на прибирање податоци по пат на писмено известување и метод на интервју.

[174] Закон за вонпарничната постапка (Сл.Весник на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година)член 142

7.1.Метод на прибирање податоци по пат на писмено известување

Со писмено барање на податоци побарано е од Основниот суд Делчево на барателот на информации да достави податоци за следниве прашања кои се од интерес на спроведувањето на ова истражување:

- За извештајните 2019 и 2020 година колкав број на оставински предмети се заведени во судот ?

- На колку нотари се распределуваат предметите од службеното подрачје на овој суд ?

- По колкав број на предмети им се поверени во работа заради спроведување оставинска постапка на секој од нотарите за 2019 и 2020 година ?

- Дали од доверените предмети има предмети кои од страна на нотарите му се вратени на судот од било која причина (неможност за постапување, изземање), или пак судот има одземено предмети од нотарите поради нивно неажурно работење ?

- Дали за извештајните 2019 и 2020 година до овој суд како надлежен за постапување по приговори против решенијата на нотарите биле поднесени и колку ?

Во однос на побараните по писмен пат податоци од судот, беше искажана драга волја за соработка за потребите на ова истражување, па во најкус можен рок од страна на судот преку одоговорно лице за односи со јавноста, беа дадени одговори на сите поставени прашања, кои беа одговорени доста опфатно и од истите се добија квалитетни информации кои можеа да се искористат и од нив да се добијат податоци за се она што беше побарано.

Така на прашањето колкав број на оставински предмети се заведени во судот за извештајната 2019 и 2020 година беше одговорено дека во текот на 2019 година од страна на Матичните служби при Министерство за правда на РСМ, Управа за водење на матични книги биле доставени вкупно 181 смртовници а за 2020 година биле доставени 153 смртовници, заради спорведување оставинска постапка. По сите примени смртовници е постапено истите се заведени и по нивното внесување во АКМИС системот на судот е извршена рамномерна распределба на истите на нотарите кои имаат службено подрачје во седиштето на Основниот суд Делчево.

На прашањето на колку нотари се распределуваат предметите од службеното подрачје на овој суд добивме одговор дека на подрачјето на седиштето на Основниот суд Делчево постапуваат двајца нотари и тоа : Нотар Богданка Димитровска и Нотар Боро Атанасовски.

На прашањето по колкав број на предмети им се поверени во работа заради спроведување оставинска постапка на секој од нотарите за 2019 и 2020 година добивме одговор дека во текот на 2019 година од примените 181 предмети на Нотар Богданка Димитровска и се доверени заради спроведување на оставинска постапка вкупно 89 предмети, за 2020 година и се доверени 79 предмети а на Нотар Боро Атанасовски за 2019 година му биле доверени 91 предмети, а за 2020 година му се доверени 76 предмети а на прашањето дали од доверените предмети има предмети кои

од страна на нотарите му се вратени на судот од било која причина (неможност за постапување, изземање), или пак судот има одземено предмети од нотарите поради нивно неажурно работење добивме одговор дека за овие извештајни години се евидентирани два случаи на враќање на предмет во надлежност на судот, и тоа од причина за изземање на барање на нотарот при што Претседателот на судот со решение ја изземал Нотар Богданка Димитровска од Делчево и истиот тој предмет е предоверен на понатамошно постапување кај Нотар Боро Атанасовски.

Во однос на прашањето за извештајните 2019 и 2020 година дали до овој суд како надлежен за постапување по приговори против решенијата на нотарите имало поднесено такви приговори од страна на судот е доствен одговор дека за напред наведените години во судот нема поднесено пруговори во предметите кои им се доверени на нотарите.

Судот известува дека за овој период ниту пак за претходните години откако постапуваат нотарите Основниот суд Делчево нема одземено предмет кој бил во работа кај нотарите поради неажурно или нестручно работење.

7.2.Резултати од прибирањето податоци по пат на писмено известување


Од напред собраните информации се утврди дека судот од примените смртовници во Основниот суд Делчево биле заведени вкупно 181 предмети за 2019 година, и за 2020 година 153 предмети. Се утврди дека согласно Законот за вонпарничната постапка судот ги распределил сите предмети по азбучен ред на нотарите кои се од неговото службено подрачје и тоа двајцата нотари Нотар Богданка Димитровска и Нотар Боро Атанасовски, при што бројот на доверените предмети кај секој од нотарите е еквивалентен за 2019 и 2020 година за кои се бараа податоците.

Од ова писмено известување се добија податоци и дека во досегашната пракса од страна на Нотарите се вратени два предмети, од кои еден каде Нотар Богданка Димитровска поднела до судот барање заради нејзино изземање каде претседателот на судот со решение ја изземал од понатамошно постапување по предметот Нотар Богданка Димитровска, па овој предмет бил предоверен на другиот нотар. Друг предмет кој бил вратен во судот бил од предметите доверени на Нотар Боро Атанасовски поради ненадлежност. Овој предмет е доставен до друг суд кој е месно надлежен суд.


Исто така се добија податоци дека Основниот суд Делчево досега нема одземено предмет кој бил во работа кај било кој од нотарите поради неажурно или нестручно работење.

Од вака добиените податоци доаѓаме до заклучок дека во праксата доследно се спроведува Законот за вонпраничната постапка од страна на судот во делот за доверување на предметите за спроведување на оставинска постапка. Предметите до нотарите се распоредуваат рамномерно и според законски утврдениот азбучен редослед. Судот досега не одзел предмет од ниту еден од нотарите на неговото службено подрачје.

Слика бр.1.Распределба на предметите по нотари за 2019 година кај Нотар Богданка Димитровска 89 предмети а кај Нотар Боро Атанасовски 91 предмети.




Слика бр.2 Распределба на предметите по нотари за 2020 година кај Нотар Богданка Димитровска79 предмети а кај Нотар Боро Атанасовски 76 предмети.



## 7.3.Метод на интервју

Со примена на методот на интервју, се направи обид да се одговори на прашањата за оправданоста и ефикасноста на утврдените законски решенија и нивниот одраз во праксата од оваа област, како и да се утврди колкав е уделот на законското а колкав на тестаменталното наследување.

Интервјуто беше спроведено со непосреден разговор со Нотари кои имаат службени седишта на подрачјето на Основниот суд Делчево на кои им беа поставени прашањата во вид на анкета.

Во однос на податоците спроведени од истражувањето на Република Србија, истите се соберени од јавни бележници на подрачјето на град Ниш и двајца јавни бележници од подарчјето на град Лесковац, Република Србија.

Со анкетата на нотарите им се поставени прашањата:

- Колку предмети годишно им се доверени на нотарите годишно ?
- Колку од доверените предмети за 2019 и 2020 година се решени ?
- Дали освен оставинските предмети на нотарите им се отстапени и други процесни работи од надлежноста на судвите?
- Дали и колку често јавниот бележник/нотарот спроведува попис и процена на оставината ?
- Дали имало предмети каде нотатор/јавниот бележник одредувал привремени мерки на обезбедување ?
- Дали нотарот вратил предмети на одлучување во судот и до кои причини ?
- Колку долго трае постапката за расправање на оставината пред нотарот/јавниот бележник ?
- Дали и колку често се изјавуваат приговори/жалби на решенијата за наследување донесени од страна на нотарот/јавниот бележник ?
- Со кои проблеми во врска со спроведувањето на постапката за расправање на оставината нотарите/јавните бележници се сретнуваат во пракса?
- Дали судот на нотарите/јавните бележници им доверува спреведување на некои други постапкат освен оставинската постапка ?
- Колку според мислењето на нотарите доверивањето на одделни постапки и процесни дејствија ги растерети судовите и допринесе за поголема ефикасност на правосудниот систем ?
- Дали според мислењето на нотарите би било ефикасно да им се довери на спроведување уште некои постапк, порај оставинската ? Кои постапки би можеле тоа да бидат ?

Во колку од спроведените оставински постапки се донесени решенија за законско наследување а во колку од нив се донесени решенија за тестаментално наследување ?

- Дали и колку тестаменти нотарите / јавните бележници имаат составено досега ?

### 7.4. Резулатати од истражувањето - интервју

Со оглед на тоа дека темата на овој труд опфаќа постапки кои се водат во две засебни држави Република Северна Македонија и Република Србија, истажувањето беше спроведено со интервју со Нотари кои имаат службени седишта на подрачјето на Основниот суд Делчево Нотар Богданка Димитровска и Нотар Боро Атанасовски и двајцата со седиште во Делчево.

Во однос на податоците за истражувањето на подрачејто на Република Србија податоците кои се употребени за ова емпириско истражување, потекнуваат од мастер трудот на кандидатот Тијана Миленковиќ со наслов „Јавниот бележник како повереник на судот“ , Правен факултет Ниш 2020 година.

Најпрвин ќе ги изложиме податоците прибрани за постапките кои се водат пред нотарите во Република Северна Македонија од итервјуто спорведено со секој од нив.


Во однос на прибирањето на податоците мора да се исткне дека со двата контактирани Нотар Богданка Димитровска и Нотар Боро Атанасовски и двајцата со седиште во Делчево двајцата покажаа желба и волја за соработка се со цел за прибирањето на собраните податоци од нив да биде што покомплетно а истите тие податоци од голема помош. Интервјуата беа извршени одделно со секој од нив по претходно закажани термини. Одговорите кои ги дадоа нотарите беа соодветни и прилично опширни, истите во мера можат да се сметаат за реален показател на состојбата на работите во дадената област. Единствено нешто што недостасува е тоа што нема разновидност во праксата, па добиените резултати покажуваат извесна монотонија во доверената работа на нотарите, но сепак бидејки се работи за подрачје на основен суд кој е со основна надлежност, можеше да се очекува дека податоците такви и ќе бидат. Собраните податоци пружаат можност за создавање на слика за работата и продонесот на нотарите во функционирањето на правосудниот систем во нашата земја, како повереници на судот.

На прашањето колку предмети годишно им се доверени на нотарите годишно изјавија дека последните години трендот на предмети кои им се доверуваат е во опаѓање па така за 2019 година на Нотар Богданка Димитровска и биле доверени 89 предмети а за 2020 година и биле доверени 79 предмети. Нотарот Боро Атанасовски изјави дека на него за 2019 година му биле доверени во работа 91 предмети а за 2020 година му се доверени 76 предмети. И двајцата немаат објаснување од кои причини бројот на предметите е во опаѓање а изјавија дека таквиот тренд трае веќе неколку години.

Во однос на тоа колку од доверените предмети нотарите решиле истите истакнаа дека до денот на спроведувањето на ова интервју Нотар Богданка Димитровска за извештајната 2019 година решила 39 предмети а Нотарот Боро Атанасовски решил 70 предмети, а додека за извештајната 2020 година Нотар Богданка Димитровска решила 68 предмети а Нотарот Боро Атанасовски решил 53 предмети. Изјавија дека поради ситуацијата со корона вирусот а имајки го во предвид фактот дека


голем дел од нивните странки се лица кои постојано или привремено престојуваат надвор од државата, истите не биле во можност да стапат во контакт со странките и да им се досават покани за да се јават пред нотарите заради давање наследнички изјави како и давање на дополнителни информации за останатите наследници а се цел поскоро завршување на доверените предмети. Изјавија дека се со цел за решавање на предметите вложуваат доплнителни напори да стапат во контакт со учесниците во постапката, но дека работите се одвиваат со забавено темпо.

Слика бр.3 Решени предмети за 2019 година и кај двајцата нотари




Од Слика број 3 гледаме дека Нотар Богданка Димитровска за 2019 година од доверените 89 предмети решила 39 предмети. Гледаме дека приливот не е совладан. Во однос на истата година кај нотар Боро Атансовски биле доверени 91 а истиот за оваа 2019 година успеал да реши 70 предмети, што укажува дека нотарот го совладал приливот.

Слика бр.4 Решени предмети за 2020 година и кај двајцата нотари




Од Слика број 4 гледаме дека Нотар Богданка Димитровска за 2019 година од доверените 79 предмети решила 68 предмети. Гледаме дека приливот солидно е совладан. Во однос на истата година кај нотар Боро Атансовски биле доверени 76 а истиот за оваа 2019 година успеал да реши 53 предмети, што укажува дека нотарот го совладал приливот.

Овде мораме да истакнеме дека како што гледаме погоре од табелите и сликите, од бројот на доверените предмети по години гледаме дека има извесна разлика во бројот на истите па така едната извештајна година 2019 година на Нотар Богданка Димитровска и биле доверени 89 а на Нотар Боро Атанасовски му биле доверени 91 предмети односно за 2 повеќе, за да наредната 2020 година веќе имаме обратна ситуација па на Нотарот Богданка Димитровска и биле доверени 79 предмети а на Нотар Боро Атанасовски 76 предмети. Од овие податоци доаѓаме до заклучок дека се врши рамномерна распределба на доверените предмети по нотари од службенотот подрачје на еден суд.

На прашањето дали освен оставинските предмети на нотарите им се отстапени и други процесни работи од надлежноста на судовите и двајцата нотари истакнаа дека иако постои законска можност на нотарите да им се отстапуваат - доверуваат во работа и други предмети како што се на пример спогодбените физички делби, како и платните налози кои странките ги поднеле до судот а не до нотарот сепак досега во нивната пракса немаат вакви доверени предмети. Единствени предмети кои од страна на судовите им се доверени за постапување се оставинските предмети. Ова се истражување се однесува за извештајната 2019 и 2020 година.

Во однос на прашањето дали и колку често јавниот бележник/нотарот спроведува попис и процена на оставината Нотар Богданка Димитровска изјави дека во нејзината пракса од како постапува по доверените предмети а тоа е уште од 2008 година кога и биле внесени овие новини кај неа имало само еден предмет во кој било правено попис и процена на оставината на оставителот како посебно процесно дејствие но тој предмет не влегува во предметите примени и заведени за

2019 и 2020 година, а Нотар Боро Атанасовски изјави дека во неговата пракса сеуште нема ваков предмет.

На прашањето дали имало предмети каде нотар/јавниот бележник одредувал привремени мерки на обезбедување и двајцата нотари одговорија дека немале такво искуство во нивната досегашна пракса.

Во однос на прашањето дали тие како нотари во нивната пракса вратиле предмети на одлучување во судот и од кои причини Нотарот Богданка Димитровска изјави дека во текот на 2019 година до судот поднела барање за истата да биде изземена од постапувањето по еден оставински предмет и дека со решение на претседателот на судот барањето и било усвоено и истата била изземена а предметот понатаму бил предоверен на другиот нотар на подрачјето на овој суд. Нотарот Боро Атанасовски изјави дека досега вратил еден предмет поради тоа што истиот бил ненадлежен а надлежен бил судот односно нотар од подрачјето на друг основен суд односно се работи за месна ненадлежност.

На прашањето за должината на траењето на постапката за расправање на оставината пред нотарот бележник двајцата нотари дадоа доста слични одговори, па така Нотар Богданка Димитровска изјави дека постапките кои биле водени кај неа во просек траат околу 3 месеци сметано од денот на доверувањето на предметот, а додека Нотарот Боро Атанасовски изјави дека пред него постапката трае некаде околу 1,5 месец од денот на доверувањето на предметите.

Оттука доаѓаме до податокот дека во однос на нотарите кои постапуваат по доверените предмети од страна на Основниот суд Делчево а каде постапуваа двајца нотари оставинската постапка во просек трае нешто малку повеќе од 2 месеци сметано од денот на доверувањето на предметот од страна на судот. Резултатот се добива како збир на одделните рокови дади како податоци од страна на нотарите кој е поделен со бројот на нотарите односно 90+45=135 135:2=67,5 дена

Запрашани дали и колку често се изјавуваат приговори на решенијата за наследување донесени од страна на нотарот двајцата нотари изјавија дека за бараните години 2019 и 2020 година од досега спроведените оставински постапки кои се завршени пред нотарите досега не се поднесени ниту кај Нотар Богданка Димитровска ниту кај Нотарот Боро Атанасовски ниту еден приговор на решение. Изјавија дека настојуваат во текот на постапката пред земањето на наследничките изјави да ги ислушаат сите наследници, кога тоа е возможно зависно од секој одделен предмет, а се со цел да се решат и разјаснат сите нејасни прашања се со цел да дојде со меѓусебен договор помеѓу наследниците, па често пати се случува наследниците покрај завршувањето на оставинската постапка да постигнат и спогодбена делба на имотот кој претставува оставина на оставителот.

Во однос на прашањето со кои проблеми во врска со спроведувањето на постапката за расправање на оставината нотарите се сретнуваат во пракса и двајцата нотари беа единствени во одговорот кој го дадоа дека прв и најголем проблем им претставува извршувањето на уредна достава на покана за рочиште за давање изјави. Изјавија дека во најголем дел од предметите

странките сами се јавуваат кај нотарите и истите понекогаш се контактирани и телефонски и преку другите сретства за електронска комуникација, меѓутоа во некои од предметите кои се сосема мал број постои проблем со пронаоѓањето на наследниците кои иако имаат пријавено адреса на постојано место на престојување во државата најчесто се исселени постојано или пак привремено, па доставата на поканите за рочиште се одвива побавно.


На прашањето колку доверувањето на одделни постапки и процесни дејствија ги растеретило судовите и допринело за поголема ефикасност на правосудниот систем двајцата нотари изјавија дека со доверувањето на оставинската постапка значајно се растеретил судот  па сега судот може слободно повеќе време да им посвети на решавањето на спорните предмети, што е негова суштинска дејност.

На прашањето дали според мислењето на нотарите би било ефикасно да им се довери на спроведување уште некои постапки покрај оставинската нотарите изјавија дека договорите кои сега се сотавуваат пред судот како што е договорот за доживотна издршка и договорот за распределба на имото за врме на живот треба да припаднат во целост во надлженост на нотарите и судот да не постапува повеќе по нив имајки го во предвид фактот дека и кај нотарот постапката е јавна и со закон регулирана и дека се работи за неспорни предмети.

Кога ги запрашавме нотарите во колку од спроведените оставински постапки се донесени решенија за законско наследување а во колку од нив се донесени решенија за тестаментално наследување, изјавија Нотар Богданка Димитровска изјави дека иако работи на оставинските предмети од 2008 година кога првпат им биле доверени на нотарите, сепак ретки се случаите во предметите да се работи за тестаментално наследување, па така за 2019 имала еден предмет каде се работело за тестаментално наследување а во 2020 година немала таков предмет. Нотарот Боро Атанасовски изјави дека и тој за 2019 година има само еден предмет каде имало тетаментално располагање и тестаментално наследување а во 2020 година немал такви предмети.

На следната слика е даден процентуален и градуелен приказ на односот помеѓу законското и тестаметалното наследување кај Нотар Богданка Димитровска за 2019 година.

Слика бр.5 Процентуален и градуелен приказ на односот помеѓу законското и тестаменталното наследување кај Нотар Богданка Димитровска за 2019 година




На следната слика е даден процентуален и градуелен приказ на односот помеѓу законското и тестаметалното наследување кај Нотар Боро Атанасовски за 2019 година.

Слика бр.6 Процентуален и градуелен приказ на односот помеѓу законското и тестаменталното наследување кај Нотар Боро Атанасовски за 2019 година




Табела бр.13 Табеларен приказ на резултати од спроведено истажување- интервју со Нотари од Р.С.Македонија

| Прашање | Нотар Богданка Димитровска | Нотар Боро Атанасовски |
|---|---|---|
| - Колку предмети годишно им се доверени на нотарите годишно ? | 89 за 2019 година<br>79 за 2020 година | 91 за 2019 година<br>76 за 2020 година |
| - Колку од доверените предмети се решени кај нотарите за 2019 и 2020 година? | За 2019 решени се 39 предмети<br>За 2020 година решени се 68 предмети | За 2019 решени се 70 предмети<br>За 2020 година решени се 53 предмети |
| - Дали освен оставинските предмети на нотарите им се отстапени и други процесни работи од надлежноста на судовите? | Не | Не |
| -Дали и колку често јавниот бележник/нотарот спроведува попис и процена на оставината ? | Досега само во еден предмет, но предметот не е во предметите од извештајната 2019 и 2020 година | Нема предмет во кој е спорведен попис и процена на оставина |
| - Дали имало предмети каде нотатор/јавниот бележник одредувал привремени мерки на обезбедување ? | Немало предмет каде се одредувале привремени мерки на обезбедување | Немало предмет каде се одредувале привремени мерки на обезбедување |
| - Дали нотарот вратил предмети на одлучување во судот и до кои причини ? | Само во еден случај - изземање | Не |
| - Колку долго трае постапката за расправање на оставината пред нотарот/јавниот бележник ? | 3 месеци | 1,5 месец |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| - Дали и колку често се изјавуваат приговори/жалби на решенијата за наследување донесени од страна на нотарот ? | За 2019 и 2020 има нема изјавено приговори | За 2019 и 2020 година нема изјавено жалби |
| - Со кои проблеми во врска со спроведувањето на постапката за расправање на оставината нотарите се сретнуваат во пракса? | Неуредна достава | Неуредна достава |
| - Колку според мислењето на нотарите доверувањето на одделни постапки и процесни дејствија ги растерети судовите и допринесе за поголема ефикасност на правосудниот систем ? | Има голем придонес | Има голем придонес |
| - Дали според мислењето на нотарите би било ефикасно да им се довери на спроведување уште некои постапки, покрај оставинската ? Кои постапки би можеле тоа да бидат ? | Да, и други неспорни постапки Заверката на договорите кои се заверуваат сега во судот да бидат во исклучива надлежност кај нотарите | Да, и други неспорни постапки Заверката на договорите кои се заверуваат сега во судот да бидат во исклучива надлежност кај нотарите |

Во однос на интервјуто кое е спроведено со нотари од Република Србија анкетирани се јавниот бележник Драган Николиќ од Ниш, јавниот бележник Милош Соколовиќ и јавниот бележник Десанка Марјановиќ и двата од Лесковац. Сите тие со добра волја дале одговори на поставените прашања па немало потешкотии во врска со добивање на потребните информации. Разговорите се спроведени посебно во закажани термини, освен со нотарот Десанка Марјановиќ со која поради нејзиното отсуство надвор од градот разговорот е извршен по телефонски пат. Одговорите кои се наведени беа непрецизни и општи, а од причини од неможност за давање на точни информации, па се поставува прашањето колку и во која мера можат да се сметаат за реален показател на состојбата на работите во дадената област. Но сепак истите пружаат можност за создавање на слика за работата и продонесот на нотарите во функционирањето на правосудниот систем во Република Србија, како повереници на судот.

На овие испитаници освен погоре наведените прашања имајки го во предвид фактот дека постојат разлики во надлежноста на нотарите во РСМ и РС, им се поставени уште и прашањата:

- Кои процесни работи најчесто им се доверуваат на јавните бележници ?

- Колку смртовници се составени ?

На прашањето кои процесни работи најчесто им се доверуваат на јавните бележници сите тројца нотари кажале дека тоа се претходни работи во постапката за расправање на оставината, како и самата оставинска постапка. Запрашани за бројот на составени смротвници, јавните бележници Николиќ и Соколовиќ не биле во можност да дадат прецизен одговор, додека бележникот Марјановиќ кажала дека во првата година од работата на канцеларијата е составено околу 500 смртовници, а во 2019 година тој број е околу 1200. Во врска со постапувањето кога се состави непотполна смртовница бележниците навеле дека во тој случај истата се ваќа на судот, после чие пополнување странките поднесуваат барање за продолжување на постапката пред јавниот бележник. На ова прашање бележникот Соколовиќ одговорил дека случаевите на составување непотполни смртовници се ретки, а дека проблемите се јавуваат во врска со утврдување на имотот што влегува во оставината, што може да доведе и до пречекорување на рокот од 30 дена за составување на смртовницата. Нешто подруг одговор даде бележникот Десанка Марјановиќ, која истакнува дека имало повеќе случаи на враќање до судот на непотполни смртовници, а најчето од причини поради неможноста од набавување на потребните податоци за кратко определениот рок. Според тоа судот доколку ни сам не може да дојде до потребните податоци, поторно ја враќа на бележникот непотполна смртовницата тој на основа на неа да ја спроведе оставинската постапка.

Кога се во прашање процесните работи - дејствија попис и процена на оставината и привремените мерки за обезбедување на оставината, анкетираните бележници навеле дека до сега немале ниеден случај за доверување, а кај бележникот Марјановиќ биле поднесени две барања за определување на привремени  мерки за обезбедување на оставината, издвојување на оставината од имотот на наследниците, од страна на старателот на наследниците на оставителот. На прашање дали и од кои практични причини доверените предмети се враќаат во судот на одлучување, истиот бележник истакнува дека имало случаеви на враќање на предметите на судот за одлучување, и дека имало случаеви на враќање на предмети кога во оставината ќе се пронајде недвижност на територијата на странска држава, во конкретниот случај на територијата на Р.Хрватска, каде постои исклучива надлежност за огласување на наследниците од страна на судот на таа држава. Друга практична причина за вакво постапување имало поради месна ненадлежност на нотарот, на која внимава по службена должност. Кај бележниците Николиќ и Соколовиќ до сега немало случеви на враќање на предмети.


Познато е дека спроведувањето на оставинската постапка во целина е значаен дел од работата на бележникот како повереник на судот. Во врска со тоа јавните бележници истакнале дека договорот помеѓу нив и судот е да со едно решение им се доверува и составувањето на смртовницата и водењето на оставинската постапка, бидејки на тој начин се постига ефикасност и

се завршува самата постапка. Бележникот Соколовиќ, навел дека иако е пракса спроведувањето на оставинските постапки 100% да им се доверува на јавните бележници, на територијата на Лесковац оставинскиот суд задржал одделни предмети и тоа оние кои се однесуваат на територијата на Косово и Метохија. Истоиот податок го дала и бележникот Марјановиќ, со напомена дека постои Договор за спроведување на одлуката за привремено пренесување на надлежноста на Основниот и Вишиот суд во Косовска Митровица на Основниот и Вишиот суд во Лесковац, па јавните бележници треба да постапуваат согласно со неа, со исклучок на предметите во кои во составот на оставината се јавува недвижност на територијата на автономната покраина Косово и Метохија, а кои ќе ги спроведува оставинскиот суд. Таа објаснила дека праксата на доверување на сите оставински постапки на нотарот го обврува судот да не ги дискриминира странките во поглед на прашањата дали ќе се спроведе постапката кај нотарот или во судот, што прави сомневање имајки ги ја предвид разликата во трошоците кои странките ги имаат по повод истата.

Во поглед на траењето на постапката бележниците Николиќ и Соколовиќ навеле дека во голем број случаи постапките се завршуваат во рок од 90 дена, додека просечното време потребно за завршување на оваа постапка кај нотарот Марјановиќ изнесува 6 месеци, вклучувајки го тука и времето пропишано за составување на смртовницата. Бележникот Соколовиќ дава напомена дека до продолжување на рокот доаѓа поради честите спорови во врска со составот на оставината.

Оттука доаѓаме до податокот дека во однос на јавните бележници кои постапуваат по доверените предмети во Република Србија од страна на судовите на територијата на град Ниш и град Лесковац оставинската постапка во просек трае околу 4 месеци односно 120 дена сметано од денот на доверувањето на предметот од страна на судот. Резултатот се добива како збир на одделните рокови дадени како податоци од страна на нотарите кој е поделен со бројот на нотарите односно 90+90+180=360 360:3=120 дена или 4 месеци.

Слика бр.7 Грфички приказ на траење на оставинска постапка кај јавните бележници во Р.Србија за 2019 година.




Истотака на прашањето за зачестеноста од изјавување жалби на решението за наследување, бележниците одговориле дека тоа се случува многу ретко а кое произлегува како се чини, навел бележникот Николиќ од незадоволството на мнозинството наследници од начинот на кој имотот согласно законот се дели, па сакаат да се поделиспогодбено. Бележникот Марјановиќ дала податок дека во периодот од август 2019 година до август 2020 година на решенијата за наследување кои таа ги донела е изјавена една жалба.

Најчесто проблем во врска со спроведувањето на оставинската постапка според мислењето на сите овие јавни бележници се однесува со уредната достава на поканите за рочиште. За бележникот Соколовиќ тоа се наследниците кои живеат во странство, а чии адреси не се познати, додека кај бележникот Марјановиќ тој проблем се јавува со лицата кои се раселени во Косово и Метохија.

Сите овие бележници сметаат дека дискреционото право на судот да на нотарите им го доверува спроведувањето на постапката за расправање на оставината  во голем дел придонело за растеретување на судот. Според објаснувањето на бележникот Николиќ судот за завршување на оваа работа ангажира многу повеќе луѓе отколку нотарот, кај кого тоа го работат двајца, па оттука на тој начин тоа влијае на ефикасност во постапката и нејзиното завршување во рокот предвиден со законот, па тоа дава можност судските помошници да обавуваат друга работа. Сите нотари дале единствен став и за прашањето за можноста за доверување и на некои други постапки, мислејќи пред се на постапката за спогодбен развод на бракот кога нема заеднички деца над кои сопружниците го вршат родителското право, а имајќи ја во предвид ефикасноста и ефективноста од досегашната работа како повереници на судот, но освен оставинската постапка нема други постапки чие спроведување судот им доверил на испитаните јавни бележници.

На крај на прашањето за бројот на составените јавнобележнички тестаменти добиени се на еден начин спротивни одговори. Додека бележникот Соколовиќ дал одговор дека вакви случаи кај

него немало бележникот Николиќ наведува дека тој составил околу 50, за што причина е високата цена за давањето на оваа услуга. На истото мислење била и бележникот Марјановиќ во чија канцеларија се составени помалку од 10 тестаменти.

Табела бр.14 Табеларен приказ на резултати од спроведено истажување - интервју со Нотари од Р.Србија

| Прашање | Јавни бележник Драган Николиќ - Ниш | Јавни бележник Милош Соколовиќ - Лесковац | Јавни бележник Десанка Марјановиќ - Лесковац |
|---|---|---|---|
| - Кои процесни дејствија освен оставинските предмети им се отстапени на нотарите им се отстапени? | Доверени им се претходни работи во оставинската постапка - составување на смртовницата | Доверени им се претходни работи во оставинската постапка - составување на смртовницата | Доверени им се претходни работи во оставинската постапка - составување на смртовницата |
| Колку смртовници имаат составено нотарите | Не дал точен одговор | Не дал точен одговор | Во 2019 година составила 1.200,оо смртовници, а претходните години имала искуство да состави 500 |
| -Дали и колку често јавниот бележник спроведува попис и процена на оставината ? | Нема предмет во кој е спроведен попис и процена на оставина | Нема предмет во кој е спроведен попис и процена на оставина | Нема предмет во кој е спроведен попис и процена на оставина |
| - Дали имало предмети каде нотарот одредувал привремени мерки на обезбедување ? | Немало предмет каде се одредувале привремени мерки на обезбедување | Немало предмет каде се одредувале привремени мерки на обезбедување | Имала два предмети поради издвојување на имот од оставината |
| - Дали нотарот вратил предмети на | Имало повеќе предмети | Имало повеќе предмети | Имало повеќе предмети |

| | | | |
|---|---|---|---|
| одлучување во судот и до кои причини ? | | | |
| - Колку долго трае постапката за расправање на оставината пред нотарот ? | 90 дена | 90 дена | 6 месеци |
| - Дали и колку често се изјавуваат приговори/жалби на решенијата за наследување донесени од страна на нотарот ? | За 2019 и 2020 година нема изјавено жалби | За 2019 и 2020 година нема изјавено жалби | За 2019 и 2020 година има изјавено само една жалба |
| - Со кои проблеми во врска со спроведувањето на постапката за расправање на оставината нотарите се сретнуваат во пракса? | Неуредна достава | Неуредна достава | Неуредна достава |
| - Колку според мислењето на нотарите доверувањето на одделни постапки и процесни дејствија ги растерети судовите и допринесе за поголема ефикасност на правосудниот систем ? | Има голем придонес | Има голем придонес | Има голем придонес |
| - Дали според мислењето на нотарите би било ефикасно да им се довери на спроведување уште некои постапк, порај оставинската ? Кои | Да, и други неспорни постапки Спогодбениот развод кога нема деца | Да, и други неспорни постапки Спогодбениот развод кога нема деца | Да, и други неспорни постапки Спогодбениот развод кога нема деца |

| | | | |
|---|---|---|---|
| постапки би можеле тоа да бидат ? | | | |
| - Дали и колку тестаменти нотарите / јавните бележници имаат составено досега ? | 50 | Нема такви случаи | 10 |

8.Законското наследување de lege ferenda

Во нашата земја и во соседната Република Србија во однос на материјалното наследно право сеуште се следат традиционалните стојалишта во однос на институтите кои се основа на наследното право.

Ова пред се сè должи на фактот дка наследното право како дел на граѓанското право не подлежи на брзи еволутивни промени. Тоа како и семејното право, со кое се тесно поврзани бараат протек на подолг временски период, за да настанат промени и во самото општество и развојот на мислата, културата, односите кои промени понатаму ќе се одразат на целокупниот најпривн општестен систем за на крај да овие промени бидат внесени како дел и од правниот систем на таа држава. Наследното право не е една од оние области во правото каде се потребни и неопходни револуционерни потфати и решенија, туку тоа пред се се остава на времето кое само по себе ќе покаже кога се потребни реформи во оваа област.

Во одредени земји во Европа а во целиот свет во последните две децении се јавуваат нови тенденции одлика современото општество. Така најпрвин во одредени земји веќе имаме изедначување на вонбрачната врска со брачната, а потоа и признавањето и овозможувањето на две лица од истит пол да склучат брак со што дојде до изедначување на истополовите (цивилните) заедници со традиционално прифатената брачната заедница, кои во некои земји члени на ЕУ веќе се и регулирани со позитивните прописи. Овие промени во семејното право нормално се одразила и во наследното право па во некои земји веќе и оваа заедница на истополови лица е внесена како врска врз основа на која може да се наследи односно истата е изедначена со традиционалната брачна заедница.

Кај нас и во Република Србија сеуште во наслдното право нема изедначување на брачната со вонбрачната заедница.

Нашето наследно право и во соседната Р.Србија сеуште во законот како фактор за определување на законските наследници го прифаќа традиционалното сфаќање за брачната

заедница како основ и според законот само од неа произлегува наследно право. Вонбрачната заедница сеуште нема таков третман.

Имајќи го во предвид фактот дека денешните општества се доста динамични и подложни на промени во сите сфери од животот, неминовно се јавува потребата следење на тендециите и од внесување на одредени дополнувања со цел за разрешување на одредени правни ситуации, но сепак тоа треба да се прави со доза на внимание се со цел на не настане до нарушување во одредени веќе воспоставени институции во едно општество, имајќи ја во предвид културата на еден народ, неговата традиција, семејните вредности и сл.

Се поголема е тенденцијата каде голем дел од вонбрачните неистополови партнери се одлучуваат за заеднички живот а притоа, таа меѓусебна заедница да не ја официјализираат односно не склучила граѓански брак.

Лично сметам дека во таа насока е потребно во Законот за наследување да се изврши модернизација, со тоа што да се внесе можноста вонбрачните неистополови партнери, под одредени услови законски уредени, да можат меѓусебно да се наследуваат а и семејното право да и даде посебен третман на ваквата вонбрачна заедница со цел таа да биде изедначена со брачната заедница. Неспорен е фактот дека тие, често во праксата, во нивната вонбрачна заедница стекнале не само имот туку можеби оформиле и свое семејство и функционираат и така со долги години а фактот дека партнерите не склучиле граѓански брак воопшто за нив да не е од значење, сепак тоа се сведува на нивен личен избор. Во такви случаи може да се јават одредени потешкотии кога едниот од партнерите ќе почине па доколку имотот е запишан на негово име односно се води на име на оставителот, тогаш другиот вонбрачен партнер кој го надживеал оставителот ќе мора да води парница против наследниците, а тоа се понекогаш неговите деца кои се јавуваат како наследници на оставителот, и да докажува дека имотот кој го стекнале со починатиот партнер е заеднички и дека неговиот дел од тој имот не влегува во оставината на оставителот, што самото по себе повлекува не само сопственички туку  и финансиски проблеми околу водењето на судските постапки.

Оттука сметам како што постои законска одредба [175] за издвојувањето на делот од заедничкиот имот на брачниот другар иста таква одредба треба да се внесе и за вонбрачниот другар без оглед дали тоа ќе биде внесено во Законот за наследувањето или пак во Законот за сопственост и други стварни права, и со истата да се уреди делот од заедничкиот имот на надживеаниот вонбрачен другар кој треба да се издвои од оставината, а е во насока на остварување, заштита и унапредување на основните човекови права, кои се утврдени и со меѓународните конвенции. Оваа измена има и практична потреба а тоа е спречување на водењето на непотребни долги и скапи процесни судски постапки за утврдување на овој факт.

Напред наведеното сметам дека претставува реална потреба на нашето општество како за дополнување на животните ситуации кои се се почесто секојдневие така и фактот дека тоа се тенденции во целиот свет.

[175] Закон за сопственост и други стварни права, чл.67

9.Заклучок

Современите европски наследни системи, во своите законодавства пропишувајки правни норми за уредување на законското наследување заземаат различни ставови спрема одредени факти, давајќи им соодветно, помало или поголемо значење при утврдувањето на законските наследни редови.

Може слободно да заклучиме дека некои принципи кои биле карактеристични и се применувале низ историјата во наследното право остануваат основа и врска и во денешно време. Така останува тенденцијата со која општо прифатена е примената на крвното сродство и брачната врска, како основни врски на кои и во македонското и во српското право се основаат и формираат законските наследни редови, каде секое лице наследник си го наоѓа своето место во законскиот наследен ред. Како дополнение на овие основи за утврдување на припадноста на наследните редови увидовме деки во двете земји се користат и поединечни дополнителни врски на наследниците со оставителот како што се неспособноста за работа и заедницата на живот со оставителот.

Поради фактот дека крвната врска (со која денес е изедначено и потполното посвојување) е најтесната врска на личен однос н наследникот со оставителот токму затоа таа е главниот основ за засновање на законските наследни редови, а така било како што кажавме и низ историјата кога крвната врска имала примарно значење.

По осамостојувањето на Република С. Македонија и Република Србија и двете земји како самостојни демократски држави пристапија кон самостојно уредување секоја на својот општетествен, политички и економски систем а како дел од сето напред наведено и правниот систем а со тоа и наследно - правниот систем.

Наследното право како позитивно право е дел од системот на норми на Граѓанското право во секоја држава, кажавме претходно.

Република Србија во наследно правната област својата законска регулатива ја регулира со донесување на материјалниот закон Законот за наследувањето - Закон о наслеђивању (објвен во Службени гласник Републике Србије, бр.46/95, Одлука УС РС ИУбр.358/95 – 101/2003-18) а додека во делот за постапката за расправање на оставината остана важи и се применува Законот за вонпарнична постапка на Србија ( објавена во Сл.гласник РС 25/82 ..... 106/15) во кој неколку пати имало измени и дополнувања. Во 2011 година е донесен Законот за јавното бележништво на Србија во кој во 2015 година со измените и дополнувањата ( Сл.Гласник РС 31/11 ...106/15) се внесоа промените а на Јавното бележништо - Нотаријатот му се довери водењето на оставинската постапка. Тогаш беше направена и измената и дополнувањето и на Законот за вонпарничната постапка во делот за дверувањето на оставинската постапка на јавните бележници и спроведувањето на дејствијата што и претходат нејзе.

Во нашата земја во 1996 година беше донесен Законот за наследувањето, Сл.весник на РМ бр.47/96 од 12.09.1996 како материјален пропис со кој се уредува наследното право во објективна и субјективна смисла. Постапката е уредена со донесувањето на нов Закон за вонпарничната постапка (Сл.Весни на РМ бр. 9/2008 од 18.01.2008 година), со кој како и во Република Србија се внесоа промени па во делот на водење на оставинската постака беше регулирано истата да им се доверува на нотарите под услови и на начин предвидени со овој закон а и согласно последниот сега во примена Закон за нотаријатот (Сл.весник на РМ бр.72/2016 од 12.4.2016 година ... 233/2018).

Со ваквите активности на законодавните домови и во Република С.Македонија и Република Србија е заокружен целиот наследно правен систем и во двете земји и од материјален и од процесен аспект.

Од разработеното увидовме дека секој од двата наследно - правни системи си има свои карактеристики по кои се разликуваат еден од друг, но и дека имаат поголем број на заеднички особини отколку разлики.

Увидовме дека и во двата наследно - правни системи законското наследување се применува во случај кога оставителот не располагал со својот имот за време на животот на друг со закон дозволен начин.

Во контекст на ова се утврди дека иако на законот не му се дава примат како основ за наследување односно по закон се наследува оставина само доколку оставителот на располагал со оставината со тестамент , сепак во пракса резултатите, а и од нашето истражување се покажува дека сепак на законското наследување како основ за наследување отпаѓаат повеќе од 98,8 % од предметите кои им се доверени на нотарите а само во 1,1% од доверените предмети како основ за наследување е користен тестаментот.

Ваквите податоци ги потврдуваме од спроведеното истражување на подрачјето на Основниот суд Делчево каде од двајца нотари кои постапуваат на подрачјето на овој суд се приберени погоре цитираните податоци од кои се утврдува дека законското наследување претставува правило а додека тестаменталното наследување се јавува во многу ретки случаеви (во еден случај од 90 доверени предмети односно во еден случај од 92 доверени предмети).

Ваквата состојба со законското и тестаменталното наследува се должи и на фактот дека кај нас вклучително и во Република Србија не постои традиција за составување на тестаменти. Гледаме дека и денес тоа се сосема мал број на случаи.

Истите податоци се добиени и од истражувањето спроведено и на територијата на Република Србија каде нотарите во текот на 2019 година составиле еден, 10 или 50 тестаменти, што укажува дека и во Република Србија законското наследување го има приматот како основ врз кој се наследува во оставинската постапка.

Поради ваквата широка примена на законското наследување истото има големо значење.

Тука ја гледаме и потребата од неговото разработување и проучување и од материјален и процесно правен аспект, како за оној кој ги донесува законските одредби, за оној што ги применува

така и учесниците во постапката односно наследниците. Само на тој начин ќе може да се увидат позитивните страни на законските решенија на начелата, инситуциите во законот со кои се уредува наследно правниот однос а ќе се увидат и евентуалните недоследности за давање на евентуални насоки за промени во позитивните прописи, се со цел обезбедување адекватна правна зашитита и правна сигурност и давање можност за остварување на правата на поединецот како наследник, од овој граѓанско правен однос.

Ваквото значење на законското наследување беше мотив за мене да се посветам на изработка на овој труд. Изборот законското наследување на нашата земја да го споредам со соседната Република Србија го направив од причина што сметам дека од сите денес самостојни држави со кои Република С.Македонија беше во заедница после Втората светска војна со Република Србија има најголема сличност по менатлитет и навики, па од тие причини сакав да направам споредба колку се слични а колку се различни двете законодавства.

Од истражувањето гледаме дека и во двете држави се следат истите тенденции на кои се укажува од страна на Советот на Европа, па промените во овој дел во правосудниот систем во промените кои беа внесени со овозможувањето на нотарите односно јавните беленици да им се довери оставинската постапка се од значење за целиот правосуден систем.

Кога Комитетот на министри при Советот на Европа ја донел Препораката за мерките за спречување и намалување на товарот на судовите (Р(86)12) со истата даде насоки за земјите членки (каде и ние а и Република Србија сме членки) и со нив упати на намалување на вонсудските - неспорните работи од надлежноста на судиите. Главна цел на овие насоки на Советот на Европа е добивање на поефикасна и поквалитетна правна услуга, каде нотарите - јавните бележници можат да одговорат како повереници на судот а од друга страна судијата да се растерети од овие предмети а своето време и енергија да го насочи на останатите предмети од спорен карактер .

Од пренесувањето - можноста за доверување на овие предмети кај нас од 01.03.2008 година кога започна примената на Законот за вонпарнична постапка поминаа повеќе од 13 години а во Република Србија нешто повеќе од 7 години. Кај нас од искуството од ваквите измени доверувањето на оставинската постапка на нотарите се покажува како оправдано. Нотарите во вршењето на оваа делегирана надлежност дејствуваат брзо и ефикасно, при спроведувањето на оставинската постапка гарантираат правна сигурност и продонесуваат за забрзување на правниот промет а од друга страна судот е растеретен од неспорните предмети. Во постапувањето на нотарите се огледа висок професионализам, стручност за што во голем дел придонес, има одржувањето на редовни советувања и обуки во рамки на Коморите на нотарите - јавните бележници, каде има можност да се разгледуваат нејасните прашања, споделување на искуства а каде заедно учествуваат и судии и нотари кои го споделуваат своето искуство од оваа област а се со цел обезбедување правилна, навремена, ефиксна и правно осигурана услуга спрема учесниците на постапката.

Можноста од доверување на предметите заради спроведување на оставинската постапка го става на тест и јавното бележништво односно кај нас нотаријатот во двете земји колку оваа јавна

служба е способна и спремна да одговори и да ги носи новите предизвици што ги носи оваа делегирана надлежност.

Во таа насока и беше донесена погоре споменатата препорака на Советот на Европа, па доколку нотаријатот може да одговори ефективно и ефикасно на овие структурни промени на истиот да може да му се дадат покрај сега оставинската и други неспорни постапки а се со цел да може редовното судство да се растерети од неспорните предмети, со што би се намалил бројот на нерешени предмети и да се посвети на вистинската судска работа решавање на спорни предмети. Такви други постапки кои се спомнуваат во оваа препорака и со кои се предлага растеретување на судовте се склучувањето на останатите договори за семејниот имот, промена на лични податоци, признавање на татковство, да се одлучува за управување со имотот на лицата ставени под старателство, промена на личните податоци, водењето на трговските регистри (што кај нас веќе постои посебен орган Централниот регистар на РСМ, каде се води тговскиот регистар ) и слични.

Од спроведеното емпириско истражување, утврдивме дека сите предмети заведени за расправање на оставина им се доверуваат на јавните бележници односно нотарите на нивно постапување, а тоа доверување покажува позитивни резултати. Имено дел од доверените предмети се завршуваат во релативно краток временски рок и тоа секако во пократок рок од оној кај судот.

Спрема добиените резултати од истражувањето на територијата на градот Делчево овој рок во просек изнесува во рок од 1,5 до 3 месеци од денот на доверувањето на предметот.

Во однос на податоците од истражувањето спроведено на територијата на градовите Лесковац и Ниш овој рок во просек изнесува од 3 до 6 месеци од денот на доверувањето.

Исто така од големо значење е и фактот дека од спроведените постапки пред нотарите за периодот за 2019 и 2020 година на кој истото се однесува во постапките спроведени пред нотарите во Република С.Македонија нема изјавено приговори на нивите решенија, ниту пак од страна на судот на некој од нотарите му е одземен предмет. Слични беа резулатите и на територијата на Р.Србија па од испитаниците се утврди дека од тројцата нотари само кај еден од нив имало само еден приговор ( што е незначителна мала бројка имајки го во предвид факто дека тој нотар изјави дека имала во рабоа и составила 1200 смртовници) а и од страна на судот на истите не им е одземан предмет освен оние кои самите јавни бележници им ги вратиле на судовите поради нивната ненадлежност.

Ова напред кажано укажува дека во постапката пред нотарите/јавните бележници се заштитуваат интересите на учесниците во постапката, како на наследниците, така и, доколку има, на доверителите на оставителот, бидејки се преземаат сите дејствија во постапката што би ги преземал судот, а за што влијание има и независноста и стручноста на нотарите што претставува гаранција во поглед на пружената правна заштита.

Во тој поглед со измените на Законот за нотаријатот кои започнаа да се применуваат од 01.01.2017 година законот предвидува задолжително присуство на адвокат во постапката пред нотарот во својство на полнмошник за секој од учесниците на постапката.

Резултатите од извршеното интервјуирање на испитаниците покажаа дека дел од проблемите со кои и пред доверувањето на постапката кај јавните бележници односно нотарите, се соочуваше судството сепак остануваат и овде пречка за завршување на постапката во што пократок односно навремен рок. Така проблемот кој судството го имаше со уредното доставување на покана за рочиште за давање наследничка изјава сеуште постои како што изјавија испитаниците. Меѓутоа тоа е реалност и на овој проблем треба да се гледа како на нешто што секогаш ќе го има, имајки го во предвид и денешниот модерен начин на живот, големата миграција на населението која е карактеристична и за двете држави. Истите изјавија дека вложуваат и надпрофесионални напори и надвор од службеното работно време, а во насока на заштита на интересите на сите учесници во постапката и нејзиното навремено и ефикасно завршување и со цел странките да имаат што помалку трошоци при спроведувањето на постапката.

Од целокупното теориско и емпириско истражување се покажа дека наследно правните системи и на двете држави ги следат практичните тенденции во современото правосудство, па и двете земји тежнеат кон постигнување на целта во секој политички и правен систем а тоа е обезбедување на правна сигурност и правна заштита на секој граѓанин во остварувањето на неговите лични и имотни права, покрај политичките, социјалните и економските права.

Законодавствата и на двете земји имајки пред себе стратешка цел унифицирано и компактно наследно законодавство утврдиле кои се принципите кои треба да се задржат како традиционални а кои се новите тенденции и цели кои треба и вредат да се постигнат следејќи јаеволуцијата во наследното право во целиот свет.

10. ЛИТЕРАТУРА

1. Вовед во правото – Право (книга втора), Бајалџиев Д., Куманово, 1999
2. Вовед во римско право, Бери Николас со предговор, ревидирана биографија и речник со латински поими од Ернест Мецге, Просветно дело АД Скопје 2009
3. Галев Г., Дабовиќ – Анастасовска Ј.: Облигационо право, Скопје, 2008;
4. Галев Г., Дабовиќ – Анастасовска Ј.: Облигационо право (практикум), книга прва, Скопје, 2001;
5. Галев Г., Дабовиќ – Анастасовска Ј.: Облигационо право (практикум), книга втора, Скопје, 2002;
6. Галев Г., Дабовиќ- Анастасовска Ј., Облигационо право, ЦЕППЕ, СКОПЈЕ, 2009
7. Галев Г., Дабовиќ- Анастасовска Ј., Облигационо обичајно право, Прилози за обичајното право на македонскиот народ (том 1), МАНУ , Скопје, 2000
8. Групче А., Граѓанско право општ дел, Култура, Скопје, 1976
9. Живковска Р.: Општ дел на граѓанско право (практикум), Скопје, 2005;
10. .Живковска Р.: Општ дел на граѓанско право (воведни теми), Скопје, 2006;
11. Закон за облигационите односи , кометари, објаснувања, практика и предметен регистар Агенција АКАДЕМИК Скопје Скопје 2001 година
12. Законско наслеђивање у српском и европском праву, М-р Јелена Видиќ, Зборник радова Правног факултета у Новом Саду, 3/2005
13. Имотно (Граѓанско) Право Општ дел, Д-р Асен Групче, Култура Скопје 1983 година

14. Историја на право II, Поповска Б., Скопје, 2007
15. Избор на текстови од римското право, Поленак – Аќимовска М., Бучковски В., Скопје,2000
16. Јединствено породично право Европе-сан или јава савремене Европе, Олга Цвејиќ-Јанчиќ, Правни живот, Београд 2001
17. Коментар на Законот за наследувањето со обрасци од практична примена, Д-р Чавдар К., Агенција "АКАДЕМИК" – Скопје, Скопје 1996 година
18. Коментар о Закона о наслеѓивању (са судском праксом) Загреб 1964, Милан Креч, Ѓуро Павиќ,
19. Коментар о наслеѓивању Србије са судском праксом, Слободан Н. Сврцан, Крагујевац, 2004 година
20. Наследна права брачног и вонбрачног партнера, Слободан Н. Сворцан, Краљево 1999 година
21. Наследно право, Д-р Спировиќ – Трпеновска Љ., Скопје 2009 година
22. Наследувањето во Европа, Д-р Спировиќ Трпеновска Љ., Д-р Мицковиќ Д., Д-р Ристов А.,, културна установа Блесок, Скопје 2011
23. Наследно право, Д-р Мицковиќ Д., Д-р Ристов А., културна установа Блесок, Скопје 2011
24. Наследно право СФРЈ, Борислав Благојевиќ, Београд 1964 година,
25. Nasledno pravo u Jogoslaviji, Markovic Slavko, Savremena administracija. Beograd 1978 god.
26. Наследно право Ѓорѓевиќ, Ѓ.Владислав, Ниш 1997 година
27. Наследно право, Антиќ Б.Оливер, Народна књига Београд 1994 година,
28. Наследно право, Антиќ Б.Оливер, Народна књига Београд 2001 година,
29. Наследно право, Антиќ Оливер, Београд 2009 година
30. Наследно право - приручник за полагање правосудног испита, Антиќ Оливер, Слободан Панов, Београд 2005 година
31. Наследно право, Миле Хаџи Василев-Вардарски, Култура Скопје 1983 година,
32. Отступања од редовног правила законског наслеџивања на простору бивше СФРЈ, Д-р Јелена Видиќ-Трниниќ, Зборник радова Правног факултета Новог Сада, 2/2013.
33. Obligaciono pravo, Salma J., Novi Sad, 2007
34. Obligaciono pravo, Vućković M. Novi Sad, 1988
35. Obligaciono pravo, opći deo, Bikić A., Sarajevo, 2007
36. Основи на приватно право, Иницијатива, деликти, договори, стекнување без основ, Џејмс Гордли, Просветно дело АД Скопје 2009 година
37. Породично право 1- Брачно право, Олга Цвејиќ-Јанчиќ, Нови сад 2001
38. Практикум за наслеѓе, Вукашин Д.Ристиќ, Београд 2003
39. Римско право, Пухан И., Поленак – Аќимовска М.,Скопје, 1996;
40. Семејството во Европа XVI-XXI век, Мицковиќ Дејан, „Блесок" Скопје 2008 година,
41. Смањење наследног дела супружника у другом наследног реду до једне четвртине, Дејан Б.Ѓурѓевиќ, Правни живот, Београд, 2001 година
42. Упоредно породично право, Гордана Ковачек-Станиќ, Нови Сад 2002

43. Утицај адоптивног сродства на законска наследна права, М-р Јелена Видић, Зборник радова Правног факултета Новог Сада, 3/2006
44. Чешир, Норт и Фосет, Меѓународно приватно право од Џ.Џ.Фосет, Џ.М.Карутерс и сер Питер Норт, Академски печат Скопје 2010

Образец-1

ДО
ОСНОВЕН СУД
ДЕЛЧЕВО

Предмет; Барање на информации од јавен карактер

Почитувани, како студент на Факултетот за правни науки при МЕЃУНАРОДНИОТ СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“ ОД Свети Николе, потребни ми се информации кои Вашиот орган би можел да ми ги даде се со цел за изготвување на мојот мастер труд од областа на граѓанското право по предметот граѓанско-споредбено право на тема ЗАКОНСКОТО НАСЛЕДУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА - ЗАЕДНИЧКИ ОСОБИНИ И РАЗЛИКИ ВО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВЕН И ПРОЦЕСНО ПРАВЕН АСПЕКТ, во кој во моето истражување ми се потребни подолу наведените информации.

Ве молам да ми доставите податоци-информации за следниве прашања кои се од интерес на спроведувањето на ова истражување:

- За извештајните 2019 и 2020 година колкав број на оставински предмети се заведени во судот ?

- На колку нотари се распределуваат предметите од службеното подрачје на овој суд ?

- По колкав број на предмети им се поверени во работа заради спроведување оставинска постапка на секој од нотарите за 2019 и 2020 година ?

- Дали од доверените предмети има предмети кои од страна на нотарите му се вратени на судот од било која причина (неможност за постапување, изземање), или пак судот има одземено предмети од нотарите поради нивно неажурно работење ?

- Дали за извештајните 2019 и 2020 година до овој суд како надлежен за постапување по приговори против решенијата на нотарите биле поднесени и колку ?

Студент-кандидат
Наташка Атанасовска

Образец-2

ДО
НОТАР Богданка Димитровска
ДЕЛЧЕВО

Предмет; Барање на информации од јавен карактер

Од Наташка Атанасовска од Делчево, ул.„Кеј на ослободувањето“ бр.25

Почитувани, како студент на Факултетот за правни науки при МЕЃУНАРОДНИОТ СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“ ОД Свети Николе, потребни ми се информации кои Вашиот орган кои истиот би можел да ми ги даде се со цел за изготвување на мојот мастер труд од областа на граѓанското право по предметот граѓанско-споредбено право на тема ЗАКОНСКОТО НАСЛЕДУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА - ЗАЕДНИЧКИ ОСОБИНИ И РАЗЛИКИ ВО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВЕН И ПРОЦЕСНО ПРАВЕН АСПЕКТ, во кој во моето истражување ми се потребни подолу наведените информации.

Ве молам да ми овозможите спроведување на интервју со Вас за целите на ова истражување, со која анкета на ќе ви бидат поставени прашањата:

- Колку предмети годишно им се доверени на нотарите годишно и колку од нив се решени ?

- Дали освен оставинските предмети на нотарите им се отстапени и други процесни работи од надлежноста на судвите?

- Дали и колку често јавниот бележник/нотарот спроведува попис и процена на оставината ?

- Дали имало предмети каде нотатор/јавниот бележник одредувал привремени мерки на обезбедување ?

- Дали нотарот вратил предмети на одлучување во судот и до кои причини ?

- Колку долго трае постапката за расправање на оставината пред нотарот/јавниот бележник ?

- Дали и колку често се изјавуваат приговори/жалби на решенијата за наследување донесени од страна на нотарот/јавниот бележник ?

- Со кои проблеми во врска со спроведувањето на постапката за расправање на оставината нотарите/јавните бележници се сретнуваат во пракса?

- Дали судот на нотарите/јавните бележници им доверува спреведување на некои други постапкат освен оставинската постапка ?

- Колку според мислењето на нотарите доверивањето на оддедни постапки и процесни дејствија ги растерети судовите и допринесе за поголема ефикасност на правосудниот систем ?

- Дали според мислењето на нотарите би било ефикасно да им се довери на спроведување уште некои постапк, порај оставинската ? Кои постапки би можеле тоа да бидат ?

Во колку од спроведените оставински постапки се донесени решенија за законско наследување а во колку од нив се донесени решенија за тестаментално наследување ?

Студент-кандидат

Наташка Атанасовска

Образец-3

ДО
НОТАР БОРО АТАНАСОВСКИ
ДЕЛЧЕВО

Предмет; Барање на информации од јавен карактер

Од Наташка Атанасовска од Делчево, ул.„Кеј на ослободувањето“ бр.25

Почитувани, како студент на Факултетот за правни науки при МЕЃУНАРОДНИОТ СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“ ОД Свети Николе, потребни ми се информации кои Вашиот орган кои истиот би можел да ми ги даде се со цел за изготвување на мојот мастер труд од областа на граѓанското право по предметот граѓанско-споредбено право на тема ЗАКОНСКОТО НАСЛЕДУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА - ЗАЕДНИЧКИ ОСОБИНИ И РАЗЛИКИ ВО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВЕН И ПРОЦЕСНО ПРАВЕН АСПЕКТ, во кој во моето истражување ми се потребни подолу наведените информации.

Ве молам да ми овозможите спроведување на интервју со Вас за целите на ова истражување, со која анкета на ќе ви бидат поставени прашањата:

- Колку предмети годишно им се доверени на нотарите годишно и колку од нив се решени ?

- Дали освен оставинските предмети на нотарите им се отстапени и други процесни работи од надлежноста на судвите?

- Дали и колку често јавниот бележник/нотарот спроведува попис и процена на оставината ?

- Дали имало предмети каде нотатор/јавниот бележник одредувал привремени мерки на обезбедување ?

- Дали нотарот вратил предмети на одлучување во судот и до кои причини ?

- Колку долго трае постапката за расправање на оставината пред нотарот/јавниот бележник ?

- Дали и колку често се изјавуваат приговори/жалби на решенијата за наследување донесени од страна на нотарот/јавниот бележник ?

- Со кои проблеми во врска со спроведувањето на постапката за расправање на оставината нотарите/јавните бележници се сретнуваат во пракса?

- Дали судот на нотарите/јавните бележници им доверува спреведување на некои други постапкат освен оставинската постапка ?

- Колку според мислењето на нотарите доверивањето на одделни постапки и процесни дејствија ги растерети судовите и допринесе за поголема ефикасност на правосудниот систем ?

- Дали според мислењето на нотарите би било ефикасно да им се довери на спроведување уште некои постапк, порај оставинската ? Кои постапки би можеле тоа да бидат ?

Во колку од спроведените оставински постапки се донесени решенија за законско наследување а во колку од нив се донесени решенија за тестаментално наследување ?

Студент-кандидат

Наташка Атанасовска